**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“-**

**Филозофски факултет**

**Скопје**

**Институт за историја**

**Магистерски труд**

# Политичката улога на жената во Византија

# (1261 – 1453 )


Ментор: Проф.д-р Александар Атанасовски

Кандидат: Никица Тасевска

Бр. Индекс 3885/10


**Скопје, 2013**

# Содржина

**Вовед** ........................................ 5

**Глава Прва** ........................................ 11

Правата и можностите на жената за политичко дејствување ........................................ 11

1.1 Правата на жената според канонските и световните закони ........................................ 12

1.2 Местото и улогата на жената во општеството ........................................ 15

1.3 Местото на жените во општеството во зависност од нивната класна припадност ........................................ 16

1.4 Миразот средство за политичко дејствување ........................................ 19

**Глава Втора** ........................................ 23

Жената во дипломатските игри на Византија ........................................ 23

2.1 Брачните врски како можност за унапредување во службата ........................................ 24

2.2 Жената како „подарок" во византиската дипломатија ........................................ 31

**Глава Трета** ........................................ 35

Жените во политичките настани од периодот на владеење на Михаил VIII Палеолог ........................................ 35

3.1 Теодора Палеолог сопругата на Михаил VIII Палеолог ........................................ 36

3.2 Односите помеѓу Михаил VIII Палеолог и Еулогија и нејзините ќерки Теодора и Марија ........................................ 45

3.2.1 Патешествијата на Еулогија и Тамара ........................................ 46

3.2.2 Војната помеѓу вујкото и внуката ........................................ 53

**Глава Четврта** .......... 61

Жените кои оставиле најголем печат за време на Палеолозите .......... 61

4.1 Ирина Монфератска Палеолог .......... 63

4.2 Симонида .......... 75

4.3 Ана Савојска Палеолог .......... 85

4.4 Елена Драгаш Палеолог .......... 104

**Глава Пета** .......... 114

Моќните Кантакузини ( погледната низ три генерации на жени ) .......... 114

5.1 Теодора Кантакузина .......... 115

5.2 Ирина Асен Кантакузина .......... 117

5.3 Елена Кантакузина Палеолог .......... 122

**Заклучок** .......... 126

**Извори и литература** .......... 130



Симболот на Византија, од времето на Палеолозите ( снимка направена 30.05.2009, Истамбул, Вселенска Патриаршија )

*„ Жената е створена од реброто на мажот, а не од ногата па да биде газена, ниту од главата па да биде надмоќна, туку од градите за да биде рамноправна, испод раката за да биде заштитена и близу срцето за да биде сакана”*



Византиски благородннички (http://www.fashion-era.com )

## Вовед

Византиската империја успеала да се задржи на историската сцена околу 1100 години. Меѓу средновековните држави таа опстојала најдолго. Низ сите тие години империјата претрпела голем број на издигнувања и падови и претрпела многу промени. Така една од промените што се случиле се однесувала на положбата на жената и односот кон неа во Византиската империја . Како и се друго, нејзината положба се менувала постепено. Во понатамошниот дел од трудот ќе се задржиме само на политичата улога на жената во последните неколку векови од постоењето на Византиската империја.

Без сомнение, жената одиграла значајна улога во Византиската империја, треба да се постават прашањата , колку и дали им било дозволено на жените да учествуваат во политичките и општествените збиднувања, дали имале еднакви права со мажите, дали жените од различни општествени слоеви имале исти права? Одговарајќи на овие прашања можеби и ќе се согледа состојбата и положбата на жената во XIII – XIV век што е и цел на овој магистерски труд.

Во последните векови од постоењето на Византија се случиле промени во однос на положбата на жената, но тие промени се однесувале воглавно на аристократијата односно само и за нив изворите оставиле податоци. За животот на жените од другите општествени слоеви и воопшто земено за пониските општествени слоеви се оставени многу мал број на податоци па затоа и е тешко да се согледа положбата на жената од овие редови од општеството. Вмешаноста на благородничките во политичките настани им дало можност на тогашните историчари пишувајќи ги збиднувањата да остават белешки и за императоркита. Всушност така и ги црпиме информациите за нив, многу малку се случаевите каде што делата се посветени само на ликот на една жена. Единствено во житијата на монахињите се опишани целосни животот и делата на една жена. Типиците[1] исто така претставуваат важен

[1] Типик : Зборник во кој се даваат упатства за извршувањето на црковната служба. Види : Ѓорги Поп - Атанасов , *Речник на старата македонска литература* , ( Скопје , 1989 ) 280.

извор за животот на жените. Во нив , покрај тоа што се одредува начинот на живот во манастирите, се среќаваат и податоци за економските и социјалните активности на основачките на манастирите и што е најзначајно, тие биле пишувани и од жени. За жал, многу е мал бројот на зачувани типици, а некои од тие што се зачувани се делумни. Неколку типици се зачувани и од периодот на Палеолозите. Еден од тие типици е и типикот од Теодора Палеологина, жената на Михаил VIII и мајка на Андроник II, која во 1282 година го обновила манасатирот во Липс за која цел бил составен и типикот. Овој манастир бил сочуван се до падот на Империјата, а исто така црквата во овој манастир послужила и како погребно место за дел од членовите на семејството.[2] Како и да е, информациите со кои располагаме за жената во Византија се скудни и затоа сме ограничени, потребни се уште истражувања кои ќе ја расветлат состојбата на жената во Византија.

Имајќи во предвид дека Византијците биле конзервативни по природа не ги прифаќале така лесно промените, тие сметале дека промените можат да ги доведат само кон полошо. Како што објаснува и Доналд Никол во своето дело „ The Byzantine Lady „ постарите лица дури и на новиот начин на облекување кој што почнале да го применуваат младите го предвидувале крајот на светот ".

Најголемите противења за промените кои се однесувале на положбата на жената, доаѓале од Црквата од старомодните и фанатични епископи и монаси. Според Јован Златоуст „ жената треба да биде видена, но не и слушната". Од Црквата жените биле често осудувани затоа што во црквите се појвувале со накит на себе и нашминкани. Од самата Црква произлегувале и ставовите дека женат не е еднаква со мажот, во очите на Црквата жената засекогаш останала само грешник, Ева, која го натерала Адам да го проба забранетото овошје и таа била виновна затоа што биле прогонети од рајот. Погледите на Црквата кон жената и нејзините права тешко се менувале и се до денешно време тие промени Црквата тешко ги прифаќа, затоа што се плаши дека на тој начин ја губи својата моќ и контрола.

[2] За типиците види повеќе кај: Angeliki E. Laiou ,Observations on the Life and Ideologu of Byzantine Women , Byzantinische Forschungen IX, 1985, Gender , Society and Economic life in Byzantium ( Brookfield , Vermont 1992 ) . 67 – 102.

Често жените учествувале и во верските расправии иако тоа наидувало на неодобрување од Црквата. Ваквите теолошки расправии, им овозможувале на императорките да ја надополнат неможноста од учество во политичките случувања. Дури и Теодора, сопругата на Јустинијан I, зела учество во една таква расправија кога застанала на страната на монофизитството кое што всушност било осудено од Црквата и од Јустинијан I. Забраната на монофизитството од страна на Црквата и Јустинијан I не ја спречило Теодора да застане на страната на монофизитите. Таа нема да биде ни последната императорка која ќе му се спротивстави на одлуките на својот сопруг. Во XIII век имаме дури и пожестока вмешаност на жените во теолошките расправии. Кога во 1274 год. Михаил VIII ја прифатил Лионската унија во самата Византија предизвикало големи немири и спротивставувања. Најжестоки противници на унијата и Михаил VIII, се покажале неговите најблиски. Неговата сестра Ирена – Евлогија и нејзината ќерка Теодора биле предводнички на антиунионистичкото движење, поради што и биле протерани од Михаил VIII. Додека во XIV век за време на расправиите околу исихазмот имаме случај каде што Ирина - Евлогија Хумн Палеологина остро го осудува исихазмот, а од друга страна Ирина Асен Кантакузина го подржувала исихазмот како и се друго што било подржувано и одобрувано од нејзиниот сопруг Јован VI Кантакузин.

Најмоќни фамилии од возобнувањето па се до пропаѓањето на Византиската империја биле Палеолозите и Кантакузините, па така и највлијателните жени во овој период или директно потекнувале од овие две фамилии или биле во сродство со нив. Политичката улога на жените(императорките) во овој период станала се поголема иако таа политичка моќ била сеуште индиректна. Всушност, императорките ги остварувале своите цели преку своето влијание врз своите спорузи или синови. Секако немале сеуште целосна слобода, не им било дозволено сами да излегуваат, но барем небиле постојано затворени во своите одаи и не се воздржувале да го искажат своето мислење и дури да преземат акции на своја рака. Ирина Монфератска Палеологина е еден таков пример, таа самоиницијативно ги организира браковите на своите деца иако, тоа се косело со политиката на нејзиниот сопруг Андроника II Палеолог. Од семејството на Кантакузините имаме доста женски личности кои биле вмешани во политиката на Византија. Теодора Кантакузина,

мајката на Јован VI Кантакузин била главниот финансиер на неговите војни, но и основач на неколку манастири на кои ѝ им подарувала и земјиште од што се согледува дека Кантакузините биле, не само политички туку и економски моќни, поточно нивната политичка моќ произлегувала од нивната економска моќ. Со слабеењето на моќта на овие фамилии слабеела и моќта на Византија. Во безизлезните ситуации и како дел од својата политика, често овие две фамилии како пиони ги користеле и своите ќерки. Бракови со „неверници", нешто што само неколку векови било незамисливо, овие две фамилии ги практикувале само за остварување на своите цели. Јован VI Кантакузин ја омажил својата ќерка Теодора за Турскиот султан Орхан, Михаил VIII својата вонбрачна ќерка ја испратил на татаринот Ногај, ова се само дел од ваквите бракови. Браковите биле договарани од родителите за да ги остварат своите економски или политички цели. Поаѓајќи во брак жените немале многу права, нивната задача била само да обезбедат здраво поколение. Единствено право кое што го имале било правото над миразот кој што го понесувале со себе во бракот. Тој имот им бил неотуѓив и доколку сопругот се осудел на таква постапка, можело да му се суди. Браковите , според канонитe , требало да бидат склучувани помеѓу 12 годишни девојчиња и 14 гоишни момчиња, но ретки биле придржувањата кон овие правила. Андроник II Палеолог ја омажил својата ќерка Симонида на нејзина пет годишна воздраст за 40 години постариот Милутин. Ваквите бракови биле причина за големиот морталитет или неплодност кај жените, што било случај и со Симонида Палеолог.

Улогата на жената во овој период, била да биде само добра сопруга и мајка. Но, благодарејќи на нивната интелигенција и интриги, жените, односно само благородничките успеале да се здобијат со политичка моќ.

Некои од нив имаат и свои монети. Прва жена претставена на монета била Софија, жената на Јустин II. Императорката Ирина била претставувана сама и со својот син Константин VI. Елена Драгаш жената на Мануел II е претставена на

Слонова коска која сега се наоѓаа во Лувар.[3] Исто така и Ана Савијска како што ќе видеме и подоцна имала монети заедно со својот син Јован V Палеолог.

Сите овие жени на најразличен начин се обидувале и добар дел од нив успевале да се пробијат во византискиот политички свет. Не само што успеваат да се пробијат, туку и ги постигнуваат своите цели. Солун, вториот по значење град во империјата, императорките Ирина Монфератска, Ана Савојска и многу други го направиле своја престолнина и од таму делувале како посебни владетели.

Многу е погрешно мислењето и погледите за тоа дека жените во средниот век немале никакво политичко влијание, од тоа што ќе биде изложено подолу ќе се види дека жените знаеле и владееле со огромната Византиска империја, можеби не директно, но често на нив било оставено да се реши судбината на престолот или на самата империја. Се покажале дури и поодлучни од самите императори. Сите од изложените жени во овој труд, се достојни за почит, затоа што оставиле печат во историјата, а и го менуваат нашиот поглед за средниот век и за Византиската империја.

[3] Elisabeth Piltz 21st International Congress Byzantine Studies, (London, 2006)

*„Зошто, законот на рано христијанството ги казнува неверствата на жените со неколку казни, а мажите кои ќе извршат неверство не добиваат никаква казна според истиот тој закон. Очигледно, законот бил создаден од маж. Јас не го прифаќам овој закон. Јас неможам да го одобрам овој обичај....” - Св. Грегориј*

## Глава Прва

## Правата и можностите на жената за политичко дејствување



**Corpus Iuris Civilis** (http://www.ubs.sbg.ac.at )

## 1.1. Правата на жената според канонските и световните закони

За да можеме да зборуваме за политичката улога на жената и нејзиното влијание во политичките збиднувања, мораме првин да разгледаме колку , воопшто и било дозволено на жената да се вклучи во општествениот живот и колку тогашните канонски и световни права и го дозволувале тоа.

Во овој период може да се каже дека црквата го диктирала животот на луѓето , а односот на црквата кон жената во тој период бил како таа да е носител на сето зло. Па колку би можела жената да дејствува политички со одредби какви што ги носела црквата.

На еден од црковните собори односно на Трулскиот црковен собор одржан 692 година во Труло, биле донесени неколку канони кои се однесувале токму на жената.[4] Канонот 70 им забранувал на жените да зборуваат за време на црковната служба, притоа цитирајќи го Св. Павле со добро познатите инструкции за жените да молчат во црква. Наместо тоа тие треба да бидат послушни и можат да се консултираат т.е да ги прашуваат своите сопрузи дома, ако тие сакаат да научат нешто „ срамота е за жена да зборува во црква".[5] Во Византија црквата како и секаде, жените систематски ги рангирала после мажот.[6] Самиот овој канон го покажува својот став на црквата кон жената. Таа целосно била отфрлена од активното учество во литургијата. Таа била само нем сведок. Немајќи право на збор значи и немала право на свое мислење. Кога не и било дадено право на збор, како можеме да помислиме дека ѝ било дадено право на било какво влијание во црквата или во општеството. Но, на некој начин морале да најдат некои пропусти во каноните за да се вклучат во политичкиот живот. Сепак постоело начин да се влијае во црквата, а тоа било секако преку замонашувањето.

[4] Judih Herrin - , *Femina Byzantina* , *The Council in Trullo on Women*,. Dumbarton Oaks Papers vol.46 (Washington , 1992 ) 97.
[5] Ст.Новаковић , *Матија Властара Синтагма,* Азбучни зборник византијских црквених и државних закона и правила. Словенски превод времена Душанова. ( Београд , 1907 ) 206 ; Herrin - , *Femina Byzantina* , *The Council in Trullo,* 100 .
[6] Robert F. Taft , *Women at Church in Byzantium Were, When , and Why?* , DOAKS vol. 52(Washington , 1998 ) 27

Во 48 канон од Трулскиот собор, имаме уште една ситуација која се однесува на жените. Во овој канон се разгледувал проблемот што да се преземе со жените на поповите кога тие ќе бидат унапредени во епископи. Женетите мажи можеле да станат бискупи, но за да ја задржат оваа висока позиција морале да бидат во целибат. Тоа значело дека нивните жени морале да се согласат да го прекинат бракот, со цел да ги ослободат нивните сопрузи за епископските должности. Советот донел решение дека мажите треба да ги убедат своите сопруги да се замонашат во различни региони. Замонашените сопруги можеле да стигнат до титулата ѓакониси.[7] Сепак за ѓакониса не можела да биде поставена додека не наврши 40 години.[8] Можеби и не изгледа како голема титула, но за некој што немал ни право да зборува во црква, оваа позиција и тоа како била значајна сепак и како ѓакониси имале некои привилегии и право да донесуваат одлуки па макар и во својот манастир.

Законите кои најчесто се однесуваат на жената без разлика дали се тоа црковни или световни, се законите кои се однесуваат на бракот. Во овие закони е претставено правото на жената при стапувањето во бракот, правото на втор брак, но и нејзините права околу миразот.

Во Новелите на Јустинијан поточно во 2 новела 3 поглавје стои дека ,, жената со стапувањето во втор брак ризикува да го загуби утринскиот подарок."[9] Со губењето на тоа право таа всушност ја губи својата финансиска моќ, секогаш финансиската моќ е поврзана со политичката. Поголема економска моќ = поголема политичка моќ.

Новела 22 , 23 поглавје, кога жена се мажи повторно, откако ќе помине една година жалост може да го наследи имотот на својот прв сопруг, но само доколку нема деца. Ако има деца тогаш имотот се дели на еднакви делови со што жената добива дел еднаков на делот на едно од децата[10] Новела 22 , 24 поглавје, објаснува како имотот го наследува еден од родителите т.е живиот родител само ако децата

[7] Judih Herrin - , *Femina Byzantina* , 101.
[8] Ст.Новаковић, *Матија Властара Синтагма,* 178.
[9] Scott S.P - , *The Civil Law* , Cincinnati 1932( издание објавено на веб страната на http://webu2.upmf-grenoble.fr ) ; Corpus Iuris Civilis , Novellae , volume tertium , ( Berolini , 1895 ), Nov. II, caput III, 13.
[10] Novellae , volume tertium ,Nov. XXII, caput. XXIII, 164. ; Эклога - Избранные законы , Академия Наук СССР ( Москва , 1965 ) Титул II , 46 – 47. Scott S.P - , *The Civil Law* ,

починале предходно,[11] од што можеме да заклучиме дека жената можела да стане целосен наследник на имотот доколку немало деца или ако тие умреле пред нив. Уште еден начин да го зачува имотот од својот маж, било да не се премажи повторно, нешто што се случило и со Теодора Кантакузина мајката на Јован VI Кантакузин која всушност била и главниот финансиер на политичките подвизи на Јован Кантакузин.

Од друга страна Лаодикејското 11-то правило го кажува следното: на жените им се забранува да бидат презвитерици и да претседаваат пред другите жени во црквата, затоа што би имале чин учители бидејќи словото Божјо на сите жени им наредило да молчат и да се учат, а не да учат. Се прави исклучок само кога жената е игумена на манастир, и тогаш има право да преседава пред монахињите и калуѓерките.[12] Повторно се враќаме на оној 70-ти канон од Трулскиот собор каде што беше кажано дека жената несмее да зборува во црква.

Овие забрани кон жената одат дури до таму што имаме и одредби како што е 11 –то правило на Гангарскиот собор според кое: се предвидува да бидат казнети жените кои по своја волја наместо својата женска облека облекле машка облека.[13] Ова правило го заедов само како за пример до каде оделе забраните кон жената и да се увиди нејзината положба.

За разлика од досега спомнатите закони и правила во Новелите на Лав VI среќаваме и закони кои еднакво ги третираат и мажот и жената, па дури и некои од нив се во полза на жената. Ќе ги наведам 26-та и 27-ма новела, кои се однесуваaат на жената да може сама да посвојува деца. Новела 20-та се однесува на тоа колку и што се наследува доколку еден од сопружниците умре. Во случај да умре мажот, жената го добива 1) назад својот мираз 2) утринскиот подарок[14] и 3) дел од имотот на сопругот еднаков на една четвртина од 1) и 2) земени заедно, а

---

[11] Novellae , volume tertium , Nov. XXII, caput. XXIV 165 – 166 .
[12] Ст.Новаковић, *Матија Властара Синтагма,* 205.; Robert F. Taft „*Women at Church* ... “ *32*
[13] Апостол Павле до Коринтјаните VII, 24 „*Свето писмо на Стариот и Новиот Завет*” (Скопје 1990). *Нов Завет* 214.
[14] Земјишен подарок.

во случај жената да умре мажот нема да го добие ни миразот ни утринскиот подарок.[15]

Во 106-та новела повторно се повторуваат истите правила како и од новелите на Јустинијан дека доколку жената се премажи го губи наследството од својот покоен сопруг, тука стои и уште нешто, таа несмее да го вклучи имотот во својот тестамент. Новелата 48 во која што жените се исклучени од правото да бидат сведоци на склучувањата на бизнис договорите и за склучување на тестаменти. Аргументот за ова ново правило било дека жена нетреба да се појавува на места каде што се присутни многу мажи и да се мешаат во работи кои се ислкучиво машка обврска.

Од Новелите на Лав VI произлегува дека жените само во ограничени случаеви имале еднакви права со мажите.[16]

Од сите досега разгледани закони можеме да утврдиме дека единствено право жените имале врз својот мираз. Што всушност во некои случаеви испаднало доволно за да можат да се вклучат во општествениот и политичкиот живот.

## 1.2. Местото и улогата на жената во општеството

Од претходната потточка видовме според законите кои сé права ги имала жената и колку ѝ било дозволено да дејствува политички, сега ни преостанува да видиме какво место и која улога ѝ била дадена на жената во општеството и колку тоа место и улога и овозможувале политички да се вклучи во политичкиот живот.

Во средниот век на жената во Византија и воопшто и било дадено одредено место во општеството. На жената не и било дозволено сето она што му било дозволено на мажот.

[15] Karsten Fledelius „ *Woman's position and possibilities in byzantine society, with particular reference to the novels of Leo VI,,* JÖB 32.2. ( Vien,1982) 428 – 429.
[16] Исто 431.

Всушност, политичкиот и јавниот живот на жените бил стриктно ограничен. Нив не им било дадено место во државната хиерархија, црквата или војската. За „добра" жена се сметала само онаа која се придржувала до нормите, односно оние жени кои ги извршувале четирите зададени улоги : девственост ( зачувување на невиноста дури да се мажат) , сопруга, мајка и вдовица. Додека за „лоши " жени се сметале сите тие кои што не се придржувале кон зададените норми каков што бил случајот со проститутките и прељубниците. Како сопруги, мајки и вдовици жените биле одговорни за одгледување на децата. [17] Најважната улога кој што им била дадена на жената била раѓањето и како мајки одгледувањето на децата и тоа не само физичка него и духовна грижа, улога за која и најмногу била величана,[18] а после мајчинството наредна значајна улога која што и била дадена било одгледувањето и водењето на домаќинството.[19] Имаме и случаеви каде што жената е таа која се грижи за финансиите во домот, односно нејзе ѝ е дадено да раководи со финансиите на домот. [20]

Од ова можеме да заклучиме дека местото на жената било само во домот, а единствени грижи децата и домот. Ваквата нејзина положба ја ограничувала и нејзината можност за политичко дејствување, но можноста да се грижи за финансиите и давале можност за влијание.

## 1.3. **Местото на жените во општеството во зависност од нивната социјална припадност**

Правата и можностите за уклучување на жените во византиското општество секако зависело од нивната социјална припадност. За жал многу се скудни податоците за најниските слоеви од општеството, а најмногу информации имаме за

---

[17] Liz James , *Men , Women, Eunuchs : Gender , Sex, Power,* in ,*The Social History of Byzantium* , - Edited by John Haldon ( Oxford, 2009 ) 35.
[18] Алис Мери – Талбот , *Жена* , Гиљелмо Кавало , *Византинци,* ( Београд, 2006 ), 149.
[19] Liz James , *Men , Women, Eunuchs. 35*
[20] За тоа повеке ќе видиме во наредната точка кога ќе зборуваме за жените според нивната класна поделба.

аристократијата кои што и всушност имале најголеми шанси за општествено делување. Затоа тука повеќе ќе се задржиме на аристократијата, надевајќи се дека понатамошните истражувања ќе не донесат до повеќе информации и за пониските слоеви.

Колку пониско се наоѓале на општественото скалило толку помали биле шансите за одредено политичко влијание. Најмалку информации имаме за жените кои живееле на село, затоа и од нив ќе почнеме. Информации што ги имаме за жените се однесуваат на тоа дека поголемиот дел од своето време го поминувале надвор од своите домови односно работејќи на нивите и грижејќи се за добитокот.[21] Нивното образование исто така било запоставено. Ова се единствените информации што ги имаме за овие жени од што јасно можеме да видеме дека немале воопшто никакви шанси да се вклучат во какви и да било економски или политички улоги. Ситуацијата со жените од средниот и високиот слој била поинаква. Тие имале поголеми можности за економско и политичко дејствување или барем економско.

Жените од повисоките слоеви понекогаш биле и сопственички на дуќани или работилници. Во изворите се спомнуваат жени кои биле сопственички или косопственички на продавници на млечни продавници, млинови, пекари, дури и менувачници, а исто така учествувале во трговијата и вложувале во рударството.[22]

Овие не аристократски жени имале сепак значајна улога во општеството. Речиси сите пристапи до политичкиот живот им биле забранети, тие за разлика од аристократските жени[23] имале многу ограничено влијание врз политиката во империјата. Сепак тие земале учество во востанија или бунтови, кои понекогаш завршувале со големо насилство. Жените биле најжестоки учесници во востанието кога Михаил се обидел да ја отстрани Зое од власт. Псел бил импресиониран од бројот и насилството на жените кои се заканувале дека ќе ја запалат палатата и ја

---

[21] Талбот ,*Жена* , Гиљелмо , *Византинци,* 164.
[22] Исто 165.
[23] За кои ќе зборуваме нешто подолу во ова поглавје.

повикувале Зое да се врати. Големо учество зале и во востанието кое ставило крај на владеењето и на животот на Андроник I.[24]

За разлика од досега споменатите слоеви кои како што видовме или воопшто немале никакво влијание во општеството или имале некое минимално влијание, аристократијата имала поголема можност за политичко вилијание. Дел од овие аристократски жени ја искористиле својата положба во општеството и успеале политички да дејствуваат па дури и да ги остварат своите цели. Секако најголем број на податоци имаме за овој аристократски слој и благодарение на тие податоци можеме да ја согледаме нивната политичка инволвираност. Најголемото политичко влијание, а секако и најмногу информации имаме за владеачките фамилии. Тоа се должи секако поради нивната директна инволвираност во настаните.

Аристократките се појавуваат како значаен елемент во општеството и политиката особено по XI век. Во овој период не станувало збор само за некоја ретка и исклучителна инволвираност каков што бил случајот со Теодора жената на Јустинијан или случај со Ирина. По XI век се случува инволвираност на една цела категорија на жени во јавниот живот. Некои од нив дејствувале како Императорки, водејќи своја администрација, каков што бил случајот со Ирина Монфератска во Солун. Понекогаш тие раководеле со целата империја или со делови од неа. Тука ќе го спомeнеме името на Ана Савојска. Најчесто тие управувале со своите машки роднини, нешто што го направиле неколку женски членови од фамилијата на Кантакузините.[25] Правно гледано, жените можеле да се најдат на престолот како самостојни владетели, но ваквото владеење се сметало за непрописно и неприкладно.[26]

За време на Палеолозите жените т.е аристократијата зела активно учество и во религиозните расправи. Добро се познати спротивставувањата на Евлогија и

[24] Angeliki Laiou , *The role of women in Byzantine society* , *Jahrbuch der Österreichischen Byzantinistik* , *31/1 (Wien, 1981)*, 252.
[25] Angeliki Laiou , *The role of women in Byzantine society,* 250 ; Талбот , *Жена* , Гиљелмо Кавало , *Византинци,* 178.
[26] Талбот , *Жена* , Гиљелмо Кавало , *Византинци,* 178.

нејзините ќерки на унионистичката политика на Михаил VIII Палеолог.[27] Самата оваа инволвираност на аристократијата во верските расправи ја одсликува и нивната политичка улога.[28]

Единствената работа по која што се разликувале аристократските жени[29] од жените од преостанатите општествени слоеви е тоа што на некој начин биле вклучени во политичкиот живот во Византија.[30]

## 1.4. **Миразот средство за политичко дејствување**

Во претходната подглава видовме дека жените имале определени економски права, кои што всушност произлегувале од нивната контрола над сопствениот мираз. Миразот, на жените им ја пружал нивната економска, но и политичка моќ. Миразот се користел во политичките игри, често се случувало миразот да стане причина за склучуваењ на брак или да стане повод за судир каков што е примерот со Михаил VIII Палеолог и Бугарија, т.е Константин Тих за Месемврија и Анхијал.[31] Во ова поглавје ќе видиме колку миразот им овозможувал на жените политички да влијаат и колку самата сопственост над миразот ги зглоемувала нивните права и слободи.

Миразот претставувал подарок за мажот од фамилијата на жената, со цел да се подобри економската состојба за да може да се одгледува семејство.[32]

Според Димитриј Хоматијан правото над миразот првенствено по смрта на жената го добива наредната генерација односно нејзините деца, а втора опција биле нејзините родители. Сопругот немал право да го присвои или да го продава

[27] За овие настани ќе зборуваме подолу во трудот.
[28] Angeliki Laiou , *The role of women in Byzantine society*, 251.
[29] Ова се однесува на владеачките фамилии т.е на царицие и принцезите
[30] Талбот , *Жена* , Гиљелмо Кавало , *Византинци*, 178.
[31] За ова ќе зборуваме подетално во нредните поглавја.
[32] Despina White , *Property rights of women: The changes in the Justinian Legislation regarding the dowry and the paraphema*, JÖB 31/1 ( Wien, 1981 ) 539.

миразот само во исклучителни ситуации т.е ако се работело за преживувањето на семејството првенствено на децата.[33]

Миразот на жените им ја пружал нивната слобода и најголемото право кое што го имале. Голем дел од нив успеале да го искористат тоа на најдобар можен начин т.е зглоемувајќи си ги преку миразот своите права.[34]

Во XIV век имаме примери каде што жените ја преземаат административната работа над своите миризи[35]. Пример за тоа е Ирина Монфератска Палеологина која заминала на својот мираз, односно Солун.[36]

Правата на жената над миразот биле одредени со посебни закони. Овие закони Јустинијан ги внел во своите Новели. Овие права во однос на миразот важеле и не биле менувани се до пропаста на Византија.

Со 97-та новела, 5-то поглавје од новелите на Јустинијан било предвидено следното: по смртта на сопругот имотот односно миразот на жената му се враќа назад на таткото на жената со тоа што доколку жената повторно се мажи, таткото е обврзан во вториот брак да го даде истиот имот што го дал и во првиот брак.[37]

На оваа новела т.е закон, Византијците особено се потпирале при склучувањето на политички бракови, кога како мираз давале дел од својата територија, надевајќи се дека при разводот или при смртта на сопругот ќе успеат да го вратат својот мираз т.е својата територија назад. Ќе го споменам тука примерот со Симонида и српскиот крал Милутин, кога Андроник II морал веќе изгубените територии да ги даде како мираз надевајќи се дека како такви еден ден ќе успее да си ги врати назад.[38]

---

[33] Angeliki Laiou , *The role of women in Byzantine society.* 237
[34] Кога подоцна ќе зборуваме за некои од благородничките ќе видиме на што точно се мисли и како успевале да влијаат со помош на миразот.
[35] Angeliki Laiou , *The role of women in Byzantine society* 237
[36] Подетално кога ќе зборуваме во наредните глави за Ирина Монфератска.
[37] Scott S.P - „ *The Civil Law* ”
[38] За овој брак ќе видиме во една од наредните глави.

Миразот како таков можел да се состои од различни добра : куќи, земја, продавници, пари и накит.[39] Со самото тоа што ги поседувале ваквите видови на добра се зголемувала нивната економска и политичка моќ. Добар пример за тоа се Ирина Монфератска и Ана Савојска, кои благодарение на својот мираз се стекнале и со голема политичка моќ.

Миразот не смеело да биде заложуван во ризични вложувања, особено не од страна на мажот.[40]

Ако жената му донела мираз на својот маж и ако се случи мажот по несреќа да имал некоја казна или долг на власта или друго лице , па потоа умрел, власта или друго лице нема да смее да влезе во неговата куќа и нешто да земат пред жената да го превземе миразот, па откако таа ќе биде задоволена, остатокот ќе биде разделен помеѓу доверителите.[41]

---

[39] Angeliki Laiou , *The role of women in Byzantine society.* 237
[40] Исто. 237
[41] Эклога - Избранные законы , Академия Наук СССР , Титул III, 50.

*“… Бог ја создал жената и со тоа ставил крај на досадата и на многу други работи...... “ Од жената потекнува сето зло” – тоа го знае секој свештеник. Оттаму од неа потекнува и науката. Таа го натера мажот да вкуси од дрвото на сознанието. “ – Фридрих Ниче во “ Антихрист”*

## Глава Втора

## Жената во дипломатските игри на Византија



Теодор Метохит , преставен како го предава манастирот Хора во Цариград кој што самиот тој го подигнал , претставата е во самиот манастир . http://www.politikin-zabavnik.rs

## 2.1. Брачните врски како можност за унапредување во службата

Склучувањето на брачни врски со владеачката фамилија носело големи привилегии, една од нив било тоа што со еден таков брак можело да се стекне и повисока функција. Во времето на Палеолозите имаме неколку такви случаеви.

Никифор Хумн бил роден 1250 година и потекнувал од фамилија од која што веќе два века произлегувале истакнати војсководци и политичари. Во тоа време Никофор Хумн се стекнал со најдоброто образование со кое некој дотогаш можел да се стекне. Негов учител бил Георгиј Кипарски кој што меѓу другото му помогнал на почетокот во неговата политичка кариера. Хумн за време на Андроник II Палеолог успеал да стане нај влијателниот човек во империјата. Тој дури и успеал да ја омажи својата ќерка за царскиот син.[42] Овој брак му помогнал на Никифор Хумн да напредува во кариерата.

Плановите на Андроник II биле да ја омажи Ирина ќерката на неговиот тогаш најблизок соработник, Никифор Хумн за трапезунтскиот цар Алексиј II. Сепак, ништо од тоа не се случило, затоа што Алексиј II се оженил за Грузијска принцеза. Но, на големо задоволство на Никифор Хумн било предложено Ирина Хумн да биде омажена за Јован Палеолог, син на Андроник II и Ирина Монфератска , кој вејќе се имал здобиено со титулата деспот и имал шанси да го наследи својот татко кога за тоа ќе дојдело време. Губејќи ја приликата за зет да добијат цар на една мала држава, родителите на Ирина брзо ја приграбиле уште подобрата прилика, ќерката да им се издигне на положбата византиска царица.[43] Ирина Монфератска се противела на овој брак , деспотот Јован бил нејзин син и таа се надевала дека ќе го ожени за девојка од повисоко потекло, а не за ќерка на еден обичен чиновник колку и да бил тој исклучителен. И покрај противењата на Јоланда ( Ирина Монфератска) која што всушност се противела и на повеќето

[42] *Византијски извори за историју народа Југославије* , том VI ( Београд, 1986 ) 617 ; 77 - 78 белешка 1.

[43] Според Никифор Грегора, Никифор Хумн успеал да го наговори Андроник II за склучување на овој брак. Види : Nikephoros Gregoras , *History, Byzantina Historia,* изд. L. Schopen , I, 241 (CSHB)

одлуки на маж ѝ,[44] венчавката се случила набрзо после Велигден 1303. Ирина тогаш наполнила дванаесет, а Јован седумнаесет години. Како жена на деспот имала право на титулата деспотица со која многу се гордеела и ја задржала до крајот на својот живот. Сепак овој брак траел кратко, помалку од четори години затоа што на почетокот на 1307 година деспотот Јован умрел во Солун.[45]

Тврдењата на Никифор Грегора дека самиот Хумн го потикнал Андроник II да го склучи бракот помеѓу нивните деца, можат да се земат во предвид за точни, затоа што според мене настаните што следувале после бракот и привилегиите со кои се здобил Никифор Хумн, можат да не насочат кон размислување точно во таа насока.

Во периодот од 1309 до 1310 Хумн управувал со Солун, каде што неговото семејство располагало со големи земјишни имоти. Тој и неговата сопруга станале многу богати.[46]

Од друга страна, иако Ирина која имала само шеснаесет години кога и умрел нејзиниот маж, и била длабоко погодена од тоа, Хумн на својата ќерка и пишува писмо во кое се обидел да ја утеши. Тој не ја разбирал, па нејзината тага всушност ја сметал за слабост. Со гордост и се обраќал со „ деспотице" ја потсетил дека на својата фамилија им направила голема чест и дека сега нетреба да ги разочара, претерувајќи со својата тага.[47] Ирина не можела одново да се омажи, а притоа да не ја изгуби титулата, и на тој начин да ја навреди царската фамилија, можност од која се плашел нејзиниот татко. Сепак на големо разочарување на

[44] Политиката на Ирина Монфератска и нејзините противења на одлуките на Андроник II ќе ги видиме подетално кога ќе зборуваме во наредните глави за Ирина Монфератска.

[45] Доналд М. Никол , *Византијске племкиње: Десет портрета 1250 – 1500,* (Београд 2010) 100 – 101. За овие настани исто така види : George Pachymeres , *De Michaele et Andronico Palaiologis,* ed. Bekker, vol. 2 CSHB ( Bonnae 1835) 287 -289 ; 377 – 379.

[46] Доналд М. Никол , *Византијске племкиње* . 98

[47] За писмата на Никифор Хумн до својата ќерка види : Nikephoros Choumnos, *Letter of Consolation to his daughter,* e.d J. F. Boissonade, *Anecdota Graeca e Codiccibus Regiis,* I ( Paris 1829 )

нејзиниот татко, решила да тргне по стапките на нејзината сестра[48] и станала Христова невеста.[49]

Во 1307 год. Ирина – Еулогија со дел од своето богатство и со подршка од нејзините родители, го обновила манастирот „ Христос Филантропос " во кој што Ирина го поминала остатокот од својот живот, се до о. 1360 год. [50] Манастирот со кој раководела Ирина - Еулогија бил двоен манастир односно имало две згради, машка и женска зграда во кои што се повлекле и нејзините родители.[51]

Ирина ја загубила својата титула, но и понатаму таа се чувствувала како дел од царската фамилија, и како што кажав и претходно таа до крајот на животот се сметала за деспотица како што била и именувана од своите пријатели и блиски.

Со оглед на тоа што многу млада останала вдовица, и ја загубила деспотската титула , таа и немала можност да се здобие со некое политичко влијание.[52]

Единствената политичка вмешаност на Ирина – Еулогија Хумн Палеолог била за време на втората граѓанска војна,[53] кога како член на Палеолозите застанала на нивна страна. Истовремено, и во црквата доаѓа до судир во однос на исихазмот.[54] Ирина – Еулогија застанала на страната на антипаламитите. Кога во 1354 година Јован V Палеолог застанал на престолот, Ирина Еулогија сигурно била задоволна што Палеолозите повторно си го вратиле тронот. За разлика од политичките превирања каде што имала среќа, религиозните случувања оделе во сосема спротивен правец. На религиозен план Ирина – Еулогија Хумн ја подржала

---

[48] Ирина имала сестра која уште пред да се омажи Ирина, се замонашила.
[49] Доналд М. Никол , *Византијске племкиње.* 102
[50] Angeliki E. Laiou ,*Observations on the Life*, 69.
[51] Исто 76.
[52] Angela Constantinides Hero , *A Woman's Quest for spiritual guidance : the correspondence of princess Irene Eulogia Choumnaina Palaiologina* , ( Brookline, Massachusetts 1986 ) 18.
[53] За граѓанската војна види : подолу во главата каде што зборуваме за Ана Савојска
[54] За исихазмот и антипаламитите види : Радивој Радић , *Исихазам Данас* , Међународни научни симпозијум : 650 година саборског тамоса ( 1351 – 2001 ). Свети Григорие Палама у историју и садашњости , Србиње – Острог – Требиње , 19 – 21 октобра 2001, Зборник Матице српске за књижевности и језик , vol. 50 , br. 1 – 2 , ( Нови Сад , 2002 ) 401 – 409. ; Вера Георгиева , *Филозафија на Исихазмот*, ( Скопје , 1993 ) ;Иван Марчевски , *Исихазът Учението за несътворените божествени енергии и светлини*, ( София, 1996 ) ; Енциклопедија Православља , књига друга , И – О , ( Београд , 2002 ) 800 и таму посочената литература.

погрешната т.е поразената страна[55] затоа што во 1351 година Јован Кантакузин, заедно со патријархот Калист свикале собор. На овај Собор биле осудени сите антиисихасти меѓу кои и Варлаам и Никифор Григора, а учењето на Григори Палама било прогласено за правоверно и доктрина согласна со традицијата на светтите отци.[56]

Никифор Хумн умрел во 1327 год. како монах Натанаил, во манастир кој бил во близина на манастирот основан од неговата ќерка Ирина - Еулогија, а самата Ирина Еулогија, по борбата со исихазмот тешко се разболела. Последното што се знае за неа е дека во 1355 год., кога веќе била тешко болна, предала некое наследено земјиште на манастир во Македонија. Набрзо после тоа умрела на возраст од шеесет и пет години. Нејзиниот пријател Никифор Грегора, до крајот ја подржувал во нејзиното спротивставување на она што и тој самиот го сметал за ерес, пишувајќи ѝ похвално слово во кое ја опишувал како ,, права деспотица".[57]

За Ирина – Еулогија, односно од нејзината преписка со нејзиниот духовен водич, се зачувани дваесет и две писма. Целата оваа преписка се водела во период од една година, негде по смрта на Андроник II, од кое се добиваат повеќе информации за неа односно повеќе за нејзината емоционална состојба.[58] Исто од самите писма се гледаат и нејзините книжевни способност.[59] Во второто писмо Ирина – Еулогија била именувана дури и како најучена жена во нејзиното време.[60]

Додека политичкото влијание на Никифор Хумн опаѓала на политичката сцена, почнала да се издигнува нова личност, Теодор Метохит.

Теодор Метохит бил син на Георги Метохит, архиѓакон во Св. Софија. За време на Михаил VIII Палеолог кога била склучена Лионската унија,[61] се појавиле

---

[55] Доналд М. Никол, *Византијске племкиње.* 102
[56] Радивој Радић, *Време Јован V Палеолог (1332 – 1391 )* , ( Београд , 1993 ) 203.
[57] Исто. 107 ; 114.
[58] Hero , *A Woman's Quest* , 21
[59] Писмата на Ирина - Еулогија може да се видат кај : Hero , A Woman's Quest , 26 – 101.
[60] Hero , *A Woman's Quest* , 29 – 31.
[61] Повеќе за Лионската Унија види : Geanakopolos John Deno , *Emperor Mihael Palaeologus and the west 1258 – 1282,* Harvard university press (1959) ; Енциклопедија Православља , књига друга , И – О , ( Београд , 2002 ) 1109 – 1110 и таму посочената литература.

несогласувања и незадоволства од оваа унија меѓу свештенството но и меѓу обичното население. Георги Метохит бил еден од тие кои се спротивставиле на оваа Унија и како и многу други, бил прогонет од Цариград, така Теодор своите најрани детски денови ги поминал во прогонство. Сепак работите се смениле кога на престолот дошол Андроник II Палеолог. Во меѓувреме Теодор Метохит се здобил со солидно образование и бил примен на царскиот двор, каде што брзо напредувал во својата служба.[62]

Позначајна задача која што требало да ја изврши за првпат добива во 1294 – 1295 год кога бил испратен во мисијата во Ерменија и кога бил склучен бракот помеѓу Рита покрстена во Марија и Михаил IX синот и совладетел на Андроник II Палеолог. Во овој период Теодор Метохит ја добива титулата Логотет. Во слична мисија бил испратен и во 1298 год кога во името на Андроник требало да преговара со српскиот крал Милутин. Кога било решено договорот меѓу Византија и Србија да биде поткрепен со брак и тоа помеѓу Милутин и малечката Симонида.[63] Во периодот од 1303 до 1305 престојува во Солун каде што се наоѓала и Ирина Монфератска. По враќањето во Цариград во 1305 год ја добил титулата „ месазон „ титула која што во тоа време ја носел и Никифор Хумн.[64]

Сепак најголемите привилегии и најголемата титула ја добил откако стапил во роднински врски со царската фамилија. Овие роднински врски со Палеолозите тој успеал повеќе да ги сврти во своја полза за разлика од Никифор Хумн.

Набрзо по враќањето во Цариград Теодор Метохит околу 1305 год.[65] најдоцна до пролетта 1313 год.[66] ја омажил својата ќерка Ирина за паниперсевастот Јован Палеолог, внук од брат на Андроник II.[67] Од тогаш па натаму политичкото

---

[62] Красимира Илиевска , *Теодор Метохит и неговиот извештај за дипломатската мисија во Србија,* , *Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија,* том II , Архив на Македонија ( Скопје 1977) 217.

[63] Овој брак ќе го разгледаме подоцна во наредните глави.

[64] *Византијски извори за историју народа Југославије* , том VI, 66 - 67

[65] *Византијски извори за историју народа Југославије* , том VI, 68.

[66] Красимира Илиевска , *Теодор Метохит.* Споменици II. 219.

[67] Паниперсевастот Јован Палеолог бил син на Константин Палеолог помал брат на Андроник II кој што бил веќе мртов, а некои историчари претпоставуваат дека Андроник го убил за да застане

влијание на Никифор Хумн веќе спласнува, а за сметка на тоа Теодор Метохит го достигнува врвот на својата кариера, дури и изгледало како да е рамноправен со владетелот, и делувал како негов совладетел. Неколку години подоцна Теодор Метохит ја добил највисоката титула станувајќи велики логотет.

Теодор Метохит, се до падот на Андроник II веќе не се одалечувал од Цариград. Тој веќе не бил обичен послушник и соработник на својот господар. Метохит дури и стоел зад некои од државните потези на стариот цар. Ситуациииите во кои се нашол имале одраз и врз неговата надворешна политичка моќ. Поседувал и исклучиво раскошно земјиште во цариградскиот четврт Хоре. Му било допуштено дури и безмерно да се обогати што предизвикало омраза кон него. Иако се обидел да ја подобри таа слика, не успеал во тоа. Неговата алчност можеби се појавила како последица од оние години во прогонство.[68]

Во 1328 год. Андроник II бил принуден од својот внук Андроник III да абдицира, па и Метохит, како најблизок човек на Андроник II и негов прв помошник, бил сменет од службата велики логотет и му бил конфискуван целиот имот. По овие тешки настани за него Метохит се повлекол во манастирот кој што претходно тој самиот го обновил т.е манастирот Тес Хорас.[69]

Метохит починал во 1332 год. еден месец по смртта на својот господар и заштитник, царот Андроник II.[70]

За разлика од Никифор Хумн и Теодор Метохит кои биле византијци т.е имале византиско потекло, имаме и случај каде што невизантијци со склопувањето на роднински врски со византиските фамилии успеваат да се здобија со значајни византиски титули.

Иван III Асен бил првороден син на бугарскиот цар Мицо Асен и Марија ќерка на царот Иван II Асен. Во 1261 год. целото семејство на царот Мицо се преселува

---

самостојно на престолот. За тоа види : Angeliki E. Laiou , *Constantinople and the Latins. The foreign policy of Andronicus II 1282 – 1328.*( Cambridge, 1972 ) 293 – 294 .

[68] *Византијски извори за историју народа Југославије* , том VI ,69 – 72.

[69] Красимира Илиевска , *Теодор Метохит.*, Споменици II. 219.

[70] Исто.

во Византија, притоа на тогашниот византиски император му ги предал Месемврија и Анхијало, а за возврат добил владенија во близина на реката Скамандер.[71] Во 1277 год. Иван III Асен добил шанса да седне на царскиот престол во Бугарија. Во овој период во Бугарија избило востанието на Ивајло, при што тогашниот бугарски цар Константин Тих бил убиен[72], а неговото место било испразнето. Откако на Михаил VIII не му успеале плановите со Ивајло, решил за исполнување на своите интереси да го искористи Иван.

Во 1278 год. Иван бил доведен во Адријанопол по наредба на Михаил VIII Палеолог. Планот на Михаил VIII бил да го ожени Иван со неговата ќерка Ирина, план кој што бил подржан и од целото политичко опкружување на Михаил VIII, со цел да го обезбеди влијанието во Бугарија и да се ослободи од Марија,[73] жената на Константин Тих. Императорот Михаил VIII Палеолог во Адријанопол го нарекол „ свој зет и цар на бугарите “[74] притоа му го дал и името на неговиот дедо бугарскиот цар Иван II Асен. Со помош на Татарите кои го поразиле Ивајло и се разбира со помош на Византија, најверојатно во пролетта 1279[75] слободно влегол во Трново и застанал на царскиот трон.[76] Но, не се задржал долго во Трново затоа што само по една година бил истиснат од престолот од страна на многу попопуларниот меѓу народот Георги Тертер.[77] Поради тоа Иван III Асен побарал прибежиште кај својот дедо Михаил VIII во Константинопол. За време на владеењето на Андроник II, Иван Асен се здобил со титулата ,деспот, византиска

---

[71] Иван Божилов , *Фамилията на Асеневци (1186 – 1460) генеология и просопография,* второ фототипно издание (София 1994) 249. ; Йордан Андреев, Иван Лазаров, Пламен Павлов ,*Кой кой е в средновековна България,* Второ допълнене издание ( София 1999 ) 144.

[72] Божилов Иван и Гюзелев Васил , *История на средновековна България VII – XIV век,* том. 3 ( София, 1999 )517. ; Александар Атанасовски ,*Византиско - Бугарските односи во втората половина на XIII в.* , објавено во , България , българите и техните съседи през вековете , ( Велико Търново , 2001) 198. ;Франъо Рачки , История на България, ( София, 1999) 187.

[73] За Марија и нејзиниот судир со Михаил VIII Палеолог, подолу во трудот.

[74] Pahimer ,I, 434 , 8 ; Gregora , I, 95.

[75] Pahimer , I , 434

[76] Иван Божилов , *Фамилията на Асеневци* 249 – 250 ; Йордан Андреев, *Кой кой е в средновековна България,* 144 – 145. ; И. Божилов и В. Гюзелев ,*История на средновековна България VII – XIV век,* 518. ; А . Атанасовски ,*Византиско - Бугарските односи,* 198.

[77] И. Божилов и В. Гюзелев , *История на средновековна България VII – XIV век,*519. ; Атанасовски , *Византиско - Бугарските односи* , 201 ; Рачки , История на България, 188 – 189. ; Zdravko Pljakov , Les relations Bulgaro – Buzantines A La Fin Du XIII Siecle ( 1277 – 1292 ) , Byzantino Bulgarica VIII , ( Sofia , 1986 ) 273

титула која што им се доделувала на оние кои што биле крвно поврзани со владеачката царска фамилија во Византија.[78]

Иван III Асен бил првиот од фамилијата на Асеневците кој што стапил во византиска служба.[79]

## 2.2. Жената како „подарок" во византиската дипломатија

На 25. VII.1261 Алексиј Стратигопул влегол во Константинопол, а на 15.VIII.1261 во градот пристигнал и самиот Михаил VIII Палеолог.[80] Со тој чин била обновена Византија. Но, ниту од далеку со тоа работите не биле завршени. По влегувањето во Константинопол Михаил се здобил и со многу силни непријатели, од кои низ целото свое владеење ќе ја брани својата држава, притоа не бирајќи ги средствата за да го оствари тоа.

Средиштето на агресивните планови против Византија бил во Сицилија, а со самото тоа односите со Сицилијанското кралство биле основата на Михаиловата политика во текот на целото негово владеење.

Веќе на 27 мај 1267 год. во Витербо, во присуство на папата, Карло Анжујски и поранешниот латински цар Балдуин II потпишале договор за пријателство и повторно освојување и поделба на Византија.[81] Србија и Бугарија исто се приклучиле на оваа антивизантиска коалиција, затоа што имале и политички и династички причини за самото тоа. Бугарскиот цар бил зет на Јован Ласкарис, кого

---

[78] Ѳ. И. Успенскаго , *Болгарскіе Асъневичи на Византійской службЬ въ XIII – XV вв.,* Извъстія Русскаго археологическаго института въ КонстантинополЬ том III ( Софія 1908 ) 2- 4.

[79] Исто. 1

[80] Острогорски ,*Историја Византије,* 421; John Deno Geanakopolos, *Emperor Mihael Palaeologus and the west 1258 – 1282,* Harvard university press (1959g*) 114.;* Д.Ангелов, *История на Византтия,* т.III (София 1967г.) 40; Фјодор Успенски , *Историја Византиског царства од 11 до 15 века,* (Београд 2000) ; Gibbon Edward, *The history of the decline and fall of the Roman Empire,* vol. XI (New York 1907) 67; Norwich J.J. ,*A short history of Byzantium,* ( New York 1999) 318.

[81] Г. Острогорски ,*Историја Византије,* 426; Ф.Успенски , *Историја Византиског царства* ,577; Д.Ангелов, *История на Византтия,*;Geanakopolos, *Emperor Mihael Palaeologus, 195-200* каде што е даден и детален опис на договорот од Витербо.

што Михаил VIII го отстранил од престолот и го ослепил, а од друга страна тука е и борбата за Месемврија и Анхијал. Српскиот крал Урош I бил оженет со француска принцеза и сметал дека сојузот со Карло Анжујски ќе му помогне во проширувањето на неговата земја на сметка на Византија.[82]

Главната цел на Михаил VIII била да го оневозможи анжујскиот владетел кој што всушност бил душата на оваа коалиција. Единствениот начин да го запре анжујскиот владетел било преку склучување на црковна унија.

За да се ослободи од еден од анжујските сојузници т.е Бугарите , Михаил VIII склучил договор со Златната Орда т.е со Ногај.

Околу 1272 год. [83] Михаил го склучил договорот со големиот татарски војсководец Ногај. Ногај имал пресудна улога во Златната Орда и можел, како што наскоро и се докажало, да ја неутрализира секоја антивизантиска акција во Бугарија.[84] Дел од политиката на Михаил VIII било да го поткрепи договорот со брак. Така на Ногај му ја испратил својата вонбрачна ќерка Евросина заедно со другите подароци.[85] Кога Ногај ги видел скапоцените подароци што му ги испратил Мигаил VIII, ги запрашал пратениците : " Дали оваа драгоцена капа лечи од главоболка? Дали овие бисери на неа би одбиле удар од гром? Дали оваа облека има чудесна моќ да лекува од болести? " Добивајќи негативен одговор, сето тоа го одбил и си го

[82] Г Острогорски ,*Историја Византије,* 426-7.

[83] Г. Острогорски ,*Историја Византије,* 430 каде што Острогорски објаснува дека хронолошките податоци се многу скудни. Оваа хронологија со која што се располага се засновува на поврзаноста на прикажаните настани според кого договорот со Ногај не би можело да се случи пред 1271 год затоа што во овој период се случува татарски упад кој што бил на барање на Јован Тесалиски , а од друга страна византиско – бугарскиот судир не избил пред пролета 1272 г. затоа се зема како приближна дата за договорот меѓу Ногај и Михаил VIII 1272 г.; Geanakopolos, *Emperor Mihael Palaeologus,* 81

[84] Г. Острогорски ,*Историја Византије,* 430 .

[85] Г. Острогорски ,*Историја Византије* 430 ; Ф.Успенски , *Историја Византиског царства* , 582 ; Geanakopolos, *Emperor Mihael Palaeologus,* 68. ; J. R. Tanner , C. W. Previte – Orton, Z. N Brooke , *The Cambridge Medieval History , vol. IV , The Estwrn Roman Empire ( 717 – 1453 ),* ( Cambridge, 1923) 527. ; A.A. Vasiliev , *History of the Buzantine 324 - 2453* , vol. II ( Wisconsin, 1952 ) 601 ; Jonathan Shepard , *The Cambridge History of the Byzantine Empire c. 500 – 1492,* ( Cambridge 2008 ) 805. ; A. P Kazhdan , *The Oxford Dictionary of Byzantium, vol 3.* ( Oxford 1991 ) 1490. ; Gérard Walter , *La Ruine de Byzance 1204 - 1453,* ( Paris, 1958) 186.

облекол своето овчо крзно.[86] Единствено што задршал Ногај од тоа што му испратил Михаил VIII биле бурињата со вино и Евросина, нелегалната ќерка на Михаил VIII.

Потпирајќи се на сојузот со Ногај, Михаил VIII веќе не се грижел од напад од Бугарите. Ногај од тогаш ја држел Бугарија под своја контрола, а односите помеѓу Византија и Златната Орда останале ненарушени.[87]

Испраќањето на својата ќерка на Ногај го направил заедно со подароците и изгледало како таа да не е ништо повеќе од еден подарок исто како и облеката и другите скапоцености. Сепак таа му послужила за да го зацврсти договорот. Склучувањето на ваквите договори поткрепени со бракови ќе станат најчесто применувана политика на Палеолозите. Благодарение на овој договор Михаил VIII останал заштитен од Бугарите.

Истата таа Евросина подоцна му го спасила животот на Јован III Асен , сопругот на нејзината полусестра Ирина, кој отишол кај Ногај за да бара помош. А плановите на Ногај биле да го ликвидира, сепак, Евросина успеала навреме да го предупреди и да го спаси.

[86] Ф.Успенски , *Историја Византиског царства* , 583.
[87] Г. Острогорски ,*Историја Византије* 430 ; Ф.Успенски , *Историја Византиског царства* , 582 ; J. R. Tanner , *The Cambridge Medieval History , vol. IV, 527.*

*“ Кој може да управува со една жена, тој може да управува и со еден народ. “*
***- Балзак***

## Глава Трета

## Жените во политичките настани од периодот на владеење на Михаил VIII Палеолог



Минијатура со портрет на Михаил VIII Палеолог ( www. http://dic.academic.ru)

Родена околу 1240, Теодора била жена чие што потекло влечело корени од антиката , поврзано крвно или преку брак со многу од владеачките фамилии во Византија. Во хрисовула од 1283, таа е именувана како Теодора Дукаѓина Комнена Палеологина. Според Героги Акрополит таа им била ќерка на Евдокија Ангел и Јован Дука, син на севастократорот Исак Дука, брат на Јован III Ватац.[88] Нејзиниот татко умрел млад оставајќи ја Теодора како единствено дете. Во 1253/4 год. Никејскиот император Ватац, нејзиниот дедо, кој според кажувањата " ја сакал како своја ќерка" , го договорил нејзиниот брак со триесет годишниот Михаил Палеолог кој до тоа време се здобил со добра воена репутација.[89]

После прераната смрт на Теодор II Ласкарис во 1258, Михаил Палеолог кој во тоа време бил велики констaвал , бил избран за регент , совладетел, на малолетниот Јован IV Ласкарис. Според Пахимер, тој бил избран заради неговото воено искуство, неговото благородничко потекло и фактот дека тој и неговата сопруга биле роднински поврзани со Ласкарисите. Во периодот додека сеуште живееле во Никеја, Теодора ги родила двата сина, Мануел, роден некаде помеѓу 1254 - 1257, кој умрел како мало дете, Андроник, роден 1258 и ќерката Ирина родена околу 1260. Некаде после 1 Јануари 1259 Михаил и Теодора биле крунисани во Никеја. Пахимер не го спомнува крунисувањето на Теодора[90], но од друга страна контроверзноста кај овој историчар е тоа што тој вели " тие кои што ја примија круната" , односно императорската двојка со младиот Јован IV Ласкарис, биле украсени со бисери и скапоцени камења.

Во август 1261, по реосвојувањето на Константинопол од Латините, Теодора , иако бремена со своето четврто дете, му се придружила на својот сопруг во

---

[88] Кај Alice – Mary Talbot , *Empress Theodora Palaiologina, Wife of Mihael VIII* , Dumbarton Oaks Papers vol.46 ,*Homo Byzantinus, Papers in Honor of Alexander Kazhdan* , ( Washington , D.C. , 1992 ) 295 ; John Julius Norwich , *A Short History of Byzantium,* ( New York, 1997) 314 и кај Geanakopolos, *Emperor Mihael Palaeologus* , 25 се кажува дека Теодора му била внука на Ватац , а кај Фрањо Баришиħ , *Повеље Византијских Царица,* ЗРВИ том. XIII ( Београд, 1971) 146 стои дека Теодора била ќерка на Исак Дукас.

[89] Géraed Walter , La Ruine de Byzance 1204 – 1453 , 165 – 166.

[90] Кај Геанакополос е наведено дека и Теодора била крунисана заедно со Михаил , Geanakopolos, *Emperor Mihael Palaeologus* 46.

триумфалното влегување во престолнината. Тие исто така биле придружувани од нивниот син Андроник и мајката на Теодора. Откако Арсениј бил повторно поставен за патријарх Михаил по втор пат бил крунисан во Света Софија кон крајот на 1261 год.[91]

Од документите кои што се зачувани, а кои што се во врска со Теодора, лесно може да се утврди дека оваа царица била сестрана и ангажирана во јавниот живот. Водела грижа за својата приватна сопственост и им помагала на манастирите, таа самоволно донесувала одлуки, издавала официјални наредби и ги спроведувала преку своите чиновници, понекогаш сосема независно од императорската канцеларија. Во сите овие обврски таа настапувала со неочекувано голем авторитет, како крунисана личност соучесник во царската власт.[92]

Во периодот по крунисувањето, Теодора морала да се соочи со криза во својот брак. Според Пахимер , Михаил се вљубил во Ана – Костанца Хохенштауфен, сестра на Манфред од Сицилија, која била кратко омажена за Јован Ватац пред неговата смрт. Отпрвин императорот се обидел да ја убеди Ана да стане негова љубовница, кога таа одбила, тој решил да се разведе од Теодора и да се ожени за неа (за Ана).[93] Кога Теодора ги слушнала овие вести, побарала помош од Патријархот Арсениј, кој го предупредил императорот со прогонување од Бог, ако продолжи со своите планови. Михаил потклекнал под притисокот од патријархот и ѝ дозволил на Ана да се врати дома во декември 1261 г. Интересите на Михаил за овој брак сепак треба да се гледаат во тоа дека тој бил заинтересиран да влезе во сојуз со Манфред, или се надевал дека ако се ожени со вдовицата на Јован Ватац ќе ги придобие приврзаниците на Ласкарисите.[94]

Втората наведена причина не изгледа како многу веројатна затоа што легитимното право на престолот и поврзаноста со ласкарисите веќе му била обезбедена преку бракот со Теодора, која била и крвно поврзана со Јован Ватац кој ѝ бил дедо.

[91] Alice – Mary Talbot , *Empress Theodora Palaiologina, Wife of Mihael VIII* , 295. Кај Геакакополос и кај Острогорски стои дека во црквата Света Софија биле крунисани Михаил и неговата сопруга Теодора и биле прогласени за Basileis. Geanakopolos 121.; Острогорски 422.

[92] Фрањо Баришић , *Повеље Византијских Царица,* 146.

[93] Alice – Mary Talbot , *Empress Theodora* , 296 ; Geanakopolos, *Emperor Mihael Palaeologus* , *144.*

[94] Alice – Mary Talbot , *Empress Theodora Palaiologina,* 296.

Теодора, му обезбедувала поголем легитимитет и поврзаност со Ласкарисите, отколку Ана, поголема е веројатноста Михаил да бил инспириран на ваков чекор заради поврзување со Манфред.

Малку е познато за политичката улога на Теодора за време на владеењето на нејзиниот сопруг ( 1259 – 1282 ). Во 1269 год. покажала голем интерес околу преговорите за брак помеѓу нејзината ќерка Ана и Стефан Милутин, синот на Стефан Урош I . Императорката загрижена за доброто на својата ќерка , му дала специјални инструкции на хартофилаксот Век да ги истражи условите за живот во Србија. Откако обидите за сојуз со Србија пропаднале, во 1278 год. Ана била мажена за Деметриј – Михаил Котроул, син на Михаил II Комнен Дука од Епир. Во 1279 год. Михаил го разгледал советот на својата жена кој што се однесувал на бракот на нивната ќерка со Јован III Асен од Бугарија.[95]

Одкако Михаил и Теодора биле крунисани, Теодора се ангажирала во споровите во монашкото општество. Извесен број документи биле зачувани во архивите на манастирите на Патмос и Ламбиотас, кои се однесуваат на периодот од 1259 до 1281 година, и кои укажуваат на императорската вмешаност и интервенција околу манастирските имоти или привилегии , особено во регионот на Додеканез и Смирна. Неколку од овие документи се хоризми[96], зачувани само во копии, создадени од самата императорка.[97]

На молба на игуменот Герман, Михаил VIII доделува, најверојатно уште во втората половина на 1259, хрисовула[98] со која на манастирот Јован Богослов за поседот на метохијата Анавасидион на островот Кос му се потврдуваат сите стари исправи и хрисовули, почнувајќи од хрисовулите на Алексиј I Комнен. Во исто време со хоризма му го поклонува островот на Кос метохот "таканаречен Христос

---

[95] Исто.

[96] Хоризма : подарок како благодејание , види : Владимир Мошин , *Грамотите на манастирот Св. Георги – Горг Скопски,* Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија , том I, ( Скопје 1975), 149 ; 236 во белешка 122 .

[97] Alice – Mary Talbot , *Empress Theodora Palaiologina,* 296.

[98] Хрисовула : повелба потпечатена со златен печат кој висел на свилена врвца. Ја издавале владетелите и деспотите во Византија. Хрисовулата се викала уште и златна була, и означувала привилегија. Види : Стјепан Антољак , *Помошни историски науки* , ( Скопје , 1980 ) 89.

Спасител". Но, овие одлуки на царот и царицата не се спроведувале така лесно, затоа што епископите на метохиите Спасител и на Анавасидион поседувале дел од истите кои не сакале да ги отстапат, за што избил спор. Известена за тоа царицата издала наредба на нејзиниот чиновник Јован Манкаф да изврши катастарска ревизија на островот Кос и на спорните граници на метохиите, да утврди на основа на старите исправи за двете метохии, Спасител и Анавасидион. На манастирот да му даде соодветен акт за предавање, вклучувајќи ги во нив и хоризма со која се ослободува манастирот од плаќање на задолжителниот државен данок за овие две метохии.[99]

Добивајќи од Јован Манкаф посебни катастарски тапии за споменатите две метохии, игуменот Герман лично отишол во престолнината молејќи ја царицата Теодора двете исправи, заради поголема сигурност, да ги потврди со посебен акт. Одзивајќи се на барањето на игуменот Теодора му издава на манастирот две хоризми, една со која се потврдува актот на Манкаф за предавање на метохијата Анавасидион и уште една , со слична содржина, за метохијата Спасител. Се претпоставува дека сево ова се случувало во периодот до 1261 год.[100]

Иако ги добил хоризмите од царицата, игуменот Герман не располагал со доделените поседи. Епископот Гаврил упорно се спротивставувал, не дозволувал да се обнови и догради метохијата – манастир спасител кој бил разорен од пирати, не ги отстапувал нивите, шумите и маслиновите насади. Игуменот останувал на своето па испратил жалба до патријархот. Поволниот одговор стигнал набрзо, како што и се очекувало. Патријархот Арсениј Авторијан, секако во договор со царицата[101] , му испратил на епископот акт со кој му се наредувало да не му смета на игуменот Герман, и целиот подвижен и неподвижен имот на метохијата Спасител без одлагање да му ја предаде на споменатиот игумен.[102]

---

[99] Ф. Баришић , *Повеље Византијских Царица,* 148.
[100] Исто 148 – 150.
[101] Според Пахимер царицата Теодора била во пријателски односи со патријархот Арсениј.( Pahimer ,II, 181)
[102] Ф. Баришић , *Повеље Византијских Царица,* 150.

Со овие интервенции на патријархот и на царицата Теодора повеќегодишниот спор околу метохијата Спасител изгледало дека конечо бил решен, со оглед на тоа што во подоцнежните акти веќе не се споменувал. Чудно е тоа што во овој спор царот воопшто не се појавува, вмешана е само царицата Теодора која што самостојно издала четири посебни хоризми за овој спор. Објаснувањето за отсуството на царот, се гледа во тоа што најверојатно островот Кос бил во приватна сопственост на Теодора.[103]

Во 1269 год. Теодора издала хоризма за манастирот Јован Богослов, која што се однесувала на правото на манастирот над четири товарни бродови. Сега на молба на игуменот Герман, царицата со својата хоризма ги потврдувала веќе дадените поволности деадени со акти од претходните цареви и нејзиниот сопруг, додавајќи дека секој кој би се осудил да ги прекрши дадените привилегии, “ ќе ги осети страшните последици од страна царства ми “ , без разлика дали е од оние “ кои ги држат пристаништата царски и царства ми приватни имоти “ или од оние кои собираат разни даноци.[104]

Својата благонаклонетост кон манастирот Богородица Лемвиотис, царицата ја изразувала преку доделувањето на потврдни хоризми. Во хоризмата, која што се датира од 1262 год. , царицата Теодора соопштува дека на молба на игуменот Герасим, со задоволство прифаќа да биде “ ефор на тој манастир “. Таа тоа го прифатила затоа што “ тој манастир и припаѓал по баштини (дедовина)” , со оглед на тоа што бил обновен од “ славниот цар, господар и чичко[105] на царството ми “ ( т.е. Јован III Ватац ) и од голема почит кон игуменот Герасим. Истовремено со хоризмата се потврдувале сите привилегии доделени со хрисовулата која што ја имал издадено нејзиниот сопруг, истакнувајќи дека непочитувањето на наведените привилегии ќе бидат казниви.[106]

---

[103] Исто 151 – 152.
[104] Исто 153.
[105] Кај Ф. Баришиќ стои стрико, но како што објаснив и перетходно Јован Ватац најверојатно и бил дедо на Теодора.
[106] Ф. Баришић, *Повеље Византијских Царица,* 154.

Треба да се истакне дека како и во хрисовулата од 1269 год. , санкциите ги донесувала самоиницијативно, затоа што во ниту една повелба на Михаил VIII , санкции воопшто немало. Уште нешто што би требало да се спомене кај овие хоризми е тоа што казните претежно се однесуваат на сите царски службеници, кои доаѓале како потенцијални прекршители на доделените привилегии.[107]

Хоризмите кои што ги издавала Теодора укажуваат на нејзината моќ. Во нејзините хоризми се содржат санкции кои што претходно во повелбите на императорот ги немало или издавала повелби со кои не само што ги потврдувале претходно дадените привилегии, туку и ги ослободува манастирите од дотогаш задолжителните државни даноци. Општо земено, хоризмите на царицата Теодора, по својот карактер претставувале јавно – правни документи од највисок ранг, кои стојат на ниво на совладетелски повелби.[108]

Кога Михаил VIII одлучил да ја прифати политиката за црковна унија за време на Заседанието од Лион во 1274, постојат докази дека Теодора во почетокот била наклонета кон антиунионистите. Дури и духовниот водич на Теодора Јован од Хераклеа бил протеран од Михаил во 1275 год. заради неговото спротивставување на унијата. Очигледно Теодора не успеала да го предомисли својот сопруг, па дури и била принудена да го подржи Михаил во својата одлука за унија. Но, сепак нема податоци кои укажуваат дека Теодора ја подржала Унијата.[109]

По смрта на Михаил VIII , неговиот наследник Андроник II веднаш ја одфрлил Унијата. Изворите од тринаестиот век укажуваат дека Андроник II бил силно потикнуван во својата црковна политика од неговата мајка. Никогаш со сигурност нема да знаеме кој бил нејзиниот однос кон Лионската Унија, на нејзините зборови и дела во подоцнежните години покажуваат дека таа не се согласувала со политиката на нејзиниот сопруг.

Теодора била во добри односи со нејзиниот најстар преживеан син , Андроник II. Тие очигледно се согласувале за отфрлање на унионистичката политика на Михаил.

---

[107] Исто 155
[108] Исто 157 – 158.
[109] Исто 297

Покрај тоа , таа има многу топли зборови за Андроник во еден од своите типици. Теодора не секогаш се согласувала со Андроник, како што може да се види од неколку случки кои го вклучуваат уште еден од нејзините синови. Според Пахимер , Константин не успеал да си ја обезбеди титулата деспот и покрај залагањата на неговата мајка. Од друга страна кога нејзиниот син Константин Порфирогенит кога бил обвинет за предавство во Нимфеон 1293 год. и бил држен во домашен притвор од страна на Андроник II, Теодора не успеала да му ја обезбеди слободата. Всушност Грегора објаснува дека кога Андроик II отишол за Солун во 1299 год. за да ја придружува неговата ќерка Симонида за нејзиниот брак со Стефан Урош II Милутин од Србија, тој со себе го зел и брат му Константин за да биде сигурен дека Теодора нема да го искористи неговото отсуство и да го ослободи Константин.

Набрзо по смрта на Михаил VIII, Теодора го реновирала манастирот од Липс, кој што бил изграден во десети век.[110] Теодора имала повеќе мотиви за да го воспостави манастирот во Липс. Таа била решена да основа манастир каде што благородничките кои биле решени да се замонашат ќе можат да се молат за спас на своите души и за тие на нивните Христијани. Таа во тоа гледала можност нејзините ќерки и внуки да се повлечат во тој манастир. Манастирот функционирал исто така и како Хуманитарна институција , со тоа што редовно доставувал храна до сиромашните, вклучувал и болница во која се лекувале болни жени. Исто така црквата Св. Јован Крстител била наменета како мавзолеум за фамилијата на Палеолозите, најверојатно како имитација на Св. Михаил Пантократор која што била изградена во средината на дванаесети век од стрна на Јован II Комнен која што требало да биде почивалиште на члeновите од неговата фамилија. На првиот член од династијата на Палеолозите, Михаил VIII, му бил забранет христијански погреб, Теодора сметајќи се како матријархат на фамилијата без сомнение била одлучена да обезбеди соодветен погреб за себе и за своите наследници. Во својот типик, таа ги одредила точните места каде да биде погребана таа, тој на нејзината мајка и нејзината ќерка и одредила место за својот син Андроник ако тој самиот одбере да биде закопан таму. Таа се залагала нејзините

[110] Исто 298

деца и внуци и нивните сопружници да го најдат своето вечно почивалиште во манастирот во Липс каде што би им се извршувал годишен помен од страна на тамошните монахињи. На погребот на Императорката Теодора, Теодор Метохит заклучил дека таа неколку години пред својата смрт веќе го имала подготвено.[111] На 25 февруари 1303 год Теодора Палеологина починала. Нејзиниот син Андроник организирал величенствена церемонија и погреб. Теодора била погребана во црквата Св. Јован Крстител. Говорот на погребот бил одржан од Теодор Метохит.[112]

Податоците со кои располагаме за Теодора се прилично скудни. Како што може да се види дека Теодора најмногу била вмешана во однос на манастирите, она што најмногу ја засегало биле верските односи. Имено и зачуваните хоризми ни даваат најмногу податоци за Теодора. Ако ги исклучиме овие документи не би имале претстава за политичката моќ на Теодора. Можеби не можела да влијае на својот сопруг или на својот син при донесувањето на нивните одлуки за надворешната и внатрешна политика, но секако имала моќ да одлучува за доделувањето на хоризми со кои имала и тоа какво влијание врз манастирските расправии.

Теодора имала и свој печат кој што е даден во прилог.

Аверс и реверс од печатот на Теодора Дукагина Палеолог, жената на Михаил VIII Палеолог. На аверсот е прикажана богородица со Исус, а на реверсот е прикажана самата Теодора. Преземено од: Helen C. Evans, *Byzantium, Faith and Power (1261 – 1557),* (New York, 2004) 33.

[111] Исто 299

[112] Исто 302



Аверс



Реверс

**Односите помеѓу Михаил VIII Палеолог и Еулогија и нејзините ќерки Теодора и Марија**

**Односите помеѓу Михаил VIII Палеолог и Еулогија и нејзините ќерки Теодора и Марија**



Марија Кантакузин Палеолог Асен ( http://www.supernova.bg)

Ирина – Евлогија Палеолог била една од сестрите на Михаил VIII Палеолог. Ирина била омажена за Јован Кантакузин кој во 1258 год. умрел. По неговата смрт според византиските обичаи таа се замонашила при што го добила името Евлогија. Она што се знае за Ирина – Евлогија е многу малку. Податоците со кои располагаме за неа претежно се однесуваат на нејзината вмешаност во антиунионистичкото движење. Нејзин најголем подржувач и сопатник во антиунистичкото движење била нејзината ќерка Теодора. Теодора била родена околу 1240 год. Во 1256 г. се омажила за Георги Музалон. По смрта на Теодор II Ласкарис во 1258 год. се претпоставувало дека Музалон ќе биде регент на малиот Јован IV Ласкарис. Но, тоа не им одговарало на старата аристократија меѓу кои и Михаил Палеолог. Војската, посебно платениците со кои заповедал Михаил Палеолог, решиле да ја преземат ситуацијата во свои раце. Тие влегле во црквата Сосандра во близина на Магнезија и ги убиле сите членови на семејството Музалон. Верниците кои што се наоѓале во црквата во паника се разбегале. Службата била прекината. Изгледало дека никој неможе да го запре бесот на војниците. Се слушнал само еден глас кој протестирал на нивниот колеж. Тоа била Теодора жената на Георги Музалон. Нејзиниот вујко Михаил Палеолог, остро ја прекорил и ѝ наредил да замолчи, плашејќи се да не биде и таа убиена.[113] Михаил, можеби , бил и единствениот кој што можел да го запри тоа, но како што се одвивале настаните, смртта на Музалон била во негова корист. Откако ситуацијата се смирила, за регент бил поставен токму Михаил Палеолог.

Откако бил поставен и крунисан за император, Михаил ги наградил оние кои што го подржувале. Меѓу нив бил и Јован Раул , кој што се здобил со титулата протовестијар, титула која што некогаш ја носел неговиот татко.[114] Желбата на Михаил била да ја ожени својата внука од сестра Теодора, поранешна вдовица на Георги Музалон, за Јован Раул. [115]

---

[113] Georges Pachymeres , *Relations historiques* , 63 – 89. ; Доналд Никол ,*Византијске племкиње,* 56 – 59. ; Geanakopolos, *Michael,* 33 – 46.
[114] Повеќе за фамилијата Раул види : Fassoulakis S. , *The Byzantine Family of Raoul Ral(l)es,* (Athens, 1973) ; D.M. Nicol ,*Symbiosis and integration. Some Greco – Latin families in Byzantium in th 11 to 13 centuries* , BF, VII ( 1979 ). 113 – 155.
[115] Доналд Никол ,*Византијске племкиње,* 59.

За неа овој втор брак бил подобар избор од првиот, кој што исто така бил договорен без нејзина согласност. Теодора имала изразена склоност кон привелегиите што ги уживале високите слоеви. Мажејќи се за Јован Раул се здобила со правото себеси да се нарекува протовестијариса. Била горда што кон своето име го додала името на својот втор маж нарекувајќи се себеси Теодора Кантакузин Палеолог Раул. Во овој период често се применувало тоа де се истакне поврзаноста со владеачките фамилии. Така Теодора често се претставувала себеси со прилично долга титула " Теодора, внука на Ромејскиот цар, Теодора од семејството на Кантакузин, Ангели, Дука, Комнини, Палеолог и жена на Јован Раул ". Својот брак со Музалон не го ни споменувала. Бракот помеѓу Јован Раул и Теодора најверојатно бил склучен во 1261 годна, а завршил со смртта на Јован Раул во 1274 година, непосредно пред склучувањето на Лионската унија. Јован Раул не доживеал да ги види понижувањата и страдањата кои ги доживеале неговото семејство и Теодора.[116]

Како што спомнав и претходно, поради опасноста од Запад, односно од Карло Анжујски, Михаил VIII Палеолог донел одлука за склучување на унија со Рим. Така во јуни 1274 г. била склучена Лионската унија[117] која од византиското свештенство и обичниот народ не била прифатена. Сето тоа предизвикало немири внатре во самата империја па дури и поделеност внатре во самата владеачка фамилија. Се појавило и антиунионистичко движење кое било предводено од свештенството. Иако дотогаш непријатели арсенитите, подржувачите на поранешниот патријарх Арсениј, и подржувачите на патријархот Јосиф сега застанале заедно против унионистичката политика на Михаил VIII Палеолог.

Во антиунионистичкото движење биле вклучени луѓе од сите сталежи на византиското општество, вклучувајќи и членови од самата владеачка фамилија. Една од главните антиунионистички водачи била и сестрата на Михаил VIII, Ирина - Евлогија, која била силно подржувана од своите ќерки Теодора, Марија и Ана. Претходно Евлогија била најголемиот подржувач на Михаил VIII. Во детствота таа била онаа што го успивала пеејќи му : " Здраво, цару, низ Златната врата ќе влезеш

[116] Исто 62.
[117] Повеќе за Лионската унија види погоре каде што е наведена литературата за овој настан.

во Константинопол ", Евлогија го советувала Михаил VIII да се ослободи од синот на Теодор Ласкарис, поради што Михаил VIII му ги одзел на Јован обележјата на царски достоинственик и го ослепил. [118] По влегувањето на Стратигопул во Константинопол, Евлогија била прва која му ја соопштила веста за освојувањето на градот.

Евлогија заедно со својата ќерка Теодора биле најгласни противници на царот. Тие две биле многу блиски. Овие две побожни жени покренале отпор против царевата унионистичка политика, како во Цариград, така и надвор од него. Од својот манастир Евлогија организирала заговор против царот, кој своевремено бил нејзиниот најдраг брат.[119] Нејзиното несогласување со политиката на Михаил VIII отишла до таму што таа сакала да го симне својот брат од престолот само во корист на верата.[120]

Неколку недели по почетокот на протестот Михаил VIII се двоумел дали да започне со казнување на главните организатори на побуните, но дури тогаш секој обид за да ги вразуми пропаднал, одлучил да примени сила. Противниците кои не сакале да се повлечат биле затворани, протерувани или ослепени, останатите биле измачувани и им бил одземан целиот имот.[121] Истата судбина ја имале и Евлогија и нејзината ќерка Теодора, тие јавно биле прогласени за побунувачи и биле протерани од Цариград и затворени во тврдината Свети Григориј на крајбрежјето на Црното море.[122] Исто така им бил одземен и сиот имот, подвижен и неподвижен и бил предаден на државната благајна. [123] Евлогија набрзо побегнала од заробеништво и отишла во Бугарија. Таму заедно со својата ќерка Марија која во 1272 год. се омажила за Константин Тих, почнале да го подготвуваат планот против Михаил VIII.[124]

---

[118] Ф.Успенски , *Историја Византиског царства* ,560
[119] Никол „*Византијске племкиње, 63.*
[120] Geanakopolos, *Emperor Mihael Palaeologus*
[121] Džulius, *Vizantija, opadanje i propast,205.*
[122] Pachymeres, *De Andronico Palaeologis*, Vol. II, 69.
[123] Никол „*Византијске племкиње, 64.*
[124] Džulius, *Vizantija, opadanje i propast,204.* За плановите на Марија против нејзиниот вујко ќе видиме подолу.

Сепак Лионската унија ја исполнила својата цел. Во наредните неколку години Византија била спасена од својот западен непријател. Обидите на латините повторно да го заземат Цариград пропаднале. Тоа била и целта на Михаил VIII Палеолог да ги натера западните владетели да се тргнат од Цариград во што и успеал точно со оваа Лионска унија. Сепак набрзо папата ја увидел политичката игра која што ја одиграл Михаил VIII Палеолог. Во 1281 год. папата Мартин IV го исклучил Михаил VIII од црквата, со што всушност и унијата веќе немала никакво значење. И покрај тоа Михаил VIII во очите на антиунионистите останал како предавник на својата вера.

По смртта на Михаил VIII Палеолог, неговиот наследник Андроник II Палеолог ја сменил својата верска политика. Оние кои се противел на верската политика на неговиот татко сега биле сметани за херои. Теодора и нејзината мајка Евлогија биле ослободени. А, патријархот Јосиф бил повторно вратен на својата положба. Се претпоставува дека Евлогија барала од новиот цар, да издаде јавно соопштение со кое ќе се откаже од соединувањето со Рим. Дури и ја убедила царицата, вдовицата на Михаил VIII Палеолог, дека е залудно да се моли за спас на душата на нејзиниот покоен маж.[125]

Меѓутоа, немирите внатре во византиската црква продолжиле. Иако за време на црковната унија арсенитите и јосифовците биле здружени заедно во антиунионистичкото движење, но откако проблемот со унијата бил решен, старото ривалство помеѓу овие две струи било обновено. Видовме дека Јосиф бил вратен на позицијата патријарх, а арсенитите небиле задоволни од ваквото решение. Уште повеќе се налутиле откако Јосиф умрел. Арсенитите се надевале дека сега на патријаршискиот стол ќе седне некој од нив, но наместо тоа новиот цар за патријарх го поставил Георгиј Кипранин[126], за кого што се мислело дека има наклонетост кон унија со Рим.

Теодора, иако била арсенит, му се восхитувала на Григориј Кипранин поради неговата ученост. Подоцна дури Григориј Кипранин станал нејзин духовен татко, близок пријател и ѝ помагал подоцна во собирањето на класични грчки автори.

[125] Никол „*Византијске племкиње,* 65.
[126] По поставувањето за патријарх го добил името Григориј.

Меѓутоа, заради своите убедувања Теодора сепак им останала верна на спомените на патријархот Арсениј.[127]

Во почетокот на 1284 год. Андроник II направил обид да се постигне мир во црквата со што собрал епископи, свештеници и лаици од двете струи за да го решат спорот. Се состанале во тек на Велика недела во Адрамитион, на брегот на Мала Азија. Теодора и Евлогија како и Ана Епирска, сестра на Теодора, биле присутни. Теодора и Евлогија присуствувале како пријателки на новиот партијарх Григориј и се надевале дека барем малку ќе ги вразумат непомирливите арсенити. Меѓутоа не успеале во тоа. Овој собир во Адрамитион не довел до никакви решенија или помирувања, единствено само привремено арсенитите се смириле. По се изгледа Теодора и нејзината сестра Ана Епирска се вратиле во Цариград по Велигден 1284 год. Нивната мајка Евлогија, како и патријархот Григориј, останале во Адрамитион. Покасно истата година Евлогија умрела во Адрамитион. Нејзините ќерки успеале во последен момент да стигнат на нејзиниот погреб.[128]

По смрта на мајка ѝ, Теодора побарала дозвола од императорот да обнови некои од манастирите и црквите во околината на Цариград. Вратениот имот го искористила за таа намена, обновување на манастири и цркви. Андроник II и дозволил да подигне храм во својот манастир како спомен на патријархот Арсениј и неговите мошти од Света Софија да ги пренесе таму. Оваа постапка, иако била политички опасна, требало да ги задоволи непомирливите арсенити. Меѓутоа расколот со нив траел уште дваесет и пет години.[129]

По сите овие политички збиднувања, Теодора се повлекла во својот манастир Св. Андреј. Сега можела да се посвети на тоа што стварно го сакала, науката и книжевноста. Сега се посветила на собирање на книжевни дела и создавање на своја библиотека.

Последната постапка на Теодора не ја прикажува како жена полна со љубов кон уметноста, книжевноста и образованието, дури ни како повлечена монахиња, туку како жена од акција која имала значајна улога во јавниот живот. Алексиј Филантропин, бил војник кој бил многу успешен во борбата против Турците во

---

127 Никол „*Византијске племкиње,* 66

128 Pachymeres, *De Andronico Palaelogo,* II , 69 ; Gregoras , I, 167 ; Никол „*Византијске племкиње,* 67.

129 Никол „*Византијске племкиње,* 68.

Мала Азија. Одушевени војниците од него во 1295 год. го прогласиле за цар, во што ги подржало локалното население, кое што византискиот цар долго време ги занемарувал. Теодора била во блиски родбински врски со Филантропин , како што бил и Андроник II, кој ја испратил во Мала Азија за да ги вразуми бунтовниците. Теодора со себе го повела и Исак Раул[130], нејзиниот девер кој што бил ослепен за време на побуните за Лионската унија. Тоа најверојатно требало да биде предупредување за Филантропинисти, кои сигурно знаеле дека вообичаена казна кој се применувала врз неуспешните обиди за преврат на престолот била одземање на видот. Мировниот обид на Теодора сепак бил неуспешен. Побуната на Филантропин била задушена во декември 1295 год. , а самиот Алексиј бил ослепен.[131]

Од ова се гледа дека и откако се повлекувале во монашкиот живот останувале во тек со секојдневните настани и повторно се вклучувале во истите и биле доста активни. Но, тука може да се постави едно прашање , зошто Андроник II решил точно Теодора да ја испрати во мисијата во Мала Азија. Дали Теодора учествувала и во други вакви мисии, па се покажала како добар преговарач или тоа било само заради нејзиното искуство со прогонувањата и последиците од периодот на антиунионистичкото движење. Затоа што за жал неможе да се добијат повеќе информации за Теодора и за тоа дека таа учествувала во некои слични вакви мисии, како поверојатно е дека тоа било заради нејзината голгота за време на антиунионистичкото движење.

По оваа неуспешна мисија Теодора ѝм се вратила на своите должности и читањето на книги во манастирот во Цариград. Тоа е последното што се знае за неа. Умрела пет години подоцна во 1300 година.[132]

---

[130] За Исак Раул и за неговото ослепување и вмешаност во антиунионистичкото движење види : Fassoulakis S. , *The Byzantine Family of Raoul Ral(l)es,* (Athens, 1973)

[131] Pachymeres, *De Andronico Palaelogo,* II , 208 – 220, 220 – 232 . ; D. M. Nicol , *The Last Centuries of Byzantium, 1261 – 1453.* 130 – 132.

[132] Никол ,,*Византијске племкиње,* 78

*Можеш да го стигнеш разузданиот коњ, да го скротиш побеснетиот ѕвер, но навредената и одмаздољубива жена - никогаш. – Адолф Вебер Ткалчевиќ*

### 3.2.2. **Војната помеѓу вујкото и внуката**

Марија Палеолог била втора по ред ќерка на Ирена - Евлогија , и Јован Комнен Ангел Кантакузин. Таа во својата енергичност многу наликувала на својата мајка Евлогија, сестра на императорот Михаил VIII. [133]

По смрта на Ирина Ласкарис, втората жена на Константин Тих, се отворила можност за подобрување на односите помеѓу Византија и Бугарија. Помирувањето им одговарало и на двете страни во остварувањето на своите цели. Брак помеѓу Константин Тих и Марија Палеолог Кантакузин била опцијата за помирување и подобрување на односите помеѓу двете страни.

Датата на нејзиниот втор брак не е точно позната[134], единствениот податок кој што може да помогне за утврдување на датата на пристигнување на Марија во Трново е датата на раѓање на Михаил, нејзиниот син со Константин Тих, што се случило во 1270год. Според Златарски, Божилов и Ѓузелев бракот не би можело да биде склучен подоцна од 1269.[135]

За Михаил VIII Палеолог овој договор бил дел од неговите напори да ја оневозможи антивизантиската коалиција која била под раководство на Карло Анжујски. Императорот не само што морал да му ја даде за жена својата внука туку и му ги ветил како мираз, Месемврија и Анхијало на Константин Тих. Тоа било одлична прилика за Константин Тих да ги врати назад крајбрежните градови без да има крвопролевање. Наскоро се утврдило дека овој договор не и донел на Бугарија никакви територијални бенифиции. На почетокот Михаил не ги предавал териториите, објаснувајќи дека нема наследник на кој што Марија би му ги

---

[133] Saška Georgieva , *The Byzantine Princesses in Bulgaria* , Byzantino Bulgarica IX ( Sofia , 1995 ) 180 ; Йордан Андреев, Иван Лазаров, Пламен Павлов , *Кой кой е в средновековна България,* ( Софија 1999 ) 255. ; Donald M. Nikol , *The Byzantine Family of Kantakouzenos ( Cantacuzenus ) ca. 1100 – 1460 A Genealogical and Prosopographical Study,* Dumbarton Oaks Studies N° 11 ( Washington, 1968 ) 19. D.J. Geanakopolos , *Emperor Michael Palaeologus,* 234

[134] Нејзин прв сопруг бил Алексиј Фила, син на Теодор Фил, и овој брак бил договорен од страна на Михаил Палеолог во 1261 г. Алексиј умрел во 1270г. или нешто пред тоа.за тоа види кај Donald M. Nikol , *The Byzantine Family of Kantakouzenos ( Cantacuzenus ) ca. 1100 – 1460. 19 ;* Йордан Андреев , *Любовните истории в Българското средновековие* , (Велико Търново ,1996) 67

[135] Васил Златарски , *История на Българската държава през средните векове том.3 Второ Българско царство българия при Асеневци ( 1187 – 1280 )* , второ фототипно издание ( София, 1994 ) 523; Иван Божилов и Васил Гюзелев , *История на средновековна България VII – XIV век,* том. 3 ( София, 1999 ) 512 ;Saška Georgieva , *The Byzantine Princesses in Bulgaria* , 180.; Йордан Андреев, *Кой кой е в средновековна България,*. 255., но кај . D. Nikol , *The Byzantine Family of Kantakouzenos ( Cantacuzenus ) ca. 1100 – 1460* . 19. стои дека бракот е склучен 1270.

оставила, но набрзо Марија родила син кој бил крстен Михаил, но императорот сеуште не ги предавал териториите. Како и да е, Византија не ги исполнила обврските од договорот и тоа претставувало почеток на конфликтот помеѓу Марија Палеолог и нејзиниот вујко. Ова непријателство имало големо влијание на Византиско – бугарските односи. Изгледало дека личност како Константин Тих не може да ја спречи активната царица да застане на сцената на политичките случувања.[136] Според Историјата на Пахимер, Константин повторно бил пасивна фигура во односите со Византија исто како што било и додека бил во брак со Ирена Ласкарис.[137]

Откако Михаил VIII Палеолог не ги предал Месемврија и Анхијал како што ветил, Марија го принудувала Константин да го прекрши договорот и да започне војна, барајќи ги двата града. Согледувајќи ги придобивките на жената од поседот врз мираз во првата глава од овој труд, може да се заклучи зошто Марија небила задоволна од тоа што нејзиниот вујко не го испочитувал договорот предавајќи ги овие два града како мираз, а од друга страна таа по раѓањето на нејзиниот син Михаил сметала дека Бугарското царство , а со тоа и овие два приморски града ќе бидат под негова власт.

Домашната атмосфера и одбивањето на Византискиот Император да ги исполни барањата од договорот, го принудиле Константин Асен да се обиде да влезе во коалицијата на Карло Анжујски. Според изворите, разговорите биле водени 1271 – 1272 год. Михаил VIII Палеолог , сепак, имал ефикасно решение за да ја спречи Бугарија да се вклучи во антивизантиската коалиција, тој склучил сојуз со Ногај, Татарски кан , на кого што за жена му ја дал својата вонбрачна ќерка Евросина.[138]

Изгледа дека дипломатијата на Императорот влијаела на потезите на Бугарскиот цар, но не и врз Марија. Омразата на Марија кон нејзиниот вујко се зголемила откако Михаил ја склучил Лионската Унија, со која што не само што биле повредени нејзините христијански чувства, таа исто така била навредена со тоа што

---

[136] Йордан Андреев , *Любовните истории* , *68*
[137] Pahimer ,I, 344
[138] За овој настан зборувавме и претходно види напред на 30 стр.

нејзината мајка Евлогија и нејзината сестра кои што застанале на страната на православието биле прогонувани од императорот.[139]

Покажувајќи смела и одлучна политика, за разлика од нејзиниот маж, Константин Тих, Марија се обидела да собере сојузници за нејзината борба против Византискиот Император, сојузници кои што подеднакво биле силни со нејзиниот вујко. Таа не можела да најде такви сојузници на Запад, затоа што Михаил со помош на Папата ги оневозможил нивните акции, затоа таа своето внимание го насочила кон Исток.[140] Марија успеала да ги убеди болјарите и свештенството и испратила пратеништво во Ерусалим и во Египет на чело со Јосеф Катар[141] за да го информираат патријархот од Ерусалим за настаните во Константинопол и Лион. Најверојатно задачата на ова пратеништво била да открие дали патриарсите од Ерусалим, Александрија и Антиохија ќе соработуваат со Марија Палеологина.[142] Истата делегација била испратена и кај Египетскиот султан па доколку е можно да го убеди и него против императорот и тој од една страна, а Бугарите од друга да се соберат и да го победат.[143] Оваа соработка која што Јосеф Катар требало да му ја понуди на Египетскиот султан покажува дека царицата морала да добие согласност од Константин Тих за оваа голема дипломатска акција или ја осигурала подршката од Бугарските болјари, во спротивно таа немало да биде во можност да ја собере потребната војска. Во оваа ситуација не е јасно зошто пратеништвото делувало во име на Марија, а не во име на Царот.[144] Ерусалимскиот патријарх им верувал на пратениците во тоа што му го кажувале и ги примил и ислушал, него не го интересирало кој ги испраќа[145], затоа што информациите од Бугарите коинцидирале со интересите на патријархот. Жена во улога на политичар која ја разбира дипломатската игра било за тоа време невообичаен феномен, но патријархот

---

[139] S. Georgieva, *The Byzantine Princesses in Bulgaria, 182.* ; Йордан Андреев, *Кой кой е в средновековна България* 257 ; Златарски, *История на Българската държава през средните векове, 534.*

[140] S. Georgieva, *The Byzantine Princesses in Bulgaria, 182.*

[141] Златарски, *История на Българската държава през средните векове, 536.* Божилов и Васил Гюзелев, *История на средновековна България VII – XIV век*, т.3, 514.

[142] S.Georgieva, *The Byzantine Princesses in Bulgaria, 182.* Donald M. Nikol, *The Byzantine Family of Kantakouzenos (Cantacuzenus) ca. 1100 – 1460. 19.*

[143] *ГИБИ*, том. X, Българска академия на науките, Институт за Българска история, (София, 1954) 170

[144] S. Georgieva, *The Byzantine Princesses in Bulgaria, 182;* Йордан Андреев, *Любовните истории*, 70.

[145] *ГИБИ*, том. X, 170

од Ерусалим на тоа не му обратил внимание.[146] Ерусалимскоит патријарх Григориј ја осудил Лионската унија и ветил дека ќе се обиде да ги придобие Александрискиот и Антиохискиот патријарх.[147] За разлкика од него Египетскиот султан обратил внимание на тоа што пратеништвото е испратено од жена. Тој не ги имал мотивите што ги имал патријархот.[148] Делегација испратена од жена , па дури и тоа да била царица, било неочекувано за него, затоа што такво нешто до тогаш во историјата на Египет не се случило. Па тој мислел дека тоа е сомнително и ги вратил назад без да ги ислуша.[149] Така на голема среќа на Михаил VIII плановите на Марија пропаднале.

Причината за одбивањето на египетскиот султан да ги прими бугарските пратеници може од друга страна да се бара и во тоа што мамелуците веќе имале склучено договор со Михаил VIII па не сакале да ги нарушат односите со него. Сепак Византија била многу поголема сила од една Бугарија.

Тешко е да се открие целосно улогата на Марија. Таа имала силно влијание и внатре во самата Бугарија , само две – три години откако бил роден Михаил Асен бил прогласен за совладетел на Константин Асен. Пахимер смета, дека сето тоа било дело на Марија. Според Златарски Михаил го наследил Константин затоа што тој бил веќе болен, а бидејќи Михаил бил малолетен, Марија била таа што раководела со политиката на Бугарија. Желбата на Марија да го осигури тронот за својот син станала мотивациона сила за сите нејзини акции во внатрешната политика на царството. Како и да е, Марија го презела царството во име на својот сопруг, кој иако бил болен сеуште бил жив, и во име на својот малолетен син. Не постојат докази, кои укажуваат дека оваа ситуација била легално возможна, а покрај тоа во Бугарската историја не се среќава слична ситуација. По се изгледа дека владеењето на Марија немало никаква правна, легална, основа.[150]

---

146 Georgieva , *The Byzantine Princesses in Bulgaria, 182*
147 Йордан Андреев, *Кой кой е в средновековна България* 257
148 Georgieva , *The Byzantine Princesses in Bulgaria, 182*
149 *ГИБИ* , том. X , 170
150 S. Georgieva , *The Byzantine Princesses in Bulgaria, 183*

Болеста на Константин ѝ овозможило на Марија да делува во правец на елиминирање на опастоста од ривалство за тронот. По смрта на Константин, жртва на интригите на Марија станал рускиот кнез и бугарски деспот Јаков Светослав[151]. Уште во 1261 г. Јаков Светослав бил оженет со третата сестра на Јован IV Ласкарис, внука на Јован II, со самото тоа тој имал еднакви права на бугарскиот престол како и Константин и многу поголеми од неговиот син и наследник Михаил кој бил син и на Марија која што немала никаква поврзаност со Асеневската династија. Од тие предности на Јаков Светослав, загриженоста на Марија за престолот била голема. Затоа таа била решена да се ослободи од оваа опасност за неа и за нејзиниот син.[152] Уште една причина за драстичната реакција на Марија против него била титулата , *imperator Bulgarorum* титула со која тој самиот се именувал.[153] По се изгледа, Јаков Светослав бил свесен за ставовите на Марија, како и нејзините намери кон него, во спротивно тој не би побарал од Марија да се заколне, дека нема да му наштети ако оди во Трново. Неговата желба да биде посвоен од страна на Марија и неговата желба да биде нејзин втор син веднаш по Михаил укажува дека деспотот најверојатно сакал да ја убеди Марија дека неговите барања не се поголеми од самото учество во идното регенство врз малолетниот цар. Марија се преправала дека му верува и го посвоила, со тоа таа успеала да го смири на кратко Светослав, а наскоро потоа таа се ослободила од него, убивајќи го во 1277. За тоа време во престолнината почнала да владее недоверба и омраза кон Марија поради нејзините планови.[154]

Овие игри на Марија со Јаков Светослав и неговото ликвидирање, уште повеќе ја влошиле ситуацијата внатре во Бугарија, а омразата на болјарите кон Марија уште повеќе се зголемила. Концентрирајќи се само на обезбедувањето на тронот за својот

---

[151] Йордан Андреев, *Кой кой е в средновековна България* 255

[152] Повеке за Јаков Светислав види:В. Златарски , *История на Българската държава през средните векове,* 538 – 543

[153] И.Божилов и В. Гюзелев , *История на средновековна България VII – XIV век,* т.3, 514. J.R. Tanner, C.W. Previté - Orton , Z.N. Brooke , *The Cambridge Medieval History, vol. IV* , *The Eastern Empire ( 717 – 1453 ),* ( Cambridge, 1923) , 528.

[154] S. Georgieva , *The Byzantine Princesses in Bulgaria, 184;* Йордан Андреев, *Кой кой е в средновековна България* 255 – 256. ; Йордан Андреев , *Любовните истории* , *70. The Cambridge Medieval History, vol. IV,* 528. Сашка Георгиева , *Жената в Българското средновековие,* ( Пловдив , 2011 ) 339 – 340 .

син Марија ги запоставила другите случувања, а сето тоа го искористиле нејзините непријатели.

Додека Царицата своите и непријателите на својот син ги барала помеѓу аристократијата , опасноста пристигнала од сосема неочекуван правец. Претендентот за тронот се појавил пред портите на Трново, тоа бил Ивајло, водач на селското востание.[155] На почетокот на востанието Марија не обрнувала внимание од неговата опасност, но кога се решила да реагира веќе било касно.[156]

Од друга страна немирите во царството решил да ги искористи и омразениот вујко на Марија, Михаил VIII Палеолог кој сметал дека може да си создаде пријатели во Бугарија. За таа цел тој го избрал синот на Мицо кој по својата мајка имал потекло од Асеневците. Михаил VIII го оженил , синот на Мицо, за својата ќерка Ирина и го прогласил за нареден Бугарски престолонаследник именувајќи го како Јован III Асен. Неколку месеци по смртта на Константин, Марија била принудена да се омажи за Ивајло. [157]

Овој брак на Марија со Ивајло бил понижувачки за неа, но таа била решена по секоја цена да го задржи тронот за себе и за својот син. Се покажало дека Марија немала никакви граници за постигнување на своите амбиции.[158]

Бракот кој што го склучила со Ивајло на Марија и донел само уште поголеми непријатности. Таа со овој брак на себе ја навлекла омразата на болјарите. Од друга страна и во Византија тоа било примено со негодување поради тоа што се омажила од една страна со убиецот на нејзиниот претходен маж, а од друга страна тој како човек од најниската класа не и одговарал. Бракот со Ивајло била голема грешка на Марија. Таа наместо со тоа да ја задржи положбата, на себе привлекла уште повеќе непријатели и всушност самата се донела себеси во безизлезна состојба. Нејзините непријатели се соединиле и успеале да ја тргнат од власт.

---

[155] S. Georgieva , *The Byzantine Princesses in Bulgaria, 184.*

[156] Йордан Андреев, *Кой кой е в средновековна България* ,256; И. Божилов и В. Гюзелев , *История на средновековна България VII – XIV век,* т.3, 518 ; А. Атанасовски , *Византиско - Бугарските односи , 199.*

[157] S. Georgieva , *The Byzantine Princesses in Bulgaria, 184;* Zdravko Pljakov , Les relations Bulgaro – Buzantines , 271. ; Атанасовски , *Византиско - Бугарските односи,* 199. ; И. Божилов и В. Гюзелев , *История на средновековна България VII – XIV век,* т.3, 518.

[158] S. Georgieva , *The Byzantine Princesses in Bulgaria, 184.*

Имено Бугарските бољари се согласиле со предлогот на Михаил VIII. За цар во Бугарија бил поставен Иван III Асен[159], а Марија и нејзиниот син Михаил биле предадени на императорот Михаил VIII.[160] Во Константинопол Марија продолжила да ја подржува православната струја организирана од нејзината мајка која била против Лионската унија. А, по смрта на Михаил VIII во 1280 кога новиот император Андроник II ја отфрлил Лионската унија Марија ја подржала ваквата одлука.[161]

Марија се среќава само уште во два случаи. Еден од тие е во 1292 г.[162] кога се појавил лажен Ивајло и Марија била повикана да утврди дали тоа е навистина тој. Марија кажала дека тој воопшто не е нејзиниот сопруг Ивајло. За последен пат името и било спомнато во 1300 г. кога дел од бугарските бољари сакале да го сменат Теодор Светослав и од Андроник II го побарале поранешниот совладател Михаил. Тоа потврдува дека и по дваесет години, Марија сеуште имала приврзаници помеѓу бољарите.[163]

Точната дата за смрта на Марија Кантакузина Палеолог не е позната.[164]

Марија можеби не успеала да го задржи престолот и да му го предаде на својот син, но сепак докажала дека и една жена може да раководи со една така голема територија и да ги прави истите сплетки, и политички да може да се носи со машкиот пол. Па дури се покажала и поодлучна од својот сопруг Константин.

---

159 За Иван III Асен и за тоа како Михаил VIII успеал да му помогне да застане на тронот во Бугарија зборувавме и претходно види страна :

160 *The Cambridge Medieval History, vol. IV,* 529 ; Zdravko Pljakov , Les relations Bulgaro – Buzantines 272.

161 Йордан Андреев, *Кой кой е в средновековна България 257*

162 Додека кај Йордан Андреев , *Любовните истории* , 70. стои 1284

163 Йордан Андреев, *Кой кой е в средновековна България 257*

164 Donald M. Nikol , *The Byzantine Family of Kantakouzenos ( Cantacuzenus ) ca. 1100 – 1460.* , *20.*

*"Во политиката ако сакаш нешто да е кажано - побарај маж, ако сакаш нешто да е направено побарај жена." - Маргарет Тачер*

## Глава Четврта

## Жените кои оставиле најголем печат за време на Палеолозите



**Ирина Монфератска Палеолог, претстава на печат** , *Byzantium, Faith and Power (1261 – 1557)*, ( New York , 2004 )

*„ Ништо не е така колебливо како женскиот карактер, ништо не е така склоно да измисли клевета и лажни обвиненија и своите грешки да ги префрли на другите...“ – Никифор Григора за Ирина Монфератска*

## 4.1. Ирина Монфератска Палеолог

Ирина потекнувала од фамилијата на Монферат, која што својата поврзаност со Византија ја имала уште од периодот на Четвртата крстоносна војна.[165] Всушност по четвртата крстоносна војна Бонифацие Монфератски завладеал со Солун. Фамилијата на Монферат го задржала правото над Солун , а како дел од миразот на Ирина подоцна ќе биде точно и титуларното наследство над Солун.

Татко на Ирина - Јоланта , бил маркизот Вилијам VII ,а нејзина мајка била Беатриче Кастилијанска. Јоланта била омажена за Андроник II кој во 1282 год. го наследил престолот и ја отфрлил Лионската унија. Затоа е чудно, како тоа веднаш по отфрлањето на унијата, Андроник побарал жена точно од Запад. Сепак овој брак повеќе бил од политички причини отколку од верски.[166]

Во 1281 год. првата сопруга на Андроник II Унгарката Ана починала, оставајќи го Андроник со двата сина Михаил и Константин. Изборот за наредна сопруга бил кај Монфератите т.е. Јоланта која после бракот по византиските обичаи го добила името Ирина.[167]

Јоланта била испратена во Цариград со џеновјански бродови, нивната свадба била прославена во 1284год.[168] Ирина имала единаесет години додека, нејзиниот сопруг имал дваесет и пет или дваесет и шест години.[169]

Една од политичките придобивки која што ја имал Андроник II, било тоа што сега бил решен статусот на Солун, тој како мираз на Ирина сега целосно бил предаден на Андроник II.[170] За возврат Андроник II му подарил голема сума на пари на таткото на Ирина.[171] Вториот брак на Адроник II претставува дипломатски триумф, со овој брак тој ја зацврстил анти – анжујската коалиција и ги намалил западните барања на право врз пристанишните области.[172]

---

165 Никол , Византијске племкиње , 80.
166 Исто. 81
167 Warren Treadgold , *A History of the Byzantine state and Society* , ( Stanford , California , 1997 ) 746.
168 Никол ,Византијске племкиње, 81; Angeliki E. Laiou , *Constantinople and the Latins. The foreign policy of Andronicus II 1282 – 1328.*( Cambridge, 1972 ) 48
169 Pachymeres , *De Andronico Palaiologis,* 87 ; Gregoras , *History, Byzantina Historia,* 168
170 W. Treadgold , *A History of the Byzantine state and Society,* 746.
171 Никол , Византијске племкиње , 82
172 Laiou , *Constantinople and the Latins.* 48

Андроник ни оддалеку не го добил тоа што го очекувал од овој брак, не се здобил со придобивките кои што ги очекувал. По се изгледа Андроник не се надевал дека ќе наиде на своеглава жена каква што била Ирина која што си кроела свои планови и се спротивставувала на одлуките на својот сопруг па дури и се обидувала да ги расипе сите негови планови, особено тие кои се однесувале на иднината на нивните деца.

Според кажувањата на Грегора[173] Ирина кога пристигнала во Цариград била мила и шармантна девојка. Но, очигледно под тој шарм и таа милост се криело нешто друго, една интелигентна и амбициозна жена.

Ирина започнала да гледа на Солун како на своја сопственост. Нејзините постапки и нејзината политика покажуваат дека таа всушност станала Византијка затоа што се користи со нивната политика и политички делува како вистинска Византијка, но не се сметала себеси за византијка таа засекогаш за себе сметала дека е западкиња.[174]

Ирина била крунисана за императорка дури откако му го родила првиот син на Андроник II што се случило во 1286 г.[175] Според византиските обичаи сепак прворадениот син имал предност за наследување на престолот. Михаил IX уште во 1294 г. бил прогласен за цар совладател. Знаејќи дека според византиските обичаи, нејзините деца неможат да го наследат престолот, Ирина започнала со кроење на своите планови. Ирина го почитувала феудалниот начин на валдеење, таквите нејзини погледи кон начинот на уредување и нејзиното настојување така да биде и во Византија, му предизвикувало големи проблеми на Андроник II. Во нејзин план било да го убеди Андроник II да ја раздели империјата помеѓу нивните деца. Ирина сакала секој од нејзините синови да добие одредена територија со која би владеел самостојно, независно од императорот.[176] Според Грегора , Андроник несакал да го наруши вековниот начин на владеење во Византија и ги одбил нејзините барања.[177]

---

[173] Gregoras , *History, Byzantina Historia,* 168.
[174] Никол Византијске племкиње 82 ; Laiou , *Constantinople and the Latins.,* 48.
[175] Никол Византијске племкиње 82 ; Laiou , *Constantinople and the Latins.,* 48.
[176] Никол Византијске племкиње 83 ; Laiou , *Constantinople and the Latins.* 48
[177] Gregoras , *History, Byzantina Historia,* 233 – 235

Со оглед на тоа што Ирина го донела Солун како мираз во бракот со Андроник таа овој град го сметала за свој град. Ирина водела голема грижа за тоа да ги снабди и обезбеди своите деца, а грижата за нејзиниот посинок Михаил IX речиси и не постоела. Сепак Ирина по одбивањето од страна на Андроник на нејзиниот предлог, таа смислила друг начин како да ги обезбеди своите деца, а тоа било преку организирањето на нивните венчавки т.е таа одлучувала со кого тие ќе се венчаат.[178] Секако надевајќи се дека на тој начин ќе влијае врз одлуките на своите синови. Со самото тоа фактички таа станувала индиректен владетел на тие територии.

Овие планови на Ирина значеле поделба на империјата нешто што Андроник ниту можел ниту пак сакал да го дозволи. Тој напротив сакал да ја одржи империјата во целост па дури и да ги приклучи оние делови од империјата кои со Четвртвртата крстоносна војна биле одвоени од империјата.

Се разбира дека плановите на Ирина како и на секоја друга мајка биле да ги обезбеди своите деца , но нејзините планови и политики, допринеле да се влошат нејзините односи со Андроник II . Ирина на секој начин се обидувала да го убеди Андроник да ги оствари нејзините желби. Односите станале најжестоки кога Андроник за да го запре навлегувањето на Милутин во Македонија и опасностите кон Солун донел одлука да му ја даде на Милутин за жена својата петгодишна ќерка Симонида.[179]

Реакцијата на Ирина во однос на овој брак, со оглед на тоа што нејзината ќерка имала пет години, а Милутин бил четириесет години постар од неа, во изворите не е кажана, сепак природно е да не и одговарало да ја мажи својата ќерка за Милутин. Сепак откако Ирина согледала дека преку новиот зет Милутин може да влијае на Андроник II и дека на тој начин може да ги оствари своите планови, таа го прифатила овој брак и се зближила со српскиот крал.

[178] Laiou, *Constantinople and the Latins.* 48
[179] За овој брак ќе видиме повеќе подоцна кога ќе зборуваме за Симонида.

При склучувањето на бракот на Симонида со Милутин во 1299 год. Ирина и Андроник за последен пат биле видени заедно во јавноста.[180]

По настаните од овој брак, Ирина одлучила брачните сопатници на своите деца да ги одредува таа, а не нејзиниот сопруг.[181]

Андроник II имал свои планови за кого да ги венча своите деца, секако тоа било во согласност со неговата политика, со оглед на тоа што Ирина и Андроник имале сосема различни планови и политика, по ова прашање дошло до недоразбирање помеѓу нив двајца.

За својот најстар син , Јован , Ирина планирала да го ожени за Изабела Вилардуен која била вдовица на францускиот кнез на Ахаја и Пелопонез. Наместо тоа Андроник решил да го ожени својот син за Ирина Хумн ќерката на Никифор Хумн.[182]

Сепак сметам дека изборот и решението на Ирина биле политички поисплатливи за Јован па и за Византија, затоа што со бракот со Хумн всушност повеќе добил Хумн, а не Палеолозите. Додека пак бракот со Вилардуен би можело да ги подобри односите со фамилијата на Вилардуен и да се здобијат со влијание врз Ахаја.

Откако увидела дека веќе нема никакво влијание врз својот сопруг и откако омразата кон него по овие настани се зголемила, Ирина во 1303 год. заминала за Солун град кој што всушност бил нејзин мираз и таа го сметала за свој. Поголемиот дел од животот Ирина го поминала во Солун, а и тука била поблиску до својата ќерка Симонида.[183]

По пристигнувањето во Солун, веднаш почнала со планирање на бракот на нејзиниот втор син Теодор со ќерката на Гај да ла Рож, војводата на Атина.[184] Овој брак бил условен со заеднички сојуз против владетелот на Тесалија, Јован II Ангел,

---

180 Pachymeres , *De Michaele et Andronico Palaiologis,* 275 – 277 : Gregoras , I ,203 – 204
181 Никол ,Византијске племкиње, 87
182 За бракот на Јован и Ирина види погоре.
183 Никол , Византијске племкиње, 88.
184 Laiou , *Constantinople and the Latins.* 230

кого што заеднички требало да го тргнат од престолот и неговите територии да ги наследи Теодор.[185] Се гледа дека покрај Андроник кој што имал свои планови за одвојување на Тесалија и приклучување на овие територии кон империјата имала и Ирина , но нејзините планови небиле за да се приклучат кон териториите на империјата туку само како дел од онаа нејзина политика секој нејзин син да добие определена апанажа.[186] Како што може да се види, Ирина и покрај спротивставувањата на Андроник продолжила со нејзината политика.

Во 1305 год. умрел братот на Ирина , грофот од Монферат, а титулата била пренесена на Ирина. Плановите на Ирина овој пат биле да го испрати во Монферат својот најстар син Јован за што почнала да го убедува и Андроник, дека тоа би било најдобро за Јован. Сепак, повторно некој ги пореметил нејзините панови овој пат бил тогашниот патријарх Атанасиј. Патријархот Атанасиј бил антилатински настроен па затоа и го убедувал Андроник II дека нетреба да го испрати Јован на запад. Влијанието на патријархот било поголемо врз Андроник отколу тоа на Ирина.[187] Ирина повторно била поразена, повторно пропаднале нејзините планови. Овој пат патријархот Атанасиј бил тој кој што ги оневозможил нејзините планови.

Сега наместо Јован, Ирина решила да го прати другиот свој син во Италија Теодор кој таму се оженил за благородничка од фамилијата Спиноза од Ценова, по неговото заминување во Италија посетите на Византија станале многу ретки. [188]

Ирина, Солун го сметала за свој посед и од таму делувала како царица независно од Андроник. А, имала и посед во Македонија,[189] во Драма каде што знаела да се повлече за да се одмори. Во период од две години од нејзиното заминување во

---

[185] Византијски извори за историју народа Југославије VI , Сима Ћирковић, Божидар Ферјанчић , *Нићифор Григора*,( Београд 1968.) 176

[186] Апанажата претставува : Територија т.е административна организација, која што им се доделува на управување, всушност им се дава во сопственост на императорските синови или членови на династијата. , повеќе за апанажата види : Љубомир Максимовић , Генеза и Карактер апанажа у византији , ЗРВИ, XIV – XV , ( Београд, 1973 ) 103 – 154.

[187] Никол , Византијске племкиње, 88.

[188] Како што кажав и претходно Ирина планирала да го ожени Теодор за ќерката на атинскиот војвода Гиј де ла Рож , но откако пропаднал овој обид за брак и оној за Јован Ирина решила Теодор да биде тој што ќе оди за Италија. Види : Никол Византијске племкиње 89; Laiou , *Constantinople and the Latins*. 230

[189] Овој посед и бил даден при стапувањето во брак со Андроник .

Солун 1303 па се до 1305 Андроник го имал испратено Теодор Метохит да и биде советник на Ирина. Улогата на Метохит всушност била да го информира Андроник за постапките и акциите кои ги преземала Ирина. Од ова може само да се заклучи дека Андроник воопшто немал доверба во Ирина.[190] Бил во право што не и верувал на Ирина затоа што секоја нејзина постапка и акција биле спротивни од неговата политика и планови.

Ирина дипломатски најмногу била поврзана и најмногу соработувала со Србија односно со нејзиниот зет Стефан Урош II Милутин. Затоа во овој период за Византија и за Андроник најголема опасност се заканувала од плановите и пријателството на Ирина со Милутин. Таа од една страна се преселила во Солун за да се оддалечи од Андроник, а од друга страна за да биде поблиску до својата ќерка и до Милутин. Ова збилжување со Милутин било секако со цел да може да го придобие Милутин на своја стрна за да може да му се одмаздува на Андроник II. Ирина почнала да се допишува со Милутин, да му испраќа пари, разни подароци и скапоцености и го повикувала на својот двор.[191] Според кажувањата на Грегора, Ирина постојано му испраќала подароци и пари на Милутин „ сето тоа богатство би било доволно да се вооружат сто галии, кои што би биле од огромна корист за Ромејците “.[192] Иако знаела дека на тој начин ги поттикнува долгогодишните претензии на Србија кон Македонија и Солун, таа продолжила со опасната дипломатија само за да му врати на сопругот.[193] Надежите на Ирина биле насочени во насока, дека еден ден српските сили ќе бидат поголеми од императорските и српскиот крал ќе ја освои империјата, а со тоа империјата ќе остане во наследство на децата на Симонида. Набрзо Ирина дознала дека Симонида неможе да има деца[194].

---

[190] Никол Византијске племкиње 89 ; Laiou , *Constantinople and the Latins.* 230

[191] Никол Византијске племкиње 90; Драгослав Срејовић, Мирослава Мирковић, Сима Ћирковић и други , *Историја Српског Народа, Од најстаријих времена до Маричке битке ( 1371 ),* прва књига, трето издание ( Београд, 2000 ) 463.

[192] Greg. 241 – 244 .

[193] Никол , Византијске племкиње , 90

[194] Според Грегора, Милутин не се придржувал до тоа да не општи интимно со Симонида пред нејзиното навршување на 12 години тој тоа го направил кога таа имала осум години што предизвикало Симонида да неможе да има деца.

Откако Ирина разбрала дека Милутин и Симонида нема да можат да имаат деца, се одлучила да го убеди Милутин да го посвои нејзиниот син Димитриј кој во тој период престојувал во Солун заедно со Ирина. Димитриј во 1303 год. бил испратен во Србија, но тој не издржал долго на српскиот двор, тој го сметал за многу назаден и досаден па се вратил во Солун. При една од ретките посети на нејзиниот син, маркизот Теодор во 1316 год. , Ирина го убедила сега тој да оди на српскиот двор. Ниту на Теодор не му се допаѓал животот на српскиот двор па се вратил назад во Италија.[195]

Ирина и понатаму продолжила да одржува добри врски со српскиот крал и да му испраќа скапи подароци, [196] пријателството на Ирина со Милутин го загрижувало Андроник поради што тој се однесувал добро кон неа. Андроник се плашел дека Ирина е во можност дури и да го убеди Милутин да се сврти против империјата и да започне војна. [197]

По навлегувањата на Турците во Мала Азија во 1303 год. Андроник II напомош ги повикал Каталонците. Наскоро се покажало дека Византија многу скапо ја платила оваа помош, затоа што незадоволните Каталонци се свртеле против Византија и започнале со освојување на делови од нејзината територија.[198]

Точно во овој период, Ирина увидела дека ниеден од плановите не и успеал почнала да ја стишува својата омраза спрема својот сопруг и се решила да се врати во Цариград. Само што ја донела оваа одлука дознала дека Каталонците тргнале во напад на Солун со цел да го заземат градот и да ја заробат или убијат самата Ирина. Но, со благовремена интервенција на војска од Цариград , Солун бил спасен од Каталонците.[199] Исто така, на барање на Ирина во одбраната на градот придонела и помошта добиена од Србија, а сето тоа било благодарение на добрите

---

[195]Византијски извори за историју народа Југославије VI , *Нићифор Григора,* ; Никол , Византијске племкиње 90; Михајло Ласкарис , *Византијске принцезе у средњевековној Србији* ,( Београд , 1926 ) *72 – 74 ;* CMH vol IV 533 ; Драгослав Срејовић, и други , *Историја Српског Народа,* 463.
[196] Laiou , *Constantinople and the Latins.* 231
[197] Византијски извори за историју народа Југославије VI , *Нићифор Григора,* 173 – 175.
[198] Повеќе за Каталонската кампања види : Warren Treadgold , *A History of the Byzantine state and Society* 750 – 754. ; Александар Атанасовски , *Македонија во XIV век,* ( Тетово, 2009 ) 33 – 37. И таму посочената литература.
[199] Warren Treadgold , *A History of the Byzantine state and Society* , 752 . ;Никол, Византијске племкиње, 94

односи на Ирина со Милутин.[200] За време на каталонската кампања во Македонија Ирина ги искористила своите добри врски со Србија и побарала нивна помош при одбраната на Солун. Таа побарала помош најверојатно заради нејзина лична заштита затоа што доколку Каталонците влегле во Солун таа би била или заробена или убиена. Според Грегора, дури била и формирана анти - Каталонска коалиција помеѓу владетелите на Србија, Албанија, Тесалија и Акарнанија во 1308г.[201] Лајоли смета дека , ако оваа коалиција воопшто била формирана тогаш таа сигурно небила без знаење на Ирина. Според сето ова може да се види дека Ирина дејствувала сосема независно, па дури и делувала како да има своја посебна територија со седиште во Солун на чие чело стоела токму таа.

Значајно е да се забележи дека за време на каталонските немири ја гледаме Ирина како самостојно донесува дипломатски одлуки и со тоа активно се вмешува во настаните.

По овие настани Ирина заминала во Цариград обидувајќи се да му се врати на својот сопруг, сепак сето тоа било веќе залудно.

Политичката активност на Ирина можеме да ја согледаме и од нејзината вмешаност околу доделувањето на хоризми.

Познати се три такви хоризми кои што ги доделила Ирина. Тука ќе зборуваме за една од нив за да ја видиме политичката улога на Ирина и во тој дел.

Козма Панкалос големопоседник од Сер, во 1313 се замонашил и целото свое богатство му го поклонил на манастирот Пантократор, а за возврат барал од манастирот да му се обезбедат три аделфати[202], за него , за еден јеромонарх и еден световник. По се изгледа иако монахот Панкалос го подарил својот имот кој што вредел далеку повеќе од три аделфати, не ги добил бараните аделфати поради што за помош се обратил кај императорката Ирина. Основачи на манастирот

[200] Laiou , *Constantinople and the Latins.* 224

[201] Greg. 247.

[202] Аделфат : означува задужбина (имот ) , кој бил изградена од благородниците , за згрижување на неспособните за живот и работа членови од фамилијата, подоцна овој имот останувал на манастирот. Види : Енциклопедија Православља , книга прва, А – З , ( Београд , 2002 ) 14.

Пантократор биле Јован II Комнин и неговата сопруга Ирина. Овој манастир од тогаш па до распадот на Византија имал посебен третман т.е. секогаш некој од владејачката фамилија се грижел за овој манастир. Во времето на Палеолозите тоа била Ирина Монфератска. Ирина била заштитник на манастирот и по нејзината смрт таа по нејзина желба била погребана точно таму. Тука и ја гледаме причината поради која Панкалос и се обратил на Ирина , а не на императорот Андроник II Палеолог. Не постојат никакви сомнежи дека Панкалос со помош на хоризмата од императорката го добил тоа што го посакувал.[203]

Со оглед на тоа што овој проблем Ирина го решила со својата хоризма покажува дека таа немала слобода за одлучување и делување само во однос на своите поседи туку и надвор од тоа.[204]

По овие настани , Ирина во историските извори веќе не се спомнува, последен пат била спомнато дека во 1317 таа умрела во Солун, притоа оставајќи во својот тестамент дека им го разделува својот имот на нејзините деца.[205] Конечно по нејзината смрт, Андроник II успеал да ја врати својата контрола врз Солун.[206] Ирина значи имала целосна контрола над Солун и изгледа тие години додека таа била во Солун, Андроник II немал никакви права врз овој град.

Од сето досега кажано за Ирина можеме да заклучиме дека таа имала голема политичка вмешаност во тогашните настани. Видовме дека самостојно владеела во Солун, донесувала самостојни одлуки, ги планирала браковите на своите деца и планирала сојузи за што поголема моќ. Знаела да го искористи своето пријателство со кралот Милутин за постигнување на своите цели. Од нејзините постапки и пријателства посебно од тоа со Милутин , дури и самиот император стравувал, мислејќи дека е во можност да го убеди Милутин да влезе во војна со Византија. Со нејзините постапки и политика, делувала како вистински византиски император кој што не ги бира средствата за да ги оствари своите цели. Како што кажува и

[203] Фрањо Баришић , *Повеље византијских царица*, Зборник Радова Византолошког Института књ. XIII , ( Београд , 1971 ) 160.
[204] Исто 161.
[205] Никол , Византијске племкиње , 95.
[206] Warren Treadgold , *A History of the Byzantine state and Society,* 754.

Фрањо Баришиќ, Ирина била “ мајка - политичар” . Како и за другите императорки така и за Ирина политичката улога во империјата сеуште не е целосно разјаснета. Сепак е јасно, дека таа со помош на тоа што имала свој имот и благодарение на нејзината интелигенција и од она малку што го знаеме можеме да видиме дека таа имала политичка моќ. Некои свои идеи и начини на справување кои секого би го воодушевиле, иако таа била западкиња и себеси се́ сметала за таква, нејзината политика и постапки дефинитивно би ги оцениле како политика на еден вистински византиски император.

Аверс и реверс од печатот на Ирина Монфератска Палеолог, жената на Андроник II Палеолог. На аверсот е претставена Богородица со Исус, а на реверсот е прикажана самата Ирина Палеолог. Helen C. Evans , *Byzantium, Faith and Power ( 1261 – 1557 ),* ( New York , 2004 ) 33.



Аверс



Реверс



Симонида Палеолог, претстава во црквата во Грачаница

## 4.2. Симонида

Симонида е најмладата личност која што имала политичка улога. Иако тоа било индиректно на почетокот, но нејзината политичка улога започнала уште на нејзина пет годишна возраст.

На почетокот од своето владеење Андроник II меѓу другото се соочил и со проблемите кои што доаѓале од Србија , односно со нејзиното зајакнување и со амбициозниот Милутин кој се насочил кон освојување на Македонија. Неможејќи да се справи со Милутин на воен начин, Андроник се одлучил да преземе дипломатски чекор кој што бил добро познат за Византијците т.е. да влезе во роднински врски со противникот преку склучување на брак. Од друга страна и на Милутин му одговарало родбинското врзување со Византиската династија.

Андроник II го испратил Михаил Главас да се справи по воен пат со навлегувањата на Милутин во Македонија, но сето тоа било безуспешно. Главас го советувал императорот поради опасноста од Турците да го реши проблемот со Србија побргу преку склопување на брак.[207]

Според , Пахимер предлогот за мир дошол од самиот Андроник II.[208]

Во периодот на превирањата со Србија, во Трапезунт умрел Трапезунтскиот цар Јован. Неговата сопруга, воедно и сестра на Андроник II , Евдокија, останувајќи вдовица се вратила во Византија. Андроник II во неа видел потенцијален кандидат за остварување на своите политички цели кон Србија т.е склучување на брак помеѓу Евдокија и Милутин.[209] Овој предлог бил со воодушевување прифатен од Милутин , кој во тој период бил веќе во трет брак со Ана ќерка на бугарскиот цар.

---

[207] Жељко Фајфрић , *Српске Краљице и Принцезе* , ( Сремска Митровица, 2007 ) 32.

[208] Владимир Мошин , *Балканската дипломатија и династишките бракови на кралот Милутин,* Архив на Македонија , Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија , том II ( Скопје 1977) 186.

[209] A. Laiou , *Constantinople and the Latins. The foreign policy of Andronicus II 1282 – 1328.*( Cambridge, 1972 ) 95 ; Михајло Ласкарис , *Византијске принцезе у средњевековној Србији* ,( Београд , 1926 ) 55.; Зорница Йончева , *Династически бракове и въпросът за престолонаследиeто в Сърбия XII – началото на XIV век,* Институт по Балканистика при БАН , Византия – Балканите – Европа ( София, 2006 ) 234.

Евдокија го одбила бракот со Милутин.[210] Според Пахимер[211] Евдокија го одбила бракот затоа што сакала да остане верна на спомените на својот сопруг.[212] Андроник II знаел дека нема да може да ја убеди сестра си на овој брак[213] и плашејќи се од повторно заострување на односите со Србија и од повторно српско навлегување на византиска територија, донел многу драстично решение - да ја омажи својата пет годишна[214] ќерка Симонида[215] за Милутин[216].

Најзначајните услови за склучувањето на договорот т.е. на бракот биле поставени уште во 1299 год. За утврдувањето на деталите за договорот за мир и за бракот Андроник во Србија го испратил Теодор Метохит.[217]

Метохит имал за цел да го натера Милутин да прифати три главни точки и тоа :

1. На Византијците да им биде предадена третата жена на Милутин , Ана ,
2. На свадбата и при давањето на заклетва да учествува и српската кралица мајка Елена,
3. Да се утврди бројот и начинот на кој ќе биде извршена размената на заробеници.

---

210 О. И. Нуждин , *Византийско - сербский мирныя договор 1298 / 1299г.; причины , условия , последствия* , Византийский временник , том 57 (82) , Российская академия наук, ( Москва , 1997 ) 103. Срејовић, Мирослава Мирковић, Сима Ћирковић и други , *Историја Српског Народа,* 446. ; Фајфрић , *Српске Краљице и Принцезе* , 32.

211 Pachymer 274 – 275

212 Причината за одбивањето на бракот била сосема поинаква , имено синот на Евдокија , Алексиј се оженил за ќерката на грузискиот владетел без знаење на Андроник II, кој што всушност планирал својот внук Алексиј да го жени за ќерката на Никифор Хумн. Поради тоа и избиле недоразбирањата помеѓу братот и сестрата и одбивањето за брак на Евдокија со Милутин.

213 Džon Džulijus Norič , *Vizantija , opadanje I propast,* ( Beograd , 2010 ) 225.

214 Стојановиќ пишува дека таа имала седум години види : Ст. Стојановић , *Историја Српскога Народа* , ( Београд, 1910 ) 129.

215 Стојановић Љ. , Стари Српски Записи и Натписи, књига шеста , Српска Краљевска Академија ( Ср. Карловци, 1929 ) 77. Наведен е натпис во кој се чита „Simonida kralica i Paleologina, d`;i carga Andronika Palewloga“ натпис кој се наоѓа во манастирот во Грачаница.

216 Сима Ћирковић и Божидар Ферјанчић , *Византијски извори за историју народа Југославије VI , Никифор Грегора* , ( Београд, 1986 ) 169 – 170 . ; Helen C. Evans , *Faith and Power ( 1261 – 1557 )* , ( New York, 2004 ) 20. ; Јанићије Поповић , *Манастир Грачаница* , ( Београд , 1927 ), 55. ; Александар Атанасовски , *Македонија во XIV век,* 29.

217 Ласкарис , *Византијске принцезе* 61.

Од дадените точки Милутин ги прифатил првата и третата точка додека втората точка ја отфрлил.[218]

Андроник, Ирина и Симонида пристигнале во Солун на 19 Април , Велигден, 1299год. Милутин плашејќи се дека византијаците можат да го изиграат, побарал размената на Симонида да биде извршена по течението на реката Вардар.[219] Така од една страна била извршена размена на Симонида со византиските заробеници, а од друга на српските заробеници со , Котаниц и Тертериевата ќерка , Ана. Според Пахимер Милутин ја пречекал Симонида " не како сопруга туку како господарка " тој се симнал од коњот и клекнал пре неа. [220]

Венчавањето го извршил охритскиот архиепископ, Макариј.[221]

Најголемата придобивка што ја имал Милутин од овој брак било тоа што Симонида со себе како мираз ги донела веќе освоените територии во Македонија[222] на тој начин се здобил и со легално право над овие територии. Од друга страна Византија се ослободила од срамот дека ги загубила територииte во војна од Србија, сега тоа го прикажувала дека е доброволно дадено како мираз, а од друга страна се надевала дека со прекинувањето на бракот помеѓу Симонида и Милутин , Симонида ќе си го земе својот мираз назад.[223]

---

[218] П.ХР. Илиевска, *Извештај за пратеништвото на Теодор Метохит*, , Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија , том II ( Скопје 1977) 279.
, Ласкарис , *Византијске принцезе* 63 ; Мошин , *Балканската дипломатија 189.*

[219] В. Мошин , *Балканската дипломатија* , 19 ; Билјана Ристовска – Јосифовска , *Кралството на Словените од Мавро Орбини* , како извор за македонската средновековна историја , ( Прилеп , Скопје , 2001 ) 98.

[220] Pachymer , II, 286, ; М. Ласкарис , *Византијске принцезе,* 67 – 68. ; A. Laiou , *Constantinople and the Latins. 98 – 99 .;* Миладин Стевановић , *Краљ Милутин* , ( Београд, 2002 ) 78. ; ; А. Атанасовски , *Македонија во XIV век,* 29.

[221] Причината за тоа што венчавањето го извршил охридскиот архиепископ, а не цариградскиот е затоа што цариградскиот патријарх не ја прифаќал одлуката на Андроник да ја омажи својата петгодишна ќерка за Милутин. Спореди : М . Ласкарис , *Византијске принцезе,* 68. ; ; А. Атанасовски , *Македонија во XIV век,* 29.

[222] Donald M. Nicol , *The last Centuries of Byzantium* , ( Cambridge , 1993 ) 120 ; А. Атанасовски , *Македонија во XIV век,* 30; Димитър Ангелов , *Византия политическа история,* ( Стара Загора, 1994) 279.

[223] За правото на жената да си го врати миразот по престанувањето на бракот види погоре во прва глава.

Сепак овој брак и поврзувањето со византиската владеачка фамилија не го спречиле Милутин да склучи договор со Карло Валоа во 1308 г. за освојување на Цариград.[224]

За животот на Симонида на српскиот двор се знае мниогу малку. Како и да е, Симонида често доаѓала во Солун со изговор да се види со своите роднини и со својата мајка. Дали овие посети биле само за да се види со своите роднини? Поголеми се шансите Симонида во нејзините подоцнежни години да ја добила улогата на византиски шпион, односно добила задолжение да го информира византискиот император за плановите и чекорите на српскиот двор. Симонида имала одлични прилики да ги дознава плановите на Милутин, а византискиот император знаел тоа вешто да го искорсти.

Од сето ова можеме да заклучиме дека Симонида индиректно била вклучена во политичките збиднувања, нејзиниот брак со Милутин се обидува да го искористи дури и нејзината мајка Ирина за остварување на своите политички цели.[225]

Како што видовме и претходно додека зборувавме за Ирина дека откако се утврдило дека Симонида неможе да има деца, заради тоа што Милутин ја направил своја сопруга пред таа да наполни 12 години, Ирина решила еден од своите синови да го прати во Србија за да го наследи престолот на Милутин. Тука започнува и политичката улога на Симонида за остварување на плановите на нејзината мајка. За да се остварат плановите за тоа еден од браќата на Симонида да го наследат српскиот престол, првин морало да спречат најстариот син на Милутин , Стефан Дечански , од претходните бракови да неможе да го наследи престолот.

Според Новаковиќ , Симонида била таа која ги предизвикала недоразбирањата и судирите помеѓу Милутин и Стефан Дечански.[226]Симонида успеала да го искористи

---

[224] Повеќе за договорот во 1308г. помеѓу Милутин и Карло Валоа види : Владимир Мошин, Лидија Славева , *Договорот на Крал Урош II Милутин со Карло Валоа од 1308 година за поделба на Византиска Македонија,* Споменици II ( Скопје , 1977 ) 415 – 428 ; Александар Атанасовски , *Македонија во XIV век,* ( Тетово, 2009 ) 34 – 37.
[225] За овие Иринини политички планови види погоре.
[226] Стојан Новаковиќ , *Срби и Турци* , 66, 67.

своето влијание врз Милутин[227] за да го убеди дека , Стефан Дечански се обидувал да ја обесчести. Вистинската причина за таквата клевета била тоа дека Симонида не го сакала својот посинок , затоа што српскиот престол сакала да го обезбеди за своите деца , т.е. за еден од нејзините браќа , поради тоа таа дури и му посакувала смрт на Дечански.[228] Според Дечанскиот летопис, Симонида би можело да биде и виновник за ослепувањето на Стефан Дечански.[229] Фајфриќ смета дека Симонида нема никаква врска со ослепувањето, тоа била само борба за превласт помеѓу таткото и синот, вакви борби имало и претходно , а и подоцна, затоа тој ја исклучува Симонида од таквата акција.[230]

По завршувањето на судирот помеѓу Милутин и Дечански во посета на Милутин дошол неговиот брат Драгутин, кој заправо дошол за да го посети гробот на нивната мајка. По оваа средба Симонида, побарала од Милутин да и дозволи да ја посети сопругата на Драгутин, Катарина. Оваа посета на Симонида и била дозволена. Така, таа со Катарина се сретнала во Београд каде што срдечно била пречекана. По оваа посета, Симонида се спријателила со Драгутин и Катарина и била почитувана од нивна страна.[231]

По смрта на Ирина Монфератска ( 1317 ) , Симонида се вратила во Константинопол за да присуствува на погребот на нејзината мајка. Притоа Симонода , се задржала премногу долго, а сето тоа го налутило Милутин. Милутин сакајќи да ја врати Симонида назад испратил пратеништво во Цариград заканувајќи се дека ако не биде вратена Симонида тој ќе навлезе на византиска територија. Плашејќи се дека би можело заради тоа Милутин да ја обнови војната со Византија и да навлезе во Македонија , било решено да се врати Симонида назад кај Милутин. Сепак, Симонида решила да се замонаши само за да побегне од својот сопруг. Плашејќи се

---

[227] И според Стојановиќ, Симонида имала силно влијание врз Милутин. Стојановић , *Историја Српскога Народа* , 131.

[228] Владимир Мошин , *Балканската дипломатија* , 195. Драгослав Срејовић, Мирослава Мирковић, Сима Ћирковић и други , *Историја Српског Народа, 464.*

[229] Владимир Мошин , *Балканската дипломатија* 92. ; Зорница Йончева , *Династически бракове* 235. Драгослав Срејовић, Мирослава Мирковић, Сима Ћирковић и други , *Историја Српског Народа, 464.*

[230] Фајфрић , *Српске Краљице и Принцезе* , 36.

[231] К. Јиречек – Ј. Радонић , *Историја Срба,* друга књига,( културна историја ) , ( Београд , 1952 ), 242. ; Фајфрић , *Српске Краљице и Принцезе* , 37 – 38.

дека ако тоа го направи во Константинопол ќе му предизвика проблеми на својот татко, Симонида одлучила тоа да го направи во Сер. Таа скришно купила монашка облека и се облекла во неа. Утредента кога српските пратеници ја виделе останале вчудовидени , незнаејќи како да реагираат на сето тоа. Братот на Симонида обидувајќи се да ги одбегне последиците од можниот напад на Милутин на Византија поради ваквите постапки на Симонида го решил овој проблем на тој начин што и ја скинал нејзината монашка облека и со сила ја натерал да се врати назад кај својот сопруг.[232]

По овој " инцидент " односите почнале да се подобруваат. Милутин во неколку наврати му испратил помош на византискиот император[233], а и Византија му помогнала на Милутин во неговите судири со брат му Драгутин, византискиот цар дури и бил посредник во постигнувањето на мирот помеѓу браќата.[234]

Во подоцнежниот живот Симонида своето внимание го свртела кон заштитата на некои од манастирските комплекси. Еден од тие манастири кој бил ставен под заштита на Симонида биле манастирите во Маникејската Гора во Сер.

Најверојатно додека Симонида престојувала во Цариград , за време на погребот на нејзината мајка, го замолила својот татко Андроник II на Маникејскиот манастир кој во тоа време бил под нејзина заштита, да му го подари имотот познат како Моноспитон. Затоа во септември 1317 год. Андроник II издал хрисовула со која на Маникејскиот манастир му ги потврдувал сите негови поседи. Уште во 1304 год. Андроник II издал простагма за манастирот Св. Јован Продорим. Во актите од оваа простагма јасно било нагласено дека овој Маникејски манастир се наоѓа под заштита на Симонида. Заштитничката улога на Симонида кон манастирот Св. Јован Продорим може да се воочи и од друга документација која потекнува од тој период. Во јуни 1321 год. на молба на Милутин, Симонида и на хиландарскиот

---

[232] Ласкарис , *Византијске принцезе* 76 – 77. Сима Чирковић и Божидар Ферјанчић , *Византијски извори 189 – 191* .A. Laiou , *Constantinople and the Latins. 282.* Божидар Ферјанчић , *Византијски и Српски Сер у XIV столећу,* ( Београд , 1994 ) 38.

[233] Стојан Новаковиќ , *Срби и Турци XIV и XV века* , ( Београд , 1933 ) 66.

[234] Ласкарис , *Византијске принцезе* 78 ; О. И. Нуждин , *Византийско - сербский мирныя договор* 105.

игумен Гервасиј , Андроник II издал хрисовула на Маникејскиот манастир со кој му потврдува голем дел на поседи.[235]

Извесно време по смрта на нејзиниот сопруг Симонида се вратила во Цариград каде што го продолжила својот живот како калуѓерка замонашувајќи се во манастирот Св. Андриј.[236]

Во периодот кога се вратила Симонида во Византија била започната граѓанската војна помеѓу нејзиниот татко Андроник II и внукот Андроник III.[237]

Во 1322 год. кога Андроник III на кратко дошол од Димотика во Цариград за да се види со својата мајка Рита Марија во придружба на Рита Марија била и штотуку вратената ва Византија Симонида. Според Јован Кантакузин и Никифор Грегора , Симонида го известила Андроник за разговорите кои што биле водени таму.[238] Симонида не останала поштедена од судирите помеѓу дедото и внукот, таа се вмешала во преговорите кои биле водени помеѓу Андроник II и Андроник III. Андроник II меѓу другите престапи кои му ги препишувал на својот внук било и тоа дека „ се обидел да ја принуди полусестрата на својот татко на против природни односи, што таа со гнасење тоа го одбила. "[239]

Навистина , Андроник III бил опишуван како љубител на жените, но дали навистина отишол дури до таму да и понуди таков предлог на сопствената тетка или сето тоа биле само обвиненија направени од Андроник II и биле дел од неговата политика? Зошто тие обвиненија ги посочил Андроник II, а не самата Симонида?

Симонида останала верна на својот татко и останала заедно со него цело време. Кога во 1328 год. за Андроник II се појавила последната надеж за спас, односно

[235] Божидар Ферјанчиќ , *Византијски и Српски Сер* 37 - 39

[236] A. Laiou , *Constantinople and the Latins.* 283. Божидар Ферјанчиќ , *Византијски и Српски Сер* 39.

[237] Повеќе за граѓанската војна помеѓу Андроник II и Андроник III види : A. Laiou , *Constantinople and the Latins. 284 – 300.;* Успенски , *Историја Византиског царства, 633 – 639 ;* Радивој Радиќ, *Време Јован V Палеолог 42 – 70 ;* Острогорски ,*Историја Византије, 465 – 468* , ; А. Атанасовски , *Македонија во XIV век,* 39 – 42 . и таму посочената литература.

[238] Kantakuzin , I, 168 ; Gregora ,I ,359

[239] Gregora, I ,393 ; Ласкарис , *Византијске принцезе* 81 ; Божидар Ферјанчиќ , *Византијски и Српски Сер*,40

кога Михаил Шишман му понудил помош на Андроник II во борбата со Андроник III дотогашниот негов сојузник,[240] за преговорите биле испратени само најдоверливите луѓе на царот меѓу кои била и Симонида.

Во 1328 год. Андроник II ја загубил војната и својот престол. Бил приморан да се повлече да се замонаши пришто го добил монашкото име Антониј и остатокот од животот го поминал во манастир.[241]

Симонида заедно со Никифор Грегора често го посетувала својот татко, таа и побарала од Григора да ја напише панихидата за Андроник II на неговиот погреб.[242]

Симонида за последен пат во изворите се споменува 1336 – 1337 год. Во овој период во Цариград била организира завера за симнување на Андроник III од престолот, кој во тоа време бил во Мала Азија. Откако се вратил во Цариград Андроник III започнало испитување за наоѓање на учесниците во заверата, помеѓу осомничаните бил и Димитриј Палеолог. На самата расправа учествувале и царицата и Симонида. Сдоред Грегора, заради почит кон својата тетка Симонида, Андроник III решил да му прогледа низ прсти на нејзиниот брат Димитриј.[243] На тој начин влијанието на Симонида врз Андроник III успеало да му го спаси животот на нејзиниот брат.

Промените кои што настанале на престолот предизвикале и други промени. Такви промени настанале во однос на заштитникот на Маникејскиот манастир. Дотогашниот нивни заштитник Симонида, бил заменет со Јован Кантакузин. Таквата одлука била донесена на барање на митрополитот на Зихна, Јоаким. Јован Кантакузин прифатил да биде заштитник на манастирот и тоа го потврдил со повелба. Монасите побарале да биде сето тоа потврдено и од царот што исто така било исполнето од страна на Андроник III Палеолог.[244] Како најлогична причина за

[240] Оваа понуда се разбира Михаил ја направил за остварување на своите планови. Повеќе за тоа види : Божилов Иван, *Фамилията на Асеневци*, 119 – 129.
[241] Острогорски, *Историја Византије*, 468.
[242] Сима Ћирковић и Божидар Ферјанчић, *Византијски извори* 215. ; Божидар Ферјанчић, *Византијски и Српски Сер* 41.
[243] Greg., I, 533. ; Ласкарис, *Византијске принцезе* 81; Божидар Ферјанчић, *Византијски и Српски Сер*, 41.
[244] Божидар Ферјанчић, *Византијски и Српски Сер* 42.

ваквата промена Божидар Ферјанчиќ смета дека е тоа што митрополитот Јоаким сакал да го обезбеди манастирот со заштитник кој што е влијателен. Во овој период точно Јован Кантакузин бил еден од највлијателните личности. За жал не се знае до кога Јован Кантакузин останал како заштитник на овој манастир.[245]

Од сето кажано досега можеме да констатираме дека Симонида била жртва на надворешната политика на Византија. Таа добила политичка улога уште како пет годишно девојче. Нејзината директна вклученост во политичките настани започнала кога нејзината мајка ја вклучила во своите политички игри за остварување на нејзините цели. Најверојатно Симонида ја имала улогата на “ шпион “ информирајќи ги византијците за плановите и постапките на Милутин. Како и за другите жени во византија имаме многу малку информации за животот на Симонида особено за нејзиот престој во Србија.

[245] Исто 43.



Ана Савојска Палеолог (http://www.istorijskabiblioteka.com)

## Ана Савојска Палеолог

Ана Савојска била ќерка на грофот Амадео V Савојски, таа била родена во Шамберија о. 1306 год. Нејзиното родено име било Џована име под кое била позната на Запад. По смртта на нејзиниот татко Амадео V во 1323, грижата за неа ја презел нејзиниот полубрат Едвард грофот од Савоја.[246] Наскоро нејзината судбина се поврзала со настаните во Византија.

Во периодот кога умрел таткото на Ана ( Џована ), во Византија владеел привремен и нестабилен мир помеѓу Андроник II и Андроник III Палеолог. Затоа што првата жена[247] на Андроник III умрела без да му остави наследник, било потребно тој повторно да се жени. Андроник II се вклучил во изборот на идна сопруга за својот внук.[248] Идејата за да се склучи брачен сојуз со Савоја , Андроник II ја добил од својот син Теодор Монфератски, кој живеел на Запад и бил гроф на Монферат. Теодор тогаш бил во посета на своите роднини во Константинопол , но и за да бара парична помош од својот татко, притоа тој како најдобар избор му ја предложил куќата на Савоја со цел да се зацврсти меѓу другото и врската со една од највлијателните гибелински држави во Италија. Набрзо по убедувањата на Теодор, Андроник II и Андроник III донеле одлука за роднинско поврзување со Савоја. За таа цел како пратеници во Савоја , за договарање на бракот, биле испратени Андроник Торник и Жан де Жибле.[249] На 22 септември 1325 год. бил потпишан договорот за брак , а во ноември Џована Савојска која од тогаш веќе е позната како Ана ја напуштила својата татковина каде што никогаш веќе не се вратила и

[246] Д. Никол , *Византијске племкиње,* 133

[247] Првата сопруга на Андроник III Палеолог била Аделаида , сестра на Хенрих II, војвода на Брауншвајг - Грубенхаген. Брак кој исто така бил организиран од Андроник II и од Михаил IX. Повеќе за тоа види кај : Laiou , *Constantinople and the Latins.* 252 – 253 ;Р. Радиħ , Време Јована V Палеолога. 54.

[248] Д. Никол , *Византијске племкиње,* 133

[249] A. Laiou , *Constantinople and the Latins.* 303 – 304.

отишла за Византија.[250] Венчавањето било одржано во октомври 1326 год.[251] , а веднаш потоа и Ана била круисана за императорка.[252]

Првите години од својот престој во Византија, Ана ги поминала во Димотика, таму на 18 јуни 1332 год. го родила и престолонаследникот Јован, со тоа ја исполнила својата брачна обврска т.е. да го обезбеди византискиот престол со наследник. Во овој период веќе била завршена граѓанската војна помеѓу дедото и внукот. Андроник III го победил својот дедо и го натерал да се повлече од престолот. Со тоа Андроник III станал единствен владетел. Додека бил жив Андроник III политичката активност на Ана речиси и воопшто да ја нема. Андроник III повеќе претпочитал да се советува со својот долгогодишен соработник и пријател Јован Кантакузин.[253] Ваквата поврзаност и искжана поголема доверба на Андроник III кон Јован Кантакузин , сигурно ја направило многу љубоморна Ана и придонело таа да го смета Кантакузин за ривал и да не го сака.

Ана сметала дека Јован Кантакузин има преголемо влијание врз нејзиниот сопруг. Дури и Рита Марија, го делела истото мислење па дури и била разочарана затоа што била засенета од Кантакузин. Таа особено и била љубоморна на Теодора Кантакузин мајката на Јован Кантакузин.[254]

Во 1330 г. Андроник III се разболел многу сериозно и се претпоставувало дека нема да преживее, Ана се нашла во првата криза затоа што нејзините деца биле многу мали и никој од нив не бил одреден за наследник. Како регент на своето

---

[250]Dino Muratore , *Una Principessa Sabauda Sul Trono di Bisanzio, Giovanna di Savoia, Imperatrice Anna Paleologina*, Mémoires de L'Académie des sciences, belles – Lettres et arts de Savoie, Quatriémé Série , tome XI. ( Chambéry, 1909 ) 221. Donald M. Nicol , *The last centuries of Byzantium, 1261-1453,* ( Cambridge , 1993 ) 158 ; Donald M. Nicol , *Byzantium and Venice,* ( Cambridge , 1988 ) 247. Laiou , *Constantinople and the Latins.* 303 – 304 ; Никол , *Византијске племкиње,* 134.

[251] Savvas Kyriakidis , *Warfare in Late Byzantium 1204 – 1453* , ( Boston , 2011 ) 54.

[252] Sandra Origone , *Giovanna Latina a Bisanzio* , ( Milano, 1998 ) 41. ; Laiou , *Constantinople and the Latins.* , 303 – 304. За разлика од неа Ирина Монфератска како што видовме била крунисана за императорка дури откако го родила првиот син.

[253] Д.Никол , *Византијске племкиње,* 137.

[254] D.Nicol , *The last centuries of Byzantium.* 168.

сеуште нероденo дете го одредил Јован Кантакузин.[255] Сепак Андроник III овој пат успеал да се извлече.

На 15 јуни во 1341 год. Андроник III умрел. Сега Ана останала сама со своите деца кои сеуште биле мали, Јован само девет, а Михајло четири години со што никој од нив неможел директно да го наследи тронот. Со оглед на тоа што Ана претходно немала никакво политичко искуство и никогаш не донесувала одлуки кои што биле од животно значење, таа била уплашена за судбината на своите деца.[256]

За разллика од Андроник II и Михаил IX кои го осигурале тронот со тоа што за соимператори ги прогласувале своите синови и на тој начин го осигурувале тронот, Андроник не направил такво нешто. По неговата смрт во 1341 г. немало директен наследник затоа што неговиот најстар син тогаш имал само 9 години, а не ни бил прогласен за соимператор. [257]

По смрта на Андроник III , неколку способни и властољубиви личности и помогнале да создаде регенство[258] за себе и за нејзиниот син Јован, се додека не стане полнолетен. Најистакнат меѓу нив бил Јован Кантакузин вториот човек во империјата се до смртта на императорот. Кантакузин ги заштитувал Ана Савојска и нејзините деца во последните мигови на живот на Андроник III, Кантакузин поставувајќи стража во палатата.[259] Ана ја прифатила помошта од Кантакузин , но таа никогаш на го сакала и не му верувала.[260]

Неколку недели по смрта на Андроник III , Кантакузин почнал да се однесува како тој де е регент и старател на Јован и Ана Савојска.[261] Ни, самиот Кантакузин нити пак Грегора не наведуваат дека Андроник III оставил некаков официјален документ со кој го одредил Јован Кантакузин како регент и заштитник на неговиот

---

[255]Donald M. Nicol , *The Byzantine Family of Kantakouzenos ( Cantacuzenus ) ca. 1100 – 1460. A genealogical and prosopographical study* ( Dumbarton Oaks Studies , XI : Washington, D.C., 1968) 41.
[256] Д. Никол , *Византијске племкиње,* 138.
[257] D. Nicol , *The last centuries of Byzantium* 186.
[258] S. Kyriakidis , *Warfare in Late Byzantium* , 35.
[259] Cantacuzene , I, 559 – 560. Никол , *Византијске племкиње,* 138.
[260]D. Nicol , *The last centuries of Byzantium* 186.
[261] Д.Никол , *Византијске племкиње,* 138.

син.[262] Самиот Кантакузин водејќи се од фактот дека во 1330 година Андроник го одбрал него за регент и сега го имал правото на тоа.[263] Од друга страна Патријархот Калекас си го доделувал тоа право себеси, оправдувајќи се со фактот дека кога Андроник III го напуштил Константинопол во 1334 за да се справи со Сиргијан за регенти ги поставил точно патријархот и Ана Савојска.[264]

Ана Савојска била препуштена сама на себе да се справува за опстанокот на своите деца со политички добро потковани и амбициозни луѓе. Во овој период Ана имала околу триесетина години. Ана Савојска му била благодарна на Кантакузин за сето тоа што и помагал и ја советувал по смрта на нејзиниот сопруг, но тааа била сигурна дека неможе да му се верува.[265] Ниту Кантакузин не бил сосема сигурен во постапките на Ана Савојска. Во разговор со патријархот, уште пред да избие втората граѓанска војна Кантакузин му кажувал дека верува во искреноста на Ана , но се сомнева во нејзината женска слабост. Притоа му навел една персиска пословица „ иако женското срце може да го достигне небото, жената сепак останува на замја."[266]

Ана потпаднала под големо влијание на патријархот на Константинопол , Јован Калекас и на Алексиј Апокавк. Апокавк со подршка на Кантакузин успеал да дојде до високото место во општеството и до своето богатство, Кантакузин агитирал за него кај Андроник III. Но, по смрта на императорот во 1341г. Апокавк му го свртел грбот на Кантакузин и се свртел против него сакајќи тој да ја преземе улогата на регент , а подоцна и император. [267]

Отсуството на Кантакузин од Цариград и неговото заминување во Тракија во септември 1341г. го искористиле неговите противници предводени од Алексиј Апокавк, Патријархот Јован Калекас и Алексиј Апокавк лесно ја убедиле Ана да потпише наредба со која Кантакузин бил ослободен од своите должности.[268]

---

[262] D. Nicol , *The Byzantine Family of Kantakouzenos,* 44
[263] W. Treadgold , *A History of the Byzantine state and Society*, 764.
[264] D. Nicol , *The Byzantine Family of Kantakouzenos,* 44 – 45 .
[265] Д. Никол , *Византијске племкиње,* 139.
[266] Cantacuzene , II , 47 – 48.
[267] D. Nicol , *The last centuries of Byzantium* 188.
[268] Treadgold , *A History of the Byzantine state and Society* , 766.

Кантакузин сметал дека тој е во право да остане регент и не ги прифатил ваквите одлуки.[269]

Овие недоразбирања меѓу регентите на престолонаследникот Јован Палеолог, придонеле Јован Кантакузин да ја вовлече Византија во уште една граѓанска војна која што била најпогубна за самата империја, војна која што почнала да ја влече империјата кон бездна.

Апокавк го обвинил Кантакузин за предавство и дека сакал да ја присграби власта за себе. Сојузниците и членовите на семејството на Кантакузин биле уапсени, а нивните имоти им биле одземени. Сега Ана станала регентка на својот син, но неможела да поверува во оптужбите кои биле упатени кон најдобриот пријател на нејзиниот сопруг, но кога на 26 октомври 1341 г. во Димотика , во Тракија , Кантакузин бил прогласен за цар од војската таа ги прифатила овие обвинувања.[270]

Ана Савојска во текот на оваа војна со оглед на тоа што немала претходно никаково политичко искуство, правела многу грешки. За разлика од неа Ирина Монфератска сакала да биде именувана како император во машки род. Но, како што кажува Никол таа небила дорасната за тоа. Ана Савојска поради своето неискуство многу потпаѓала под влијанието на Алексиј Апокавк и патријархот Јован. Тоа се случило и неколку месеци по прогласувањето на Кантакузин за император во Тракија во 1341 год. кога ја убедиле да дозволи да биде крунисан нејзиниот син. И покрај тоа што Јован немал наполнето десет години, патријархот го крунисал.[271]

Неискуството и незнаењето на Ана Савојска во политичко и економско водење на империјата било многу погубно за Византија. Империјата почнала економски да пропаѓа, византиската валута , перперот, кој дотогаш била највредна и најстабилна

---

[269] Никол , *Византијске племкиње, 140.*

[270] Никол , *Византијске племкиње, 140.;* Иван Божилов , *Владетели на Византийската империя, од Константин I Велики до Константин XI Палеолог,* ( София , 2005 ) 99. Г. Острогорски , *Историја Византије, 475. ;* Радић, *Време Јован V Палеолог,* 119.

[271] Gregoras , II , 614 – 616 ; Cantacuzene , II, 190, 218. ; Никол , *Византијске племкиње, 141.;* Божилов и Васил Гюзелев , *История на средновековна България VII – XIV век,*т.3, 591 ; Атанасовски , *Македонија во XIV век* , 48 – 49.

валута целосно била обезвреднета. Ова неискуство на Ана Савојска најдобро го искористиле двете италјански држави Венеција и Џенова.[272]

Во 1341 год. Ана и Јован потпишале договор со Џенова , а во 1342 год. го обновиле договорот со Венеција на 7 години.[273]

Граѓанската војна ги натерало и двете страни да склучуваат сојузи со дотогашни непријатели кои од секогаш имале претензии кон византиските територии. Меѓу нив биле Србија, а подоцна и турските емири. Прв за сојуз со тогашниот српски крал Душан се упатил Јован Кантакузин.

На средбата во јули 1342 год. во близина на Приштина, Јован Кантакузин и Стефан Душан започнале преговори за нивно соединување за војната со Ана Савојска и нејзините приврзаници.[274] Сепак преговорите течеле многу тешко затоа што Кантакузин сакал да го склучи со што е можно помали отстапки, а од друга страна Душан очекувал големи територијални отстапки.[275] Откако недоразбирањата биле надминати и договорот бил постигнат, сојузниците решиле да тргнат кон териториите што ги држела Ана Савојска. Прв град кон кој се упатиле бил Сер.[276]

Во август 1342 год. Ана Савојска испратила пратеништво кај Стефан Душан барајќи од него да го прекине сојузот со Кантакузин и да го предаде на легитимната власт во Константинопол.[277] Пратеништвото предводено од солунскиот митрополит Макариј за возврат на Душан му ги нуделе сите византиски градови западно од Христопол. Меѓутоа овие понуди пристигнале во време кога Душан со Кантакузин го напаѓале Сер и несакал да го раскине сојузот со тогашниот претендент на престолот. Сепак цариградската влада не ја губела надежта дека ќе го

[272] Никол, *Византијске племкиње, 141.*
[273] Donald M. Nicol, *Byzantium and Venice,* ( Cambridge, 1988 ) 258.
[274] *Византијски извори за историју народа Југославије* , том VI, 392 ; 399 – 400 ; Атанасовски , *Македонија во XIV век* , 50. ; Јосифовска, *Кралството на Словените од Мавро Орбини* , 101.
[275] Драгослав Срејовић, Мирослава Мирковић, Сима Ћирковић и други , *Историја Српског Народа, Од најстаријих времена до Маричке битке ( 1371 ),* прва књига, трето издание ( Београд, 2000 ) 517. Самите преговори детално се опишани кај Cantacuzenos II , 264. И кај Gregoras II, 656.
[276] Драгослав Срејовић, Сима Ћирковић , *Историја Српског Народа,* 518.
[277] *Византијски извори за историју народа Југославије* , том VI, 417 – 418 ;Божидар Ферјанчић , *Стефан Душан и српска властела у делу Јована Кантакузина,* ЗРВИ , 33, ( Београд, 1994 ) 181 – 182 . ; Атанасовски , *Македонија во XIV век* , 50.

прекине тој сојуз. Во 1343 год и Алексиј Апокавк се обидел да го убеди Душан, но и тие обиди биле залудни.[278] Ана Савојска отишла дури дотаму што побарала од својот савојски витез , Џовани од Орлајо, во Венеција, да го замоли сенатот на Венеција да го употреби своето влијание и да го спречи Душан да го подржува Кантакузин.[279]

До прекин на сојузот дошло пролета 1343год.[280] сепак тоа било затоа што тоа го посакувале и Кантакузин и Душан, а не од влијанието на власта во Цариград. Прекинот на овој сојуз му одговарал на Душан за да склучи договор со Ана Савојска кој и претходно му бил нуден. Овој сојуз требало да биде поткрепен и со брак помеѓу синот на Душан и сестрата на Јован V Палеолог т.е ќерката на Ана Савојска.[281]

Кога почнала да ги губи моќта и финансиите, Ана Савојска презела помалку чудни постапки. Првата била тоа што испратила свое пратеништво и писмо да тогашниот папа Климент VI во Авињон. Во периодот кога Ана му го испратила ова писмо на папата Климент VI, кој бил само една година на својата функција, бил преокупиран со формирање на христијанска војска против Турците кои веќе забележувале победи во источниот Медитеран. Во врска со граѓанската војна во Византија стоел настрана и не застанал позади никој од завојуваните партии. Затоа Ана најверојатно се надевала дека ќе успее да го придобие на своја страна со тоа што му предложила во своето писмо таа, нејзиниот син Јован па дури и Алексиј Апокавк и патријархот Јован, како и монасите од Света Гора дека би го прифатиле католицизмот. Јован V тоа највероватно би го направил, но тешко е веровaтно дека Апокавк и патријархот, а да не се ни помислува на монасите од Света Гора дека би ја прифатиле Римската црква. Писмата на Ана до папата за жал се изгубени, а од она што го имаме како информација го црпиме само од

---

[278] Драгослав Срејовић, Сима Ћирковић , *Историја Српског Народа,* 520. ; Радић, *Време Јован V Палеолог,* 137. ;Ст. Станојевић , *Народна Енциклопедија, Српско – Хрватска – Словеначка* , књига II , И – М , ( Загреб, 1926 ) 231.

[279] Origone , *Giovanna Latina a Bisanzio* , 105. Никол , *Византијске племкиње, 142.*

[280] *Византијски извори за историју народа Југославије* , том VI, 433. Б.Ферјанчић , *Стефан Душан и српска властела у делу Јована Кантакузина*, 179.

[281] Драгослав Срејовић, Сима Ћирковић , *Историја Српског Народа,* 521.

одговорите на папата Климент VI, кои им ги упатил на Ана и на нејзиниот син Јован V. Сепак има нешто необично со ова писмо. Зарем до толку би направила Ана една таква грешка и би помислила дека е можно патријархот и монасите би ја прифатиле Римската црква[282] , кога се знае како поминало сето тоа за време на Лионската унија.

Според Кантакузин ова писмо било дело на Алексиј Апокавк. Според него ова писмо било исценирано од Апокавк само за да ја посрамоти Ана и да го лиши нејзиниот син од престолот за да може тој да се добере до него.[283] Апокавк знаел дека „ *не постои подобар начин да се предизвика бес и побуна во Византија од објавата дека нивната царица ја прифатила латинската вера.* “[284]

Втората грешка која што ја направила Ана Савојска било тоа што побарала парична позајмица од Венеција.

Само две години откако почнала граѓанската војна Ана Савојска веќе се соочувала со финансиски проблеми. Затоа пролета во 1343 год таа побарала заем во вредност од 30 000 дукати од Венеција. Своето барање Ана го остварила преку Петро да Канале, на 5 Април Сенатот решил дека тоа може да се оствари само под одредени услови. Ана морала да го осигури заемот, и да враќа 10 000 дукати годишно со камата од 5 %. Ако заемот небил вратен во период од три години тогаш гаранцијата останува во Венеција. Во средината на четиринаесетиот век вредноста на Венецијанскиот златен дукат била колку два Византиски *hyperpyra* ( перпер ) , што значи дека Ана требало да враќа 20 000 *hyperpyra* ( перпер ) годишно нешто што било тешко остварливо за тоа време за Ана Савојска. Како залог биле даден царскиот накит, односно поголемиот дел од нив. Овој договор бил потпишан од Јован V кој тешко дека знаел што потпишува. Ана била оптимистички настроена кон овој договор. Таа сметала дека со оглед на тоа што Јован бил веќе крунисан во 1341 г. овој накит нема да биде потребен се до наредната генерација за кое време Ана се надевала дека долгот ќе биде вратен , а со тоа и накитот. Тој нејзин

[282] Никол , *Византијске племкиње,* 145. ; Donald M. Nicol , *The last centuries of Byzantium,* 198.
[283] Никол , *Византијске племкиње,* 145.
[284] Cantacuzene , II, 539 – 541.

оптимизам бил сосема погрешен затоа што долгот никогаш не бил вратен , а накитот останал во Венеција.[285]

Ана мислела дека овие пари ќе и помогнат да ја добие војната. Но, среќата почнала да ја напушта, затоа што граѓаните увиделе колку Цариград бил опустошен од оваа војна. Многумина кои дотогаш ја подржувале сега ѝ го свртеле грбот, многу од нив заради тоа биле казнети, а тие кои што успеале да го зачуваат своето богатство избегале кај Џеновјаните во Галата. Најголемиот дел од парите кои ги добила од Венеција завршиле во џеповите на Алексиј Апокавк. Ана отишла дури до таму што почнала да го продава среброто од црковните икони. Почнала да станува се по безобзирна, па дури од неа биле наредени осум обиди за убиство на Кантакузин.[286]

Додека Кантакузин се обидувал да добие помош од Орхан, на кого што при склучувањето на договорот му ја дал за жена и својата ќерка Теодора, Ана Савојска успеала да добие на помош во 1346 год 6.000 Селџуци од Сарухан, овие трупи секако биле придружувани со уште неколку трупи од Умур, но наместо да и помогнат на Ана, тие навлегле во Бугарија да пљачкаат, а ја опљачкале и околината на Цариград. На крајот и двете армии преминале на страната на Кантакузин кој ги испратил да се вратат дома.[287]

На 11 јуни 1345 год. бил убиен Алексиј Апокавк[288] од страна на политичките заробеници. На тој начин Ана го изгубила својот најспособен соработник. Најмногу побеснела кога дознала дека патријархот тајно се договарал со Кантакузин за да се постигне мир. Сето ова ја разлутило Ана Савојска до таа мера што таа решила да го отстрани својот дотогашен соработник. Единствен начин за да го направи тоа било да го расчини со помош на неговите противници во црквата. Отстранувањето

---

[285] Nicol , *Byzantium and Venice*, 259 – 260. ; Никол , *Византијске племкиње*, 145 – 146. ; Muratore , *Una Principessa* , 371 – 375. ; Радић, *Време Јован V Палеолог*, 144. ; Острогорски ,*Историја Византије*, 489. ; Origone , *Giovanna Latina a Bisanzio* , 106 ; Catalogue of the buzantine coins in the Dumbarton Oaks Collection , vol 5, part 1., ( Washington, D.C. , 1999) 176.
[286] Никол , *Византијске племкиње*, 147.
[287] Cantac. II 591 – 596. ; Gregora II 763 – 765. ; Nicol , *The Byzantine Family of Kantakouzenos* 62 ; Острогорски ,*Историја Византије*, 484.
[288] Иван Божилов , *Владетели на Византийската империя, 99.*

било извршено со итно свикан Синод и на тој начин Ана останала единствен регент.[289]

Сите обиди на Ана Савојска веќе биле залудни. Ноќта по одржувањето на Синодот, 2 февруари 1347 г. Јован Кантакузин со својата војска пристигнал пред ѕидините на Цариград. Тврдоглавоста на Ана Савојска продолжила, таа одбивала да преговара со пратениците кои ги праќал Кантакузин за постигнување на мир. Може да се разбере тврдоглавоста на Ана само како страв од тоа дека таа и нејзиниот син би биле уапсени и затворени па дури и нешто полошо.[290] На крајот Ана Савојска била убедена да се предаде. Таа притоа побарала Андроник Асен и Георги Палама да бидат ослободени од затвор за да може да бидат пратени како нејзини претставници при постигнувањето на спогодбата со Кантакузин. Договорот бил постигнат на 8 Февруари со следните услови : Јован Кантакузин ветил дека нема да им се одмаздува на тие од палатата ниту да презема мерки против императорката и нејзиниот син Јован Палеолог затоа што почнале војна против него, биле разменети заклетви дека Јован Кантакузин и Јован V Палеолог ќе владееле заедно како соимператори.[291] Како дел од договорот било и синот на Ана Савојска, Јован V Палеолог да се ожени за ќерката на Јован Кантакузин.[292] Бракот бил склучен во мај 1347 год. веднаш по повторното крунисување на Кантакузин за цар. На тој начин сега постоеле двајца цареви и две царици, Ана Савојска и Ирина Кантакузин сопругата на Јован VI Кантакузин која што била крунисана за царица во истиот период кога бил крунисан и самиот Јован VI Кантакузин. Во теориа сето тоа изгледало добро, но сепак имало премногу цареви и царици кои се покажало дека биле премногу амбициозни за да дозволат да ја делат власта со уште некој.[293]

Ана веќе се помирила со овој договор и се надевала дека еден ден нејзиниот син целосно ќе ја наследи империјата на својот татко, но и понатаму ја среќаваме во некои политички случувања, сега дури и почнала да постапува многу по зрело,

---

[289] Никол , *Византијске племкиње,* 147 – 148.
[290] Исто 148.
[291] Cantac. ,II , 98 - 100 ; Gregora, II , 773 – 780. ; Donald M. Nicol , *The last centuries of Byzantium* 206 – 208. ; Успенски , *Историја Византиског царства* 665.
[292] Géraed Walter , La Ruine de Byzance 1204 – 1453 , 245.
[293] Никол , *Византијске племкиње,* 149.

како некој што има доволно искуство во дипломатските и политичките игри. Секако дека настаните од граѓанската војна ја научиле на тоа.

Јован VI Кантакузин го испратил Јован V Палеолог во вториот по големина и значење град на империјата, Солун[294], но сето тоа се покажало како негова голема грешка.

Во 1351 г. Јован Кантакузин, дознал дека Јован V Палеолог потикнат од своите пријатели склучил договор со Стефан Душан за да започне нова војна против Јован VI Кантакузин. [295]

Поради тоа што Јован VI Кантакузин бил зафатен околу војната со Ценова, војна во која што влегол без своја волја под притисок на Венеција,[296] небил во можност да го напушти Цариград. Затоа ја замолил Ана Савојска да оди во Солун и да го смири нејзиниот син и да ги спречи неговите опасни преговори со Србите.[297]

Јован VI Кантакузин бил подготвен да му даде на Јован V Палеолог договор кој би ги задоволил неговите амбиции се со цел да небиде започната повторно нова граѓанска војна. Предлогот со кој ја испратил Ана Савојска во Солун бил, Јован V да се откаже од сојузот со Стефан Душан, а за возврат, секако повторно со заклетва, се обврзувал да му ја предаде империјата. Што се однесувало до него самиот, Јован VI Кантакузин на Јован V Палеолог му понудил две можности : или ,секако со одобрение на Јован V, му биде дозволено да управува со териториите кои се протегале до Силимврија или да се повлече од јавниот живот.[298] Тешко е да се поверува во овие предлози на Кантакузин т.е . во тоа дека тој би ги

[294] Успенски, *Историја Византиског царства* 668.
[295] Canta. III 200 – 209 ; Greg. III 147 – 150. ; *Византијски извори за историју народа Југославије*, том VI, 548 . ; Nicol, The Family of Kantakouzenos 77; Радић, *Време Јован V Палеолог,* 212.
[296] За оваа војна види повеќе : Радић, *Време Јован V Палеолог,* 205 - 206 ; Nicol, The Family of Kantakouzenos , 76 – 79.
[297] Cantacuzenus III 200 – 207, Gregoras III 147 – 9. ; D. Nicol and S. Bendall , *Anna of Savoy in Thessalonica : the numismatic evidence.,* Revue numismatique, tome 19, ( 1977 ) 90. ; Радић, *Време Јован V Палеолог,* 212. ; Мирјана Живоиновић , *Јован V Палеолог и Јован VI Кантакузин од 1351 до 1354године* , ЗРВИ XXI , ( Београд, 1982 ) 129.
[298] Gregoras ,III , 149.

исполнил. Сепак успеал да ја убеди Ана Савојска да се нафати на задачата за да го разубеди својот син.[299]

Кога стигнала во Солун, Ана наишла веќе на ситуација која што била отидено многу далеку. Душан се наоѓал пред ѕидините на Солун со својата војска. Ана отишла во српскиот камп и ги убедила Душан и неговата сопруга да се повлечат и да се откажат од нивните планови.[300] Ова претставувало дипломатски триумф на Ана Савојска, кој го обележал почетокот на една нова фаза од животот и кариерата на Ана Савојска.[301]

Од ова се гледа дека Ана Савојска имало силно влијание врз својот син , сепак од друга страна повлекувањето на Јован V Палеолог од своите планови со Душан се должело и на тоа што младиот цар немал доволно решителност за да ги спроведе овие планови. Сепак Јован V Палеолог не се откажал од своите планови без да побара отстапки и од својот дедо, Јован VI Кантакузин, а најверојатно под сугестија на неговата мајка Ана Савојска, ја побарал тракијската тврдина Енос и градот Волерон, односно значителен дел од поседите на Матија Кантакузин.[302]

Јован VI Кантакузин се согласил да му ја додели побараната апанажа на Јован V Палеолог, за да не го навреди и својот син Матија Кантакузин затоа што на овој начин му одземал дел од неговиот имот и за да ги задоволи и двете страни решил Димотика да ја додели на својот зет за ќерката Елена, а Едрене ( Одрин ) и уште неколку градови на својот син првенец за кого и со кого имал големи планови. Јован V Палеолог успеал да го добие тоа што во тоа време го барал затоа што сега големината на неговата апанажа била и колку таа на Матија Кантакузин.[303]

Ана Савојска Палеолог веќе никогаш не се вратила во Цариград. Таа до крајот на својот живот останала да живее во Солун и од таму да владее како царица. При крајот на истекот на договорот од 1347 г. Јован V Палеолог започнал војна со

---

[299] Радић, *Време Јован V Палеолог*, 213. Успенски , *Историја Византиског царства* 669.

[300] Cantacuzenus III 208. ; D. Nicol and S. Bendall , *Anna of Savoy in Thessalonica* 93

[301] D. Nicol and S. Bendall , *Anna of Savoy in Thessalonica* 93

[302] Canta. 208 – 209 ; Живоиновић , *Јован V Палеолог и Јован VI Кантакузин* 129.

[303] Радић, *Време Јован V Палеолог*, 214.

Матија Кантакузин со што повторно била започната војната помеѓу двете куќи Палеолог и Кантакузин. Својот врв оваа војна го достигнала во 1354 кога Јован V Палеолог конечно успеал целосно да ја врати империјата во рацете на Палеолозите.[304]

На крајот изгледа дека се исплаќал сиот труд и напори на Ана Савојска затоа што конечно се остварила нејзината цел, нејзиниот син да ја наследи империјата. Ана веќе немало за што повеќе да му помага, затоа таа продолжила да живее во Солун и од таму да делува. Како и Ирина Монфератска и Рита Марија пред неа, Ана Савојска своите последни години од животот ги поминала во Солун. Изгледа како Солун да им го давал последниот мир на овие навистина политички и дипломатски активни жени и тоа во најбурните периоди на Византиската империја.

Во Солун, Ана Савојска почнала да делува како самостојна царица. Таа почнала да издава повелби и да кова свои монети.[305]

Во периодот кога Ана Савојска ја имала улогата на регентка хрисовулите и простагмите биле потпишувани од нејзиниот тогаш десет годишен син, а самата Ана Савојска потпишувала и издавала хоризми и слични акти. Во периодот додека Јован VI Кантакузин бил на престолот, Ана Савојска била надвор од политичката сцена. По отстапувањето на Кантакузун од престолот, Ана се здобила со правото самостојно да делува во Солун.[306]

Ана Савојска била најдолго политички активна царица во периодот на Палеолозите. Како регентка во Цариград, а подоцна и како гувернер на Солун, таа несомнено водела сопствена администрација и сигурно создала голем број на административно - управни и политички одлуки. Но, за жал ниту еден од нејзините акти не е зачуван, единствено нешто што е зачувано се само сведочења за нивното постоење.[307]

---

[304] Nicol, *The Byzantine Family of Kantakouzenos*, 79 – 87 ; Никол, *Византијске племкиње, 150.*

[305] Никол, *Византијске племкиње, 150.*

[306] Ф. Баришић, Повеље византијских царица, 180.

[307] Исто. 180 – 181.

Последниот податок кој што е зачуван за Ана Савојска во историјата е тоа дека најверојатно кон 1360 година дала прилог за манастирот Свети Врач во Солун. Умрела пет години подоцна во својот град т.е во Солун како монахиња Анастасија.[308]

Ана Савојска пристигнала во Византија кога во империјата веќе била започната граѓанската војна помеѓу Андроник II и Андроник III. Остатокот од својот живот во Византија бил исто така исполнет со граѓански војни. По смрта на нејзиниот сопруг Андроник III, таа останала сама со своите деца опкружена со странци, амбициозни луѓе кои сакале да го заземат тронот. Таа морала да се бори за опстанокот на нејзините деца и империјата да остане во наследство на Палеолозите. При нејзиното политичко дејствување во кое што немала никакво искуство таа направила многу грешки кои што империјата многу скапо ги платила. Сепак на крајот Византија останала во рацете на Палеолозите поточно на нејзиниот син Јован V Палеолог, на кого што заради своето политичко неискуство му оставила огромни долгови кон Венецијанците, долг не само што не успеал да го врати Јован V туку долг кој што никогаш не бил вратен, со што ни залогот, царскиот накит никогаш не бил вратен. Сепак Ана савојска во овој период одиграла значајна политичка улога.

Ана Савојска имала уште една одлика како царица таа ковала и свои монети.

[308] Никол, *Византијске племкиње, 151.*

Аверс и реверс од печатот на Ана Палеолог Савојска, на аверсот е претставена Богородица како го држи Исус, а на реверсот е претставена Ана Савојска , ,,августа, аристократорка на Ромеите “. Преземено од Helen C. Evans , *Byzantium, Faith and Power ( 1261 – 1557 ),* ( New York , 2004 ) 34.



Аверс



Реверс

Аверс и Реверс од монетите кои ги ковала Ана Савојска, на аверсот е претставен императорот Јован V Палеолог, кој во десната рака држи жезло, а во левата ловорово гранче, лево од императорот стои династичкиот симбол. На реверсот е Ана како стои и во десната рака држи модел на градот Солун, а во левата скиптар Преземено од Helen C. Evans , *Byzantium, Faith and Power ( 1261 – 1557 ),* ( New York , 2004 ) 40. .(оваа монета се поклопува со монетата од долната слика под број 2 )



Аверс



Реверс

1. Бакарна монета.Аверс : Императорот ( Јован V Палеолог ) стои со крст, жезло и ловорово гранче. Реверс : Ана стои во десната рака држејќи модел на Солун. Лево и десно на празнто поле стои буквата А ( лево ; десно ).
2. Бакарна монета. Аверсот : Императорот Јован V Палеолог, во десната рака држи Labarum, а во левата akakia. Реверсот : Ана како стои и во десната рака држи модел на градот Солун, а во левата скиптар. Под мапата на градот стои знакот : *.
3. Бакарна монета. Аверсот : Императорот Јован V Палеолог стои држејќи голем крст на кој е претставен Св. Димитриј. Реверс : Ана стои под свод. Лево и десно од неа има по четири знака : *.[309]




[309] Cécile Morrisson , *The Emperor, the Saint, and the City : Coinage and Money in Thessalonike from the Thirteenth to the Fifteenth Century,* Dumbarton Oaks Papers , no.57 ( Washington , D.C. , 2003 ) 173 – 191. За монетите на Ана Савојска исто така може да се види и кај : Доналд Никол , *Византијске племкиње*,150 – 151 ; D. Nicol and S. Bendall , *Anna of Savoy in Thessalonica : the numismatic evidence.,* Revue numismatique, tome 19, ( 1977 ) 93 – 102. ; T. Gerasimov , *Monnaies des Paleologues avec des representations d'etoiles,* Byzantino Bulgarica , III, ( Sofia, 1969 )



Елена Драгаш Палеолог (http://www.istorianasveta.eu )




Елена Драгаш Палеолог. http://thelastbyzantineempress.blogspot.com

## 4.4. Елена Драгаш

Елена Драгаш била единственото дете на Константин Дејанов од неговиот прв брак.[310] Елена била прва сопруга на Мануел II Палеолог кој дури , на 42години , по смрта на својот татко решил да се ожени.[311]

Многу е спорна датата на склучувањето на бракот. Еден дел од историчарите ја земаат 1392 годнина како година кога бил склучен бракот, а други сметаат дека тоа се случило по соборот во Сер 1393 година.

На 10 февруари 1392 година била одржана свадбата помеѓу Мануел II Палеолог и Елена Драгаш, а само ден потоа било извршено крунисувањето на Мануил II за император од страна на патријархот Антонио кога и Елена Драгаш Палеолог била исто така крунисана за царица.[312]

Откако во зимата 1393 год. Бајазит I го освоил Трново[313] , своите балкански вазали ги собрал во Сер,[314] Императорот Мануел II Палеолог, морејскиот деспот Теодор Палеолог , братот на Мануел II, Стефан Лазаревиќ и Константин Драгаш. При оваа средба Бајазит, кон своите христијански вазали се обраќал со најпогрдни зборови и постојано ги навредувал.[315] По завршувањето на овој собир, христијанските вазали се договориле да склучат сојуз за заедничка борба против Бајазит I. Некои од историчарите сметаат дека во овој период бил склучен и договорот помеѓу Мануил

[310] Христо Матанов , *Княжеството на Драгаши,* ( София , 1997 ) 260 ; Д. Анастасијевић , *Једина Византиска царица Српкиња* , Братство XXX ( Београд , 1939 ) 27 ; Ристо Илјовски , *Кој и кога владеел со Македонија* , ( Битола, 2003 ) 286.

[311] John W. Barker , *Manuel II Palaeologus ( 1391 – 1425 ), A Study in Late Byzantine Statesmanship,* ( New Jersey, 1969 ) 99. ; Иван Ѓуриќ , *Самракот на Византија* , *Времето на Јован VIII Палеолог 1392 – 1448,* ( Скопје , 1997 ) ; Младен М. Станковић , *Последња Византијска Царица* , ( Београд, 2012 ) 42.

[312] Иван Ђурић , *Евдокија Комнина и њен муж Константин Драгаш* , ЗРВИ , XXII, ( Београд, 1983 ) 276. ; Матанов , *Княжеството на Драгаши, 261 – 263. ;* Иван Ѓуриќ , *Самракот на Византија ,53.* ; Barker , *Manuel II Palaeologus, 102. ;* Nicol , *The last centuries* , 298. ; Матанов , *Княжеството на Драгаши,* 262 – 263.

[313]Христо Матанов , Румяна Михнева , *От Галиполи до Лепанто, Балканите Европа и Османското нашествие 1354 – 1571* , ( София, 1988 ) 86.

[314] Warren Treadgold , *A History of the Byzantine state and Society* , 785.

[315] Матанов , Михнева , *От Галиполи до Лепанто,* 87. ; Атанасовски , *Македонија во XIV век* , 235. ; Анастасијевић , *Једина Византиска царица,* 28 – 29.

II и Константин Драгаш , кој што бил поткрепен со бракот помеѓу Мануел II и Елена Драгаш. Со самото тоа, бракот помеѓу Мануел II и Елена го сместуваат во 1393 год.[316] Уште пред да биде одржан собирот во Сер, Константин Драгаш во патриаршиските документи за светогорскиот манастир " Кутлумуш" бил именуван како " дедо " на византискиот император.[317] Дилемата околу датата на склучување на бракот навистина останува , но самата причина за склучување на бракот без разлика дали тоа било 1392 или 1393, било политичко поврзување на овие двајца христијаски вазали против заедничкиот непријател односно султанот Бајазит I.

Елена се омажила за Мануел II во период кога Византија и целиот Балкан ги претрпувале своите најголеми порази и ги преживувале своите најтешки времиња. Елена и покрај сето тоа, за време на нејзиниот маж и по неговата смрт, додека со империјата владеат нивните синови , се покажала како одлучна и храбра.[318]

Во периодот додека Елена владеела заедно со својот сопруг нејзиното влијание во државните политички и дипломатски работи може да се каже дека воопшто и го немало. Затоа до смрта на Мануел II, Елена ретко ја среќаваме во изворите.

Во октомври 1395 год Елена заедно со својот сопруг Мануел II дале паричен прилог за манастирот Св. Јован Претеча како задушница за нејзиниот убиен татко во битката кај Ровине.[319]

Поради тешката ситуација во која што се нашла Византија како и сите балкански држави, со силниот притисок од Бајазит I, Мануел II Палеолог се решил помош да бара на Запад. Сметајќи дека неговата сопруга и децата нема да бидат сигурни во Цариград каде што го оставил Јован VII, со кого и претходно имал проблеми околу

---

316 Атанасовски , *Македонија во XIV век* , 235 – 236 . ; Анастасијевић , *Једина Византиска царица,* 29. Оваа година овие историчари ја земаат потпирајќи се на Сфранцес и Халкокондил.
317 Матанов , *Княжеството на Драгаши,* 261.
318 Анастасијевић , *Једина Византиска царица,* 31.
319 Ђурић , *Евдокија Комнина и њен муж Константин Драгаш* , 266. ; Анастасијевић , *Једина Византиска царица,* 32.

наследувањето на тронот,[320] тој ги зел со себе и пред да замине на пат за Западна Европа поминувајќи низ деспотството на својот брат Теодор во Мореја.

Така во 1399 год. императорот Мануел II Палеолог, со целото свое семејство пристигнал во Мореја кај својот брат Теодор при што ги убедил Венецијанците во случај Османлиите да ја нападнат Мореја да го извлечат од таму неговото семејство. Откако се согласиле, Венецијанците во 1400год. Мануел II ги остава тука Елена и децата[321] , а самиот тој го продолжува своето потување на Запад.[322]

Извесно време по заминувањето на Мануел II на Запад, неговиот брат Теодор бил принуден семејството да го пренесе од Модона во Монемвасија, поради наездите на османлиската војска на Пелопонез. Сепак и тука ги очекувала страшна битка со заразна болесет која што се ширела низ градот.[323] Од оваа болест Елена Драгаш загубила три деца, Константин и две ќерки чии имиња не се познати.[324]

Обидите на Мануел II, да добие помош од Запад биле сосема залудни. Сепак некако коцките се склопиле и наредните неколку децении Византија нема да има потреба на помош од Запад.

На 22 јули 1402 год. се одиграла битката кај Ангора ( Анкара )[325] , битка " која му го продолжила животот на Византиското Царство за половина век." [326] За време на оваа битка Татарите на Тимур успеале да го заробат турскиот султан Бајазит I. На 8

---

[320] Јован VII бил син на Андроник IV, и внук на Јован V Палеолог кој краток период владеел со империјата. Повеќе за Јован VII види кај : Сања Мешановић, Јован VII Палеолог, ( Београд, 1996 )
[321] Матанов , *Княжеството на Драгаши*, 264. ; Ѓуриќ , *Самракот на Византија , 84;* Младен М. Станковић, *Последња Византијска Царица*, 85.
[322] За патувањата на Мануел II види : Ducas , *Historia Byzantina* , ed. Immanuel Bekkerus , ( Bonnae, 1834 ) 83 ; Barker, *Manuel II Palaeologus ( 1391 – 1425 ),170* , ; Иван Ѓуриќ, *Самракот на Византија , 84 – 100* и таму посочената литература
[323] Матанов , *Княжеството на Драгаши*, 265.
[324] Младен М. Станковић , *Последња Византијска Царица* , 92. Иван Ѓуриќ , *Самракот на Византија , 95.* Според Матанов , *Княжеството на Драгаши*, 265. На императорската двојка им умреле две деца од болеста во Монемвасија.
[325] Повеќе за Ангорската битка и за заробувањето и смрта на Бајазит I види : Joseph von Hammer , *Historija Turskog ( Osmanskog ) Carstva* , tom. 1 ( Zagreb, 1979 ) 93 – 97. The Cambridge History of Turkey, volume 1, *Byzantium to Turkey, 1071 – 1453* ( Cambridge , 2009 ) 45, 125,130 . ; History of the ottoman empire and modern turkey, volume 1 : Empire of the Gazis : *The Rise and Decline of the Ottoman Empire, 1280 – 1808,* ( Cambridge, 1997 ) 35, 39, 41, 145.; А.Д. Новичев , История Турции , том. 1 , Эпоха Феодализама, ( XI – XVIII века) , ( Ленинград , 1963 ).36 – 38 .; Ангелов , *Византия*, 315.
[326] Острогорски , *Историја* , 516. ; Ѓуриќ , *Самракот на Византија* , 93 .

март 1403 год. султанот Бајазит I умрел во заробеништво, набрзо т.е. за време на династичките судири кај Османлиите , Византија се ослободила од вазалството.[327]

Кога ја примил веста за заробувањето на Бајазит I, Мануел II веќе бил во Париз. . Оваа информација го навела Мануел II да се врати во Цариград. Пред тоа на 9 јуни 1403год првин се вратил во Пелопонез за да го земе своето семејство. [328]

По враќањето во Цариград , Елена немала некои големи обврски. Единствена обврска која ја имала била грижата околу децата, по овој период биле родени последниот император Константин Драгаш, Димитар и Тома. Под нејзино влијание Мануел II го дарувал манастирот Св. Пантелејмон. [329]

Како што кажав и претходно Елена Драгаш додека бил активен и жив Мануел II немала некоја политичка улога. Таа на политичката сцена стапува дури по смрта на нејзиниот сопруг.

По смрта на Бајазит I во Османлиската држава започнале борби помеѓу синовите на Бајазит околу наследникот на нивниот татко.[330] На крајот како победник од оваа војна излегол Мехмед I.[331] За време на Мехмед I, Османлиската држава повеќе била концентрирана на внатрешното уредување и закрепнување од внатрешните борби. Така во негово време Мануел II и Византија можеле да здивнат од османлиските напади. Со доаѓањето на Мурад II повторно започнале проблемите на Византија.

На 1 октомври 1422 год. Мануел II доживеал мозочен удар, кој што го одалечил од државните обврски. Отогаш, па натаму влијанието на Елена Драгаш почнало да се зголемува.[332]

---

[327] Ѓуриќ , *Самракот на Византија* , 93 . Односно Византија на кратко се ослободила од вазалството за време на граѓанската војна кај Османлиите.
[328] Ѓуриќ , *Самракот на Византија* , 95. ; Матанов , *Княжеството на Драгаши*, 265.
[329] Матанов , *Княжеството на Драгаши*, 265.
[330] За овие немири во Османлиската држава види повеќе кај : Joseph von Hammer , *Historija Turskog ( Osmanskog ) Carstva* , tom. 1 ( Zagreb, 1979 ) 97 - 104. ; History of the Ottoman empire and modern turkey, volume 1 : Empire of the Gazis : *The Rise and Decline of the Ottoman Empire, 1280 – 1808*, ( Cambridge, 1997 ) 28 – 39.
[331] Младен М. Станковић , *Последња Византијска Царица* , 135.
[332] Матанов , *Княжеството на Драгаши*, 266.

Првата забележана политичка и семејна постапка на Елена Драгаш во изворите, била кога во јули 1423 год. нејзиниот петти син Димитар Палеолог пребегал во Пера со цел да замине кај Османлиите. Елена Драгаш заедно со својот веќе болен маж се обидувале да го одвратат својот син од овие намери. Од една страна, тоа било поради родителската грижа , а од друга што еден византиски принц, кога би заминал на османлискиот двор, би создал големи проблеми внатре во Византија. Единствено што успеале тие да направат, било со византиска придружба да го убедат да оди на Унгарскиот двор каде што Димитар Палеолог се задржал наредните четири години. Време доволно за да може Јован VIII да ја земе власта без да има проблеми со својот брат Димитар Палеолог.[333]

Поради повторните наезди на Османлиите врз Византиската империја, поточно на она малку што останало од неа, предводени сега од Мурад II, Јован VIII како и неговиот татко што направил претходно и тој тргнува на Запад барајќи помош.

Така во отсуство на Јован VIII Палеолог од Константинопол и со болниот Мануел II, раководењето со империјата го презела Елена Драгаш. Точно во овој период Мурат II се согласил да склучи мир со Византија. Кога еден од византиските пратеници кај султанот , Мануел Мелахрин, ја дознал радосната вест, поитал да ја соопшти во Цариград. Главниот збор во тој период изгледа во Цариград го имала Елена Драгаш Палеолог. Заедно со Мелахрин, Елена кај султанот ги испратила и Георги Сфранцес и Лука Нотарас, кои имале обврска за овој договор да го известат и отсутниот Јован VIII. Мирот најверојатно бил склучен на 20 јануари 1424 год.[334] Од овој настан па понатаму, особено по смрта на Мануел II, политичката улога и влијанието на Елена Драгаш во империјата значително се зголемило, може дури да се каже, дека таа го имала главниот збор, како што видовме таа го склучила и договорот со султанот Мурат II.

---

[333] Исто 266 – 267.

[334] Ѓуриќ , *Самракот на Византија* , 179. ; Матанов , *Княжеството на Драгаши*, 267. Младен М. Станковић , *Последња Византијска Царица* , 139 – 140 .

Мануел II Палеолог умрел на 21 јули 1425 година на 78 годишна возраст.[335] По смрта на својот сопруг Елена Драгаш станала монахиња во константинополскиот манастир „ Кира Марта “ и го добила монашкото име Ипомона.[336] Сепак и по замонашувањето таа продолжила да живее на дворецот и продолжила со својата вмешаност во политичките настани. Се до 1430 год. Елена Драгаш ретко се спомнува во изворите и тоа не за политички настани. Нејзината голема политичка вмешаност следувала кога нејзиниот син Јован VIII Палеолог решил да склучи унија со папството.[337]

Откако во 1430 година Мурат II од Венецијанците го одзел Солун,[338] Јован VIII спасот повторно почнал да го гледа во унијата со папството и во крстоносната војна против Османлиите.[339] Јован VIII не го послушал советот од својот татко Мануел II, кој веќе бил на Запад и видел дека нема корист од тоа, се одлучил за повторна унија со папството.[340]

Елена Драгаш имала силно влијание врз своите синови. За нејзиното политичко влијание во империјата било добро познато и во Италија. Во 1431 год. кога Џенова и миланскиот дук Висконти, подготвувале коалиција против Венеција , пратеникот Бенедето деи Фолки добил инструкции меѓу другото, да се сретне и да разговара и со „ Regina dei Romani “ т.е Елена Драгаш. Додека се воделе интензивни преговори за црковната унија , на Запад биле добро запознаени со тоа дека Елена имала силно влијание врз Јован VIII Палеолог.[341]

Во пролета 1431 год. пред да се реши Јован VIII Палеолог да го прати Марко Јагарис кај папата, со понуда во врска со одржувањето на соборот, побарал совет од својата мајка. Во нејзините дворски одаи во Палатијана, бил собран потесен совет кој по подолги преговори, било решено да се испратат претставници, но Јован

[335] Матанов , *Княжеството на Драгаши,* 267. ; Анастасијевић , *Једина Византиска царица,* 36.
[336] Српски Биографски речник, том 4, И – Ка, ( Нови Сад, 2009) 365.
[337] Матанов , *Княжеството на Драгаши,* 267.
[338] Солун паднал во раце на венецијанците кога братот на Јован VIII , Андроник кој го имал добиено Солун како своја апанажа им го предал на Венецијанците плашејќи се од наездите на Османлиите. Но, ни Венецијанците не успеала да го задржат. Острогорски ,*Историја Византије,* 519.
[339] Анастасијевић , *Једина Византиска царица,* 36.
[340] Стивен Рансиман , *Падот на Константинопол 1453* , ( Скопје , 2004 ) 22.
[341] Матанов , *Княжеството на Драгаши,* 268.

VIII бил приморан да ги послуша прекорите на епископот Антониј, кој бил лут противник на унијата и бил штитеник на царицата – мајка.[342]

По долги преговори папата Евгениј IV, го поканил Јован VIII да поведе делегација и да присуствува на соборот кој требало да се одржи во Италија, иако Јован VIII повеќе сакал овој собор да биде одржан во Константинопол сепак го прифатил повикот на папата.[343] Соборот бил започнат во 1438 во Ферара, а во почетокот на 1439 год. поради појавата на чума во Ферара, соборот бил префрлен во Фиренца.[344] Императорот Јован VIII бил придружуван од патријархот Јосиф II, како и од неколку други митрополити и епарси. На 6 јули 1439 год. во катедралата во Фиренца унијата била и официјално прогласена за склучена.[345] При потпишувањето на унијата единствено епископот Марко Ефески одбил да ја потпише, иако бил под закана дека ќе му биде одземена епархијата.[346]Отпор кон унијата покажала и Охридската архиепископија која ја отфрлила оваа унија.[347] На крајот, се покажало дека било полесно унијата да се потпише отколку да се спроведе. Кога се вратила делегацијата во Константинопол, била непријателски пречекана. Било формирано дури и антиунионо движење предводено од Марко Ефески. Јован VIII не се откажал од унијата, но најверојатно Елена го искористила своето влијание врз својот син , па Јован VIII престанал со нападите кон антиунионистите и со настојувањата таа да биде прифатена.[348]

Додека траел соборот во Фиренца за потпишување на унијата, се увидело дека Јован VIII бил под силно влијание на својата мајка, и дека не можел да донесува одлуки без да се консултира со Елена Драгаш.

---

[342] Ѓуриќ , *Самракот на Византија* , 232.
[343] Рансиман , *Падот на Константинопол,* 23.
[344] Матанов , Михнева , *От Галиполи до Лепанто,* 131.; Ангелов , *Византия,* 319. ; Острогорски ,*Историја Византије,* 521.
[345] Петар Поповски , Македонската средновековна црковна дипломатија, том втори, ( Скопје , 2007 ) 210. ; Истиот, том први, 6. ; Острогорски ,*Историја Византије,* 521.
[346] Рансиман , *Падот на Константинопол,* 24. Повеќе детали околу текот на соборот во Ферара и во Фиренца види кај : Gill, J. , *The Council of Florence* , ( Cambridge, 1959 )
[347] Поповски , Македонската средновековна црковна дипломатија, том втори, 211.
[348] Рансиман , *Падот на Константинопол,* 24 – 25 . Ѓуриќ , *Самракот на Византија* , 233.

Во текот додека траел соборот во Фиренца , на 10 јуни 1439 год. починал патријархот Јосиф II , Јован VIII Палеолог пред поставувањето на нов патријарх и покрај противењата на папата и на делегацијата која што била со него, тој сакал најпрвин да се консултира со својата мајка која била во Константинопол. [349]Од самите овие постапки може да се заклучи дека Елена имала силно влијание врз својот син император, а со тоа и голема, можеби индирекна , на сепак голема политичка улога и моќ.

Наклонетоста која Елена Драгаш ја покажала кон Јован VIII Палеолог, во уште поголема мера ја пренела на Константин Драгаш, нејзиниот втор љубимец меѓу синовите.[350]

По смрта на Јован VIII неговите браќа се обидуваат да го добијат испразнетото императорски место. На тоа се надевале и Тома и Димитриј. Сепак Елена се прогласила за регент се додека не се врати нејзиниот најстар жив син во Константинопол за да го заземе тронот и со самото тоа спречила појава на уште една граѓанска војна во Византија. Томас и Димитриј биле принудени да ја прифатат одлуката на нивната мајка. Во декември Елена го испратила Сфранцес да побара и официјално одобрување за поставувањето на Константин за нов Император на Византија.[351] Елена Драгаш за време на владеењето на Константин XI Драгаш Палеолог всушност била нешто како совладател на самиот император.[352]

Елена Драгаш, за нејзина среќа не доживеала да ја види смртта на својот миленик Константин XI Драгаш Палеолог и пропаста на империјата. Таа умрела на 23 март 1450 година, била погребана во манастирот " Пантократор " кој претставувал како семејна гробница на семејството Палеолозит. [353]

За времето додека со империјата владеел Мануел II , Елена Драгаш немала никакво политичко влијание, ја имала само грижата за своите деца , но тоа се

---

[349] Ѓуриќ, *Самракот на Византија*, 232.
[350] Ѓуриќ, *Самракот на Византија*, 233.
[351] Sphrantzes, 72, Doukas 279, Donald M. Nicol, *The Immortal emperor*, ( Cambridge, 1992 ) 36.
[352] Матанов, *Княжеството на Драгаши*, 269.
[353] Исто 270.

покажало како пресудно по смрта на нејзиниот сопруг, затоа што нејзините синови т.е и двајцата владетели Јован VIII Палеолог и Константин XI Драгаш Палеолог биле под силно нејзоно влијание. Така да на еден начин таа преку своето влијание врз своите синови владеела со Империјата.

*"Дајте ѝ на една жена десет добри совети, таа ќе го следи само единаесетиот – својот." – Хелмхолц*

## Глава Пета

### Моќните Кантакузини ( погледната низ три генерации на жени )



Византискиот цар Јован VI Кантакузин претседава со Синод во 1351 година.
(http://byzantio.tumblr.com )

## 5.1. Теодора Кантакузина

Теодора Кантакузин била мајка на Јован VI Канткузин. Се покажало дека Теодора била многу по влијателна личност од нејзиниот сопруг.

На повеќе места Теодора била споменувана како тетка на Андроник III.[354] Диканж сметал т.е ја поврзувал Теодора со тоа дека таа му била ќерка на Никифор Тарханиот и Марија Палеолог, сестра на Михаил VIII Палеолог,[355] додека пак Делгер не верува дека Теодора била роднински поврзана со фамилијата на Тарханиот.[356]

Се покажало, а и во самите извори стои дека Теодора имала цврст карактер и имала големи административни способности. Со започнувањето на првата граѓанска војна, Теодора се здобила со одговорни обврски, како прво, таа од страна на Андроник III била одредена заедно со неговата сопруга Ирина и ги поставил за одговорни на Димотика.[357] Во 1322, финансиски Андроник III веќе бил немоќен да ја продолжи војната, затоа Теодора му понудила финансиски да го подржи. Со нејзината финансиска помош Андроник успеал да ја плати војската и да ја продолжи војната.[358] Во 1328 год. Теодора се вратила во Константинопол и најверојатно таа останала таму до крајот на својот живот.[359]

Втората граѓанска војна ја вовлекла повторно и Теодора во настаните. Во 1341 г. по смртта на Андроник III, настанала борба за преземање на регенството. Кога Јован Кантакузин го напуштил Константинопол, неговите противници го искористиле тоа, со што започнала втората граѓанска војна во Византија. Во октомври 1341 г. Теодора заедно со нејзиниот најмал внук Андроник и со Ирина Палеолог, сопругата на нејзиниот најстар внук Матија биле затворени во домашен притвор од страна на Алексиј Апокавк. Теодора била ставена под се потешки

---

[354] Nicol, *The Family of Kantakouzenos,* 30.
[355] Du Cange Carolo du Fresne Domino , Familia Byzantina , ( Paris , 1964 ) 259. ; Nicol , *The Family of Kantakouzenos,* 30.
[356] Цитирано според Nicol, *The Family of Kantakouzenos,* 31.
[357] Исто.
[358] Walter, *La ruine de Byzance,* 211 – 212.; Nicol, *The Family of Kantakouzenos,* 31. ; Никол, *Византијске племкиње,* 118.
[359] Nicol, *The Family of Kantakouzenos,* 32.

услови за живот, затоа што била мајка на противникот, но и затоа што имала голема економска моќ. На крајот Теодора била лишена од секакви материјални добра, како и без никаква медицинска помош, таа се разболела и на 6 јануари 1432 год. умрела , а била погребана во црквата Кира - Марија .[360]

Семејството на Теодора имало голем посед во Сер во Македонија. Во 1329 год. Теодора, на манастирот Ватопед на Планината Атос му ги предала метохијата на Св. Димитриј од Сер заедно со неговото земјиште. Теодора исто така имала големи поседи на островот Лемнос, кои што исто така му ги предала на манастирот Ватопед.[361]

Современиците ѝ се восхитувале на Теодора поради нејзината умешност во водењето на јавните ( финансиски ) работи. Без сомнение меѓу другите договори, Теодора го договорила и бракот на својот син Јован со Ирина Асен во која што се видела самата таа. [362]

Како што можеме да видиме Теодора располагала со големи поседи, и економски стоела многу добро. Од сето видено произлегува дека таа, а не нејзиниот син раководела со имотот и со финансиите, затоа што таа му понудила економска помош на Андроник III во 1322год. Големите финансии на Теодора ѝ овозможиле голема моќ.

---

[360] Исто 32.
[361] Исто 32 – 33.
[362] Никол, *Византијске племкиње*, 116 – 117.

## 5.2. Ирина Асен Кантакузина

Ирина Асен , била најстарата ќерка на Андроник Палеолог Асен син на Иван III Асен и Ирина Палеолог.[363]

Во периодот кога избила војната помеѓу Андроник II и Андроник III[364] , Јован Кантакузин бил најблискиот и најдоверливиот човек на младиот Андроник. Како таков ги преземал поголемиот дел од одговорните работи. Јован Кантакузин кога заминал за Цариград ја оставил , Ирина сама во Галиполе од тогаш таа почнала да се привикнува на тоа да биде самата одговорна за нивното семејство и должностите кои и ги оставал Јован.[365] Во 1328 год. Андроник III го победил својот дедо и го принудил да се повлече. Со тоа Јован Кантакузин како што кажува самиот, иако му било понудено од страна на Андроник III да биде негов совладетел , Јован одбил прифаќајки ја само титулата " голем доместик " . [366]

За време на владеењето на Андроник III нема спомнување на Ирина и на нејзина каква и да било политичка активност. По смрта на Андроник III во Византија повторно дошло до уште една граѓанска војна која што била многу по погубана за Византија. Околу самото избивање на војната видовме кога зборуваме за Ана Савојска сега повеќе ќе се задржиме само на улогата на Ирина Асен Кантакузин во оваа граѓанска војна.

Кога во 1341 год. Јован Кантакузин се повлекол со војската во Дидимотика со него била и Ирина, при неговото прогласување за император од страна на војската самата Ирина била исто така прогласена за царица.[367] Во овој период Ирина успеала да издејствува нејзините двајца браќа Иван и Мануил Асен , кои биле затворени во тврдината Вира уште од 1335 год. обвинение за предавство, да бидат ослободени.[368] Јован ја оставил Ирина сама и заминал за Солун обидувајќи се овој

---

[363] Nikol, *The Byzantine family of Kantakouzenos* , 104.; Божилов , *Фамилията на Асеневци* , 307.
[364] За оваа војна зборувавме и прежходно види во претходните глави. Nicol D. M. , *The Last Centuries of Byzantium,* 185 – 208.
[365] Никол, Византијске племкиње, 117.
[366] Nicol D. M. , *The Last Centuries of Byzantium,* 168. ; Никол, Византијске племкиње, 118.
[367] Никол, Византијске племкиње, 118.
[368] Nikol, *The Byzantine family of Kantakouzenos* , 104.; Божилов , *Фамилията на Асеневци* , 307 – 308.

значаен град да го придобие на своја страна, а тогаш ги започнал и преговорите со Србите.[369] За сето ова време Ирина била оставена да ја брани Димотика.[370] До тој период Јован и Ирина имале шест деца, нивните двајца најстари синови Матија и Манојло заминале со својот татко, а најмладиот син Андроник бил со неговата баба Теодора Кантакузин. Со Ирина во Димотика биле нејзините три ќерки Марија, Теодора и Елена. Димотика често била напаѓана од Цариград, Ирина почнала да ја губи надежта дека нејзиниот сопруг Јован ќе се врати да и помогне затоа таа побарала помош од Бугарите и од Турците.[371] Кон крајот на 1342 год. поради очајноста за да го спаси градот, Ирина се решила да побара помош од бугарскиот цар Иван Александар. Меѓутоа бугарската војска наместо да го заштити градот се обиделе да ја заземат Димотика.[372]

Ситуацијата била решена кога неочекувано[373] пред самите порти на градот, се појавил еден од сојузниците на Јован Кантакузин, Умур кој се надевал дека тука ќе го сретне Јован Кантакузин. Умур се залогорил пред ѕидините на градот, Ирина постапила така како што сметала дека би постапил и нејзиноит сопруг. Таа преку целата зима го снабдувала логорот со храна и облека. Многу и се олеснила работата кога Умур и неговите војници решиле да се повлечат назад во Мала Азија.[374] Ирина оставила силен впечаток врз многу современици со својата одлучност и храброст, штитејќи ја Димотика, меѓу кои и врз Умур и Грегора.[375]

Јован се вратил во Дидимотика во 1343 г. кога се изгледало дека е на негова страна за да ја добие војната. Ваквата ситуација го охрабрила Јован Кантакузин и во 1346 г. во Адријанопол бил крунисан за цар од страна на Ерусалимскиот патријарх кој истовремено фрлил и анатема на цариградскиот патријарх. Според

---

[369] Повеќе за овие преговори на Јован со Стефан Душан види : Nicol D. M. , *The Last Centuries of Byzantium,* 185 – 208. ; Nikol Donald M. , *The Byzantine Family of Kantakouzenos* , 51; 54 .
[370] Treadgold , *A History of the Byzantine state and Society* , 767. ; Никол, Византијске племкиње, 119.
[371] Никол, Византијске племкиње, 119.
[372] Божилов , *Фамилията на Асеневци* , 308.
[373] Според Божилов , Ирина од името на Јован Кантакузин напишала писмо и го испратила до Умур за помош против бугарската војска.Умур се одзвал на ова писмо и ја разбил бугарската војска. Види : Божилов , *Фамилията на Асеневци* , 308. Што би можело да биде точно, затоа што кога дошол во Димотика Умур мислел дека писмото е од Јован и дека ќе го најде него тука.
[374] Никол, Византијске племкиње, 119. ; Божилов , *Фамилията на Асеневци* , 308.
[375] Greg. , II, 692 – 693.

Византиските правила новокрунисаниот цар самиот ја крунисувал својата сопруга за царица. Јован VI Кантакузин го направил истото, својата сопруга Ирина ја крунисал за царица. Сето тоа било награда за нејзината лојалност кон својот сопруг и што успеала да ја одбрани Димотика.[376]

Втората граѓанска војна се завршила со влегувањето на Јован VI Кантакузин во Цариград и потпишување на договор.[377] На празникот Константин и Елена 21 мај 1347 г. новиот цариградски патријарх повторно го крунисал Јован VI Кантакузин, кој исто така по втор пат ја крунисал Ирина за царица.[378]

Наредната 1348 година, Ирина од својот сопруг повторно добила задолжение да го чува сега Константинопол,[379] додека тој заминал во војна со Бугарите. Ова Ценовјаните го виделе како можност за од Галата да го нападнат Цариград. На Ценова не и одговарало тоа што во овој период Јован V Кантакузин започнал да ја обновува византиската флота. Во август истата година допловиле од Галата до Цариград и ги запалиле новоизградените византиски бродови. Така Ирина се нашла во истата ситуација како од пред неколку години, кога требало да ја брани Димотика. Таа одбила да преговара со Ценовјаните. Оваа нејзина храброст и силниот отпор, кој го пружала војската предводена од нејзиниот син Манојло ги изненадила Ценовјаните, кои биле приморани да се повлечат и повторно се обиделе да преговараат. Ирина повторно одбила да преговара, таа никоѓаш не потпишувала договор без одобрение на нејзиниот сопруг. Кога Јован VI Кантакузин се вратил во октомври во Константинопол, ја одобрил постапката на Ирина и самиот тој одбил да потпише договор со Ценовјаните. Одбивањето на договорот довело до уште една војна со Ценовјаните. Во 1349 г. византиската флота била целосно уништена и Јован VI Кантакузин бил приморан да потпише многу по неповолен договор од оној

[376] Никол, Византијске племкиње, 120.
[377] За овој договор зборувавме погоре : види Ана Савојска
[378] Божилов , *Фамилията на Асеневци* , 308.; Nikol , *The Byzantine family of Kantakouzenos* , 105.
[379] Никол, Византијске племкиње, 124. ; Божилов , *Фамилията на Асеневци* , 308.; Nikol , *The Byzantine family of Kantakouzenos* , 106.

претходно понудениот, со што се увидува дека одбивањето на договорот од 1438 г. се покажал како погрешно. [380]

Во 1352 год. дошло до судир помеѓу Матија Кантакузин и Јован V Палеолог.[381] Јован VI Кантакузин ја испратил својата сопруга Ирина Кантакузин во Димотика со надеж да ја смири ситуацијата помеѓу нејзиниот син и зетот.[382] Овој нивни судир за преземање на власта би можел да доведе до уште една граѓанска војна, затоа Ирина решила да посредува помеѓу нив двајца. Таа со себе повела делегација од тројца епископи, сé со цел убедувањето на синот и зетот да добие и морална тежина. Оваа Иринина мисија била неуспешна, ниеден од нив не сакал да потпише било каков договор па за една година помеѓу нив избила војна.[383]

На 22 ноември 1354 г. Јован V Палеолог конечно влегол во Цариград и си го зазел својот престол. Јован Кантакузин неможел веќе ништо да направи , се повлекол од императорскиот престол без понатамошни противења и борби. На 10 декември Јован Кантакузин ги оставил царските инсигнии и се замонашил земајки го монашкото име Јосиф. [384]

Според обичаите, кога оженет човек би решил да се замонаши истото требало да го направи и неговата жена. Затоа кога Јован решил да се замонаши за тоа разговарал и со Ирина. Се верува дека Ирина се противставувала на оваа одлука на Јован, го прекорувала со зборовите „Да ја чував јас Димотика како што го чуваше ти Цариград, би можеле да се разделиме уште пред дваесет години “.[385] Ирина немала обичај да се расправа со својот сопруг и ја прифатила оваа одлука на Јован. На 11 декември ја напуштила царската палата, се замонашила и се повлекла во манастирот света Марта , земајќи го монашкото име Евгенија.[386]

---

[380] Никол, Византијске племкиње, 124 – 125.

[381] За нивниот судир види повеќе кај : Радић, *Време Јован V Палеолог* , 229 – 239.

[382] Јован V Палеолог бил оженет за елена Кантакузин , ќерка на Јован VI Кантакузин и Ирина Кантакузин за што ќе видиме подоцна кога ќе зборуваме за Елена Кантакузина.

[383] Никол, Византијске племкиње, 125 – 126.

[384] Исто 128.

[385] Исто.

[386] Никол, Византијске племкиње, 129. ; Nikol , *The Byzantine family of Kantakouzenos* , 106. ; Божилов , *Фамилията на Асеневци* , 308

Според Грегора, Ирина се обидела да ја игра улогата на Теодора, сопругата на Јустинијан, за да го принуди и понатаму да се бори.[387] Сепак изгледа дека сето тоа било залудно.

Ирина се среќава во изворите уште еднаш во 1361 – 1362 кога заедно со нејзиниот сопруг и синот Матеј, кој во 1357 г. целосно се откажал од борбите со Јован Палеолог, заминале за Пелопонез.[388]

Точната дата за смрта на Ирина Кантакузин не се знае, се претпоставува дека тоа било помеѓу 1364 – 1379.[389]

---

387 Greg. , II , 625.
388 Божилов , *Фамилията на Асеневци* , 308.
389 Никол, Византијске племкиње, 130.

## 5.3. Елена Кантакузин Палеолог

Елена била најмладата од трите ќерки на Јован VI и Ирина Кантакузин.[390]

По завршувањето на граѓанската војна, во договорот кој што бил потпишан помеѓу двете страни како што видовме претходно, стоело и тоа дека ќерката на Јован VI Кантакузин треба да стапи во брак со Јован V Палеолог. Сето ова било со цел врските помеѓу овие две фамилии да се зацврстат.

Елена пристигнала во Константинопол заедно со нејзината мајка и двете сестри од Адријанопол во 1347 год. Венчавката помеѓу Елена и Јован се случила на 28 или 29 март 1347 г., осум дена откако нејзиниот татко бил крунисан.[391] Според Грегора, за време на венчавката Елена имала четиринаесет, а Јован шеснаесет години. На самата венчавка Елена била крунисана и за императорка, Јован самиот ја ставил круната на нејзината глава.[392]

Во 1352 год. Елена заедно со својот сопруг Јован и нејзиниот најмал син Мануел, заминале во Тракија за да ги преземат териториите кои им ги отстапил нејзиниот татко Јован VI.[393]

За време на нејзиното владеење дошло до многу судири за превласт помеѓу нејзините најблиски од една страна, еден од нејзините синови Андроник IV, а од друга нејзиниот сопруг и помалиот син Мануел II. Таа во овие судири се нашла како измеѓу два огна, обидувајќи се да ги смири и двете страни.

Кога во 1376 год. Андроник IV се кренал против својот татко, Елена се обидела да биде посредник и да ги смири двете партии. Кога Јован V и нејзините двајца синови Теодор и Мануел биле затворени во октомври 1376 год. таа станала жртва на двете завојувани страни.[394] Елена не се нашла затворена заедно со својот сопруг и двата сина, но таа била заслужна за нивното подоцнежно бекство, поради што била

[390] Nicol, *The Family of Kantakouzenos*, 135.
[391] Исто 136.
[392] Greg., II, 788.
[393] Nicol, *The Family of Kantakouzenos*, 136.
[394] Исто 137.

подложена на непријатности од страна на Андроник IV.[395] Така во јуни 1379 год, со помош на султанот, Јован V Палеолог и неговите двајца синови успеале да побегнат од затвор и Јован повторно да се врати на престолот.[396] Андроник IV пребегал во Галата земајќи ги со себе како заробеници неговата мајка Елена и стариот Јован Кантакузин како и нејзините две сестри Марија и Теодора. Таму тие биле држени под силна контрола. Дури во 1381 год во мај кога Јован V и Андроник IV постигнале договор, на Елена и на нејзините роднини им било дозволено да се вратат во Константинопол.[397]

По смрта на нејзиниот сопруг на 16 февруари 1391 год. Елена се замонашила во Константинополскиот манастир Кира Марта, добивајќи го монашкото име Ипомена.[398]

Деметриј Кидон бил нејзин близок пријател , и преку неговите писма адресирани до неа може да се види нејзината политичка активност .

Помеѓу 450 те писма кои Деметриј Кидон ги испраќал до своите пријатели и дел од царската фамилија, шест писма биле адресирани и до Елена Кантакузин Палеолог. Овие писма кои ги испраќал Кидон датираат од 1347 – 1392. Во две од тие писма се открива политичката улога на Елена за време владеењето на нејзиниот споруг и син.

Писмото број 134 Деметриј Кидон го напишал за време на неговиот престој на Лезбос, каде што престојувал како гостин кај нејзиниот зет од сестра Франческо Гатилузио. Неговото заминување за Лезбос од Јован V и од Мануел II било сфатено како обид за заговор против нив заедно со Гатилузио. Подоцна во 1376 год. Гатулузио застанал на страната на одметнатиот Андроник IV.[399] Во ова писмо Кидон

395 Радиќ , *Време Јован V Палеолог* , 392.
396 Острогорски , *Историја*, 503 – 505.; Радиќ , *Време Јован V Палеолог* , 402 – 404. ; Nicol, *The Family of Kantakouzenos*, 137.
397 Nicol, *The Family of Kantakouzenos*, 137.
398 Исто 137.
399 Повеќе за одметнувањето на Андроник IV и борбите со неговиот татко Јован и брат му Мануел види кај Радиќ , *Време Јован V Палеолог* , и таму посочената литература, како и кај Острогорски , *Историја*, 503 – 505.

ја молел Елена за совет.[400] „ .... Барам да ми испратиш писмо во кое што би ми дала совет за ситуацијата во која што се најдов, кое што ќе го примама како ореол, и ветувам дека нема да направам ништо спротивно од тоа што ти ќе ме советуваш. “[401] Од писмото се гледа дека мислењето и советите на Елена биле значајни за Кидон, тој верувал во нејзините одлуки. Советите на Елена исто така биле барани и прифаќани и од нејзините синови. Во 1374 /1375 год. Кидон и се вратил во Константинопол, точно во периодот кога во Константинопол пристигнало пратеништвото на папата Грегори XI, за да ги претстават плановите на папата за крстоносна војна против Турците.[402]

Во писмото број 222 кое го напишал 1392 год. помеѓу тоа што и се заблагодарува на Елена за многуте подароци, тој ѝ го опишува нејзиниот живот низ многуте војни низ кои што поминала и како таа имала улога на помирувач, посредник, во истите.,

Кога се смириле, семејните борби за превласт Мануел II поголемиот дел од своето време го поминувал како вазал на султановиот двор војувајки заедно со него. Но, кога разбрал за смртта на својот татко тој поитал да се врати во престолнината плашеќи се дека повторно би избиле немири во Константинопол. Исчекувајќи да се врати нејзиниот син во престолнината и плашејќи се од Јован VII, привремено власта во Константинопол ја презела Елена Кантакузин Палеолог. Мануел пристигнал во Константинопол на 8 март 1391 г. ,но повторно бил повикан од султанот во Сер. Така за време на неговото отсуство повторно власта во престолнината ја презела неговата мајка Елена Кантакузин Палеолог.[403]

Елена Кантакузин Палеолог умрела пет години по смрта на нејзиниот сопруг, Јован V Палеолог т.е. во ноември 1396.[404]

---

[400] Frances Kianka , *The Letters of Demetrios Kydones to Empress Helena Kantakouzene Palaiologina*, Dumbarton Oaks Papers no.46 , *Homo Byzantinus , papers in honor of Alehander Kazhdan*, ( Washington , D.C. , 1992 ) 160.
[401] Kianka , *The Letters of Demetrios Kydones to Empress Helena*, 161.
[402] Исто.
[403] Иван Ѓуриќ , *Самракот на Византија* , 53.
[404] Nicol, *The Family of Kantakouzenos*, 137.




Мапа на Византија од 1265 год. , Historical Atlas од William R. Shepherd




Византиската Империја во 1450 г. ( www.google.com )

# Заклучок

Информациите со кои располагаме за жените во средниот век , особено за оние од Византија како што видовме и претходно се многу скудни. Сепак и со тоа малку со кое што се располага, ја утврдуваме нивната положба во општеството. Сепак ќе бидат потребни уште многу истражувања за оваа област за која е многу малку работено посебно кај нас. Проучувајќи ги жените во средниот век сепак можеме да дојдеме и до многу информации општо кои се однесуваат точно на овој период. Како што видовме од претходно изложеното најголемите забрани за жените точно доаѓале од црквата односно од црковните закони , одејќи дотаму што на жените им било дури и забранувано да зборуваат во црква. Сепак световните закони им овозможувале одредена мера на сигурност т.е. на права. Овие права најмногу се однесувале на правото на миразот. Миразот всушност им давал најголема сигурност на жените. Нивните најголеми права биле точно поврзани со миразот. Таа била сопственик на својот мираз , нејзиниот мираз несмеел да биде отуѓуван од страна на нејзиниот сопруг , Новелите на Јустинијан кои се однесувале на миразот и правата на жената над истиот не биле променети се до пропаста на Византија. Ова било единсвеното нешто кое за време на целото постоење на Византиската империја се однесувало на жената , а останало непроменето.

Без разлика на кој општествен слој им припаѓале жените, тие секогаш биле поставувани на пониско рамниште од мажите особено тоа било правено од страна на црквата. Жената била единствено гледана како некој кој што треба само да се грижи за приновата.

Сепак за разлика од пониските слоеви, принцезите и императорките имале право да се образуваат, во одреден степен , се разбира. Доволно како еден пример за тоа е да се спомни Ана Комнена, а од овој период кој што го работевме тоа е Ирина - Евлогија Хумн Палеолог, за која што преку нејзините писма се гледаат и нејзините творечки способности.

Близината на императорките и општо на жените од повисокиот општествен слој до политичките настани им овозможувало и нивна вмешаност во овие настани без разлика дали тоа било директно или индиректно. Така тие биле единствени кои би можеле да се здобијат со политичка моќ. Можеби црквата не им давала права, но тие наоѓале начини да се вмешаат и во црковните прашања, а тоа секако било преку многуте црковни судири во периодот на Палеолозите тоа биле Лионската унија, судирот помеѓу исихастите и антиисихастите, Фераро - Фирентинската унија.

При потпишувањето на Михаил VIII Палеолог на Лионската унија во 1274 год. еден од неговите противници била неговата сестра Евлогија заедно со нејзините ќерки, Евлогија која дотогаш била постојано до својот брат и го подржувала при обновувањето на Византиската империја завршила во затвор и во прогонство.

Ирина - Евлогија Хумн била жесток противник на исихазмот. А, Елена Драгаш се свртела дури и против својот син Јован VIII Палеолог откако тој ја потпишал Фераро - Фирентинската унија. Така гледаме дека имале, т.е. биле вмешани и во црковните судири па и таму одиграле значајна улога. Јован VIII Палеолог најверојатно под притисок на неговата мајка , Елена Драгаш , се откажал од прогонувањето на противниците на Фераро - Фирентинската унија.

Некои од овие жени дури и започнувале војни со самиот император.

Марија, ќерката на Евлогија и внука на Михаил VIII Палеолог влегла во конфликт т.е. во војна со својот вујко заради тоа што тој не и го отстапил ветениот мираз , т. е. градовите Месемврија и Анхијало.

Марија по се изгледа имала поголема контрола над власта во Бугарија во тој период отколку нејзиниот сопруг Константин Тих, затоа што таа ја водела всушност војната со нејзиниот вујко. По смртта на нејзиниот сопруг целосната контрола над власта ја презела таа иако за кратко.

Вториот град на империјата, Солун , бил место каде што еден дел од императорките го поминале поголемиот дел од својот живот и го завршиле својот живот таму. Откако Ирина Монфератска ги влошила односите со својот сопруг

Андроник II, заминала во градот кој што всушност бил нејзин мираз и од таму продолжила со својата политика која што се судрувала со политиката на нејзиниот сопруг. Таа имала свои планови и политика за тоа како треба да се подели империјата помеѓу нивните деца, односно на тој начин го одредувала обликот на функционирање на самата империја. Како и Ирина Монфератска, така и Ана Савојска по завршувањето на втората граѓанска војна , односно во 1351 год. кога требало да го одврати својот син Јован V Палеолог од договорот со Стефан Душан, заминала за Солун и остатокот од својот живот го продолжила таму. Сепак за разлика од Ирина Монфератска, Ана Савојска била далеку послаб дипломат и политички поткована личност.

Додека Ирина Монфератска, самостојно се спротивставува на својот сопруг па дури и води посебни преговори со српскиот крал, Милутин, Ана Савојска во текот на втората граѓанска војна поради своето неискуство се потпира на Апокавк и на патријархот, но и прави големи грашки меѓу кои и залогот даден на Венецијанците.

Малечката , Симонида била само уште една жртва на византиската политика односно на политиката на нејзиниот татко Андроник II , кој за да го запре територијалното навлегување на српскиот крал, Милутин, бил приморан да склучи мир подкрепен со брак. Ова „ давање " на византиските принцези станало дел од византиската политика, особено за време на Палеолозите. Она што на почетокот во империјата било незамисливо т.е. да се склучуваат бракови надвор од империјата и со неверници во последните векови од нејзиното постоење станало само дел од императорската политика.

Семејството на Кантакузините во овој период особено се истакнало со својата економска моќ, која што всушност им ја обезбедила и нивната политичка моќ. Теодора Кантакузин , мајката на Јован VI Кантакузин всушност била финансискиот помагач на Андроник III, за време на граѓанската војна помеѓу дедото и внукот, а со самото тоа и на нејзиниот син Јован.

По малку иронично , но првиот император на Византија бил Константин Велики, а неговата мајка се викала Елена, и последниот владетел бил Константин XI Драгаш и неговата мајка се викала Елена Драгаш.

Без разлика дали со Византија владеел император или императорка според сето она што го осознав за самата Византија и за политиката која ја воделе и едните и другите, се воделе од едно, и за едните и за другите важело само едно правило „ Целта ги оправдува средствата “. Никој од нив не водел сметка за тоа кои се средсва се користат, единствена грижа им била да се оствари нивната политика и да се зачува империјата. Во многу од случаевите императорките се покажале како поодлучни, похрабри и подобри владетели. Дефинитивно дејствувале од сенка , но како и да е видовме дека имале голема вмешаност во политичките случувања и дел од нив имале голема политичка моќ.

Библиографија

А) Извори


1. *Византијски извори за историју народа Југославије* , том VI ( Београд, 1986 )
2. Византијски извори за историју народа Југославије VI , Сима Ћирковић, Божидар Ферјанчић , *Нићифор Григора*,( Београд 1968.)
3. *ГИБИ* , том. X Българска академия на науките, Институт за Българска история, ( София, 1954)
4. Gregoras Nikephoros , *History, Byzantina Historia,* изд. L. Schopeni , I,II, III (Bonnae, 1829; 1830 ; 1855) (CSHB)
5. Ducas , *Historia Byzantina* , ed. Immanuel Bekkerus , ( Bonnae, 1834 )
6. Du Cange Carolo du Franse Domino , Historia Byzantina ,( Paris , 1964 )
7. Эклога - Избранные законы , Академия Наук СССР ( Москва , 1965 )
8. Илиевска Красимира , *Теодор Метохит и неговиот извештај за дипломатската мисија во Србија,* Архив на Македонија , *Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија,* том II ( Скопје 1977)
9. Cantacuzeni Ioannis , Historiarum , I, II , III ed. Ludovici Schopeni , ( Bonnae ,1828; 1831;1832)
10. Catalogue of the buzantine coins in the Dumbarton Oaks Collection , vol 5, part 1., ( Washington, D.C. , 1999)
11. Kianka Frances , *The Letters of Demetrios Kydones to Empress Helena Kantakouzene Palaiologina*, Dumbarton Oaks Papers no.46 , *Homo Byzantinus , papers in honor of Alehander Kazhdan*, ( Washington , D.C. , 1992)
12. Corpus Iuris Civilis , Novellae , volume tertium , ( Berolini , 1895 )
13. Мошин Владимир, *Грамотите на манастирот Св. Георги – Горг Скопски*, Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија , том I, ( Скопје 1975)

14. Мошин, Владимир, Славева Лидија, *Договорот на Крал Урош II Милутин со Карло Валоа од 1308 година за поделба на Византиска Македонија,* Споменици II ( Скопје , 1977 )

15. Новаковић Ст. , *Матија Властара Синтагма,* Азбучни зборник византијских црквених и државних закона и правила. Словенски превод времена Душанова. ( Београд , 1907 )

16. Pachymeres George , *De Michaele et Andronico Palaiologis,* ed. Bekker, vol.1, 2 CSHB ( Bonnae 1835 )

17. Pachyméres George , Relations historique , ed. A. Failler ( Paris , 1984 )

18. Стојановић Љ., *Стари Српски Записи и Натписи,* књига шеста , Српска Краљевска Академија ( Ср. Карловци, 1926 )

19. Hero Angela Constantinides , *A Woman's Quest for spiritual guidance : the correspondence of princess Irene Eulogia Choumnaina Palaiologina* , ( Brookline, Massachusetts 1986 )

20. Choumnos Nikephoros, *Letter of Consolation to his daughter,* e.d J. F. Boissonade, *Anecdota Graeca e Codiccibus Regiis,* I ( Paris ,1829 )

Б) Литература


1. Анастасијевиħ Д. , *Једина Византиска царица Српкиња* , Братство XXX ( Београд , 1939 )
2. Ангелов Д., *История на Византтия,* т.III (София 1967г.)
3. Ангелов Димитър , *Византия политическа история*, ( Стара Загора, 1994 )
4. Андреев Йордан , *Любовните истории в Българското средновековие* , (Велико Търново ,1996)
5. Андреев Йордан , Лазаров Иван , Павлов Пламен , *Кой кой е в средновековна България,* Второ допълнене издание ( София 1999 )
6. Антољак Стјепан, *Помошни историски науки* , ( Скопје , 1980 )
7. Атанасовски Александар , *Византиско - Бугарските односи во втората половина на XIII в.* , , България , българите и техните съседи през вековете , ( Велико Търново , 2001)
8. Атанасовски Александар ,*Македонија во XIV век,* ( Тетово, 2009 )
9. Баришиħ Фрањо, *Повеље византијских царица* , Зборник Радова Византолошког Института књ. XIII , ( Београд , 1971)
10. Barker John W., *Manuel II Palaeologus ( 1391 – 1425 ), A Study in Late Byzantine Statesmanship,* ( New Jersey, 1969 )
11. Божилов Иван , *Фамилията на Асеневци (1186 – 1460 ) генеология и просопография,* второ фототипно изадние (София 1994)
12. Божилов Иван и Гюзелев Васил , *История на средновековна България VII – XIV век,* том. 3 ( София, 1999 )
13. Божилов Иван , *Владетели на Византийската империя, од Константин I Велики до Константин XI Палеолог,* ( София , 2005 )
14. Vasiliev A.A. , *History of the Buzantine 324 - 2453* , vol. II ( Wisconsin, 1952 )
15. White Despina , *Property rights of women: The changes in the Justinian Legislation regarding the dowry and the paraphema,* JÖB 31/1 ( Wien, 1981 )
16. Geanakopolos John Deno , *Emperor Mihael Palaeologus and the west 1258 – 1282,* Harvard university press (1959)

17. Georgieva Saška , *The Byzantine Princesses in Bulgaria* , Byzantino Bulgarica IX ( Sofia , 1995 )
18. Георгиева Сашка , *Жената в Българското средновековие*, ( Пловдив , 2011 )
19. Gérard Walter , *La Ruine de Byzance 1204 - 1453,* ( Paris, 1958)
20. Gerasimov T. , *Monnaies des Paleologues avec des representations d'etoiles,* Byzantino Bulgarica , III, ( Sofia, 1969 )
21. Gibbon Edward, *The history of the decline and fall of the Roman Empire,* vol. XI (New York 1907)
22. Gill, J. , *The Council of Florencr* , ( Cambridge, 1959 )
23. Ѓорги Поп - Атанасов , *Речник на старата македонска литература* , ( Скопје , 1989 )
24. Ђурић Иван , *Евдокија Комнина и њен муж Константин Драгаш* , ЗРВИ , XXII, ( Београд, 1983 )
25. Ѓуриќ Иван , *Самракот на Византија , Времето на Јован VIII Палеолог 1392 – 1448*, ( Скопје , 1997 )
26. Evans Helen C. , *Byzantium, Faith and Power ( 1261 – 1557 ),* ( New York , 2004 )
27. Енциклопедија Православља, књига прва , А – З , и , књига друга , И – О , ( Београд , 2002 )
28. Живоиновић Мирјана , *Јован V Палеолог и Јован VI Кантакузин од 1351 до 1354године* , ЗРВИ XXI , ( Београд, 1982 )
29. Златарски Васил , *История на Българската държава през средните векове том.3 Второ Българско царство българия при Асеневци ( 1187 – 1280 )* , второ фототипно издание ( София, 1994 )
30. Илиевски П.ХР. , *Извештај за пратеништвото на Теодор Метохит,* , Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија , том II ( Скопје 1977)
31. Илјовски Ристо , *Кој и кога владеел со Македонија* , ( Битола, 2003 )
32. Јиречек К. – Радонић Ј., *Историја Срба,* друга књига,( културна историја ) , ( Београд , 1952 )

33. Йончева Зорница , *Династически бракове и въпросът за престолонаследието в Сърбия XII – началото на XIV век,* Институт по Балканистика при БАН , Византия – Балканите – Европа ( София, 2006 )
34. Јосифовска – Ристовска Билјана , *Кралството на Словените од Мавро Орбини* , како извор за македонската средновековна историја , ( Прилеп , Скопје , 2001 )
35. Kazhdan P , *The Oxford Dictionary of Byzantium, vol 3.* ( Oxford 1991 )
36. Kyriakidis Savvas , *Warfare in Late Byzantium 1204 – 1453* , ( Boston , 2011 )
37. Laiou Angeliki , *The role of women in Byzantine society , Jahrbuch der Österreichischen Byzantinistik , 31/1 ( Wien, 1981 ),*
38. Laiou E. Angeliki ,Observations on the Life and Ideologu of Byzantine Women , Byzantinische Forschungen IX, 1985, 67 – 102. Gender , Society and Economic life in Byzantium ( Brookfield , Vermont 1992 ) .
39. Laiou A., *Constantinople and the Latins. The foreign policy of Andronicus II 1282 – 1328.*( Cambridge, 1972 )
40. Ласкарис Михајло , *Византијске принцезе у средњевековној Србији* ,( Београд , 1926)
41. Liz James , *Men , Women, Eunuchs : Gender , Sex, Power,* in ,*The Social History of Byzantium* , - Edited by John Haldon ( Oxford, 2009 )
42. Максимовић Љубомир , *Генеза и Карактер апанажа у византији* , ЗРВИ, XIV – XV , ( Београд, 1973 )
43. Матанов Христо , Михнева Румяна , *От Галиполи до Лепанто, Балканите Европа и Османското нашествие 1354 – 1571* , ( София, 1988 )
44. Матанов Христо, *Княжеството на Драгаши*, ( София , 1997 )
45. Morrisson Cécile , *The Emperor, the Saint, and the City : Coinage and Money in Thessalonike from the Thirteenth to the Fifteenth Century*, Dumbarton Oaks Papers , no.57 ( Washington , D.C. , 2003 )
46. Мошин Владимир , *Балканската дипломатија и династишките бракови на кралот Милутин,* Архив на Македонија , Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија , том II ( Скопје 1977)

47. Muratore Dino , *Una Principessa Sabauda Sul Trono di Bisanzio, Giovanna di Savoia, Imperatrice Anna Paleologina* , Mémoires de L'Académie des sciences, belles – Lettres et arts de Savoie, Quatriémé Série , tome XI. ( Chambéry, 1909 )
48. Nikol Donald M. , *The Byzantine Family of Kantakouzenos ( Cantacuzenus ) ca. 1100 – 1460 A Genealogical and Prosopographical Study,* Dumbarton Oaks Studies N° 11 ( Washington, 1968 )
49. Nicol D. and Bendall S. , *Anna of Savoy in Thessalonica : the numismatic evidence.,* Revue numismatique, tome 19, ( Paris,1977 )
50. Nicol Д. M. ,*Symbiosis and integration. Some Greco – Latin families in Byzantium in th 11 to 13 centuries* , BF, VII ( 1979 ).
51. Nicol Donald M. , *Byzantium and Venice*, ( Cambridge, 1988 )
52. Nicol Donald M. , *The Immortal emperor* , ( Cambridge , 1992 )
53. Nicol D. M. , *The Last Centuries of Byzantium, 1261 – 1453.* ( Cambridge , 1999 )
54. Никол М. Доналд , *Византијске племкиње: Десет портрета 1250 – 1500,* (Београд 2010)
55. Новаковиќ Стојан , *Срби и Турци XIV и XV века* , ( Београд , 1933 )
56. Новичев А.Д., История Турции , том. 1 , Эпоха Феодализама, ( XI – XVIII века) , ( Ленинград , 1963 ).
57. Norič Džon Džulijus , *Vizantija , opadanje I propast,* ( Beograd , 2010 )
58. Norwich J.J. ,*A short history of Byzantium,* ( New York 1999).
59. Нуждин О. И. , *Византийско - сербский мирныя договор 1298 / 1299г.; причины , условия , последствия* , Российская академия наук, Византийский временник , том 57 (82) ( Москва , 1997 )
60. Origone Sandra , *Giovanna Latina a Bisanzio* , ( Milano, 1998 )
61. Острогорски ,*Историја Византије,* фототипно издание , ( Београд , 1959 )
62. Piltz Elisabeth , *21st International Congress Byzantine Studies,* (London, 2006)
63. Pljakov Zdravko , Les relations Bulgaro – Buzantines A La Fin Du XIII Siecle ( 1277 – 1292 ) , Byzantino Bulgarica VIII , ( Sofia , 1986 )
64. Поповски Петар , Македонската средновековна црковна дипломатија, том втори, (Скопје , 2007 )
65. Поповиħ Јаниħије ,*Манастир Грачаница* , ( Београд , 1927)

66. Радивој Радић, *Време Јован V Палеолог* (1332 – 1391 ) , ( Београд , 1993 )

67. Рансиман Стивен , *Падот на Константинопол 1453* , ( Скопје , 2004 )

68. Рачки Франьо , История на България, ( София, 1999)

69. Scott S.P - , *The Civil Law* , Cincinnati 1932( издание објавено на веб страната на http://webu2.upmf-grenoble.fr )

70. Срејовић Драгослав, Мирковић Мирослава , Ћирковић Сима и други , *Историја Српског Народа, Од најстаријих времена до Маричке битке ( 1371 )*, прва књига, трето издание ( Београд, 2000 )

71. Српски Биографски речник, том 4, И – Ка, ( Нови Сад, 2009)

72. Станковић Младен М. , *Последња Византијска Царица* , ( Београд, 2012 )

73. Станојевић Ст. , *Народна Енциклопедија, Српско – Хрватска – Словеначка* , књига II , И – М , ( Загреб, 1926 )

74. Стевановић Миладин , *Краљ Милутин* , ( Београд, 2002 )

75. Стојановић Ст., *Историја Српскога Народа* , ( Београд, 1910 )

76. Talbot Alice – Mary , *Empress Theodora Palaiologina, Wife of Mihael VIII* , Dumbarton Oaks Papers vol.46 , *Homo Byzantinus, Papers in Honor of Alexander Kazhdan* , ( Washington , D.C. , 1992 )

77. Талбот – Мери Алис , *Жена* , Гиљелмо Кавало , *Византинци,* ( Београд, 2006 )

78. Tanner J.R., C.W. Previté - Orton , Z.N. Brooke , *The Cambridge Medieval History, vol. IV* , *The Eastern Empire ( 717 – 1453 ),* ( Cambridge, 1923)

79. Taft F. Robert , *Women at Church in Byzantium Were, When , and Why?* , DOAKS vol. 52(Washington , 1998 )

80. Treadgold Warren , *A History of the Byzantine state and Society* , ( Stanford , California , 1997 )

81. The Cambridge History of Turkey, volume 1, *Byzantium to Turkey, 1071 – 1453* ( Cambridge , 2009 )

82. Успенскаго Ѳ. И. , *Болгарскіе Асъневичи на Византійской службѢ въ XIII – XV вв.*, Извъстія Русскаго археологическаго института въ КонстантинополѢ том XIII ( Софія 1908 )

83. Успенски Фјодор , *Историја Византиског царства од 11 до 15 века,* (Београд 2000)

84. Фајфрић Жељко , *Српске Краљице и Принцезе* , ( Сремска Митровица, 2007 )

85. Fassoulakis S. , *The Byzantine Family of Raoul Ral(l)es,* (Athens, 1973)

86. Ферјанчић Божидар, *Византијски и Српски Сер у XIV столећу,* ( Београд , 1994 )

87. Ферјанчић Божидар , *Стефан Душан и српска властела у делу Јована Кантакузина,* ЗРВИ , 33, ( Београд, 1994 )

88. Fledelius Karsten „ *Woman's position and possibilities in byzantine society, with particular reference to the novels of Leo VI,* JÖB 32.2. ( Vien,1982)

89. Hammer von Joseph , *Historija Turskog ( Osmanskog ) Carstva* , tom. 1 ( Zagreb, 1979)

90. Herrin Judih - , *Femina Byzantina* , *The Council in Trullo on Women,*. Dumbarton Oaks Papers vol.46 (Washington , 1992 )

91. History of the Ottoman empire and modern Turkey, volume 1 : Empire of the Gazis : *The Rise and Decline of the Ottoman Empire, 1280 – 1808,* ( Cambridge, 1997 )

92. Shepard Jonathan , *The Cambridge History of the Byzantine Empire c. 500 – 1492,* ( Cambridge 2008 )